**Минуваме на точка 1 – Дополнет предлог на Буџетот на Република Македонија за 2014 година – второ читање.**

Дополнетиот предлог на Буџетот на Република Македонија за 2014 година ви е доставен.

Врз основа на член 180 од Деловникот на Собранието се води претрес по предлогот на Буџетот како по предлог на закон во второ читање, со тоа што е задолжителен општ претрес.

Врз основа на член 180-б од Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот на Собранието претресот по предлогот на Буџетот трае најмногу пет дена.

Го молам министерот за финансии, господинот Зоран Ставрески да го презентира Дополнетиот предлог на Буџетот на Република Македонија.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Зоран Ставрески:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани пратеници, денеска пред вас е дополнетиот предлог на Буџет за 2014 година.

Буџетот е најважниот документ на оваа економска политика, кој што ги потврдува приоритетите и економските политики за следната година. Од таму очекувам и повикувам на една сеопфатна аргументирана расправа по сите прашања што се значајни за животот на граѓаните и да ги дефинираме на најдобар можен начин со цел да постигнеме најголеми ефекти со расположливите средства.

Буџетот за 2014 година е Буџет кој што ќе донесе повисок, подинамичен економски раст и ќе ја задржи социјалната стабилност. Подинамичен економски раст, Буџетот ќе донесе преку реализација на значително повисокиот износ на капитални инвестиции во инфра структурни проекти со кои што ќе се ангажираат домашното градежништво, индустријата и многу други стопански гранки и македонското стопанство и македонските претпријатија ќе си имаат силна поддршка во текот на целата година и на тој начин ќе оствариме заеднички повисок економски раст. За одржувањето на социјалната стабилност пак, ќе биде постигнато преку предвидениот зголемен износ на средства за пензии и социјална помош, за кој што ќе има покачување почнувајќи од мартовската исплата, како и зголемениот износ на субвенции за земјоделството кој што е предвиден на историски највисоко ниво од 140 милиони евра.

Дозволете да се осврнам сега на основните макро економски претпоставки, врз основа на кој што е направен Буџетот за 2014 година.

Македонската економија во 2013 година имаше силно заздравување кое што беше и подобро од очекувањата во првите 9 месеци од годината, остварен е раст на бруто домашниот производ од 3,2%, што е трет најдобар резултат во Европа. Само Турција и Летонија имаат повисок економски раст во овие 9 месеци од Република Македонија, што покажува дека економските политики како и Буџетот за 2013 година беа добро скроени и ги постигнаа најдобрите можни резултати во вакви околности. Иако, Европската економија во добар дел од овие 9 месеци беше во рецесија, а таа е најзначајниот трговски партнер на Република Македонија, сепак врз основа на зголемениот износ на капитални инвестиции од Буџетот навремената и редовна исплата на сите обврски која што се случи во првите месеци од годината, како и при крајот на минатата година, кога целосно државата се раздолжи кон стопанството, редовната исплата на субвенциите, како и реализацијата на сите други реформски политики за кои што се обезбедени средства во Буџетот за 2013 година, помогна македонската економија да оствари добри резултати, да имаме успешна економска година. Главните столбови на економскиот раст во првите 9 месеци од годината беа секако капиталните инвестиции од Буџетот, односно реализацијата на голем број на инфраструктурни проекти и,

Второ високиот износ на странски инвестиции, извозот на компаниите кои што работат во слободните економски зони кои што веќе придонесуваат со над 20% во извозот на стоки од Република Македонија.

Како што може да претпоставите и двете овие компоненти, генераторите на економскиот раст, а тоа се капиталните инвестиции и странските директни инвестиции и извозот, не се случајно остварени. Тие се резултат на политиките на Владата на Република Македонија кои што се преточени и во Буџетот за 2013, но и за претходните години и кои што овозможија во секоја година да се зголемува износот на реализација на капиталните инвестиции, каде што се градат регионални и локални патишта, каде што почна изградбата на автопатот од Демир Капија до Смоквица, каде што се реконструираа и се опремуваа болници, се градеа и се реконструираа училишта, се реализираа спортски објекти, се градеа канализации и водоводи, се градеа објекти за културата и се она што може да ја раздвижи економијата. Сето тоа значеше работа за македонските компании и ангажирање на македонски работници кои што во форма на директни изведувачи или под изведувачи, вклучија и голем број на помали и средни фирми и сето тоа значеше обезбедување на работа за приватниот сектор во Република Македонија. Токму од тие причини, градежништвото во првите 9 месеци оствари раст од 32%, раст што е највисок во Европа, би рекол и нема друга земја во Европа каде што градежништвото во вакви услови на криза на економијата во Европа остварува раст. Тоа е резултат директно на овие политики на Владата на Република Македонија кој што ги подржа владеачкото мнозинство во ова исто Собрание и ги преточи во конкретни локации и во Буџетот за 2013 година.

Вториот генератор на економскиот раст, е тоа се странските директни инвестиции и извозот што се реализира преку компании како што се: Џонсон Мети, Џонсон Контролс, Техно Хозе, Кемет Електроникс, Кронберт и Шуберт, Дрексер Маер, и

многу други, придонесуваат веќе со 20% во македонскиот извоз. Тоа е извонреден резултат кој што покажува дека она за кое што 20 години зборувавме во Република Македонија, а веќе се случува, тоа е се поголем број на глобални компании да се решат да вложат во нашата земја, врз база на подобрени услови за водење на бизнис кој што се потврдени преку 25-то место што го имаме во рамките на Дуинг бизнис извештајот на Светска банка, но и многу други извештаи како и потврдата од стандарден курс и пич, како за кредитниот рејтинг на Република Македонија. Сето тоа покажува дека со добро водење на политиките, но и со реформи во сите области, вклучително значи и регулаторната раформа, подобрувањето на работата на Катастарот, подобрувањето на работата на Централниот регистар, УЈП, Царина и сите други институции, може да се оствари и привлекување на инвестиции, да се раздвижи македонската економија, и да се намали оној технолошки јаз кој што постои помеѓу Македонија и европските земји, бидејќи овие компании во слободните зони, произведуваат производи со висока технолошка вредност, производи кои што веќе доминираат во македонскиот извоз, како што се катализатори и друга опрема и други авто делови за автомобилската индустрија. Тие два генератори на економскиот раст, ќе ги има и во Буџетот за 2014 година, како и во буџетите за следните години и од таму можеме да бидеме уверени дека како политики и како поддршка за развојот на македонската економија и понатака ќе играат истата улога.

Она што е значајно, во текот на следниот период да продолжат и другите политики што се битни за зголемување на економскиот раст, а тие се повисока кредитна поддршка, за македонското стопанство и за македонските фирми и навремена исплата на сите обврски. Токму тие компоненти на Буџетот за 2014 година даваат уверување дека и за следната година може да сметаме на добри економски резултати.

Имено, капиталните инвестиции во Буџетот за следната година се позиционирани на повисоко ниво во однос на 2013 година, а отварањето на нови призводствени погони како и поголемата кредитна поддршка на македонските фирми преку обезбедената нова кредитна линија од 100 милиони евра со субвенционирана камата од 5,5% преку Европската инвестициска банка, секако ќе влијаат за зголемени подобрени перформанси на македонските претпријатија. Инфлацијата и во текот на 2013 година и во текот на 2014 година ќе остане во рамките на контролираните вредности на ниско ниво од околу 3%, а очекуваме и банкарскиот сектор и понатаму да ја задржи стабилноста со тоа што како што реков, веќе се создадени услови преку помалиот ризик во економијата на Македонија, но и во Европската економија да се зголеми активноста и кредитната поддршка на банките кон македонските фирми.

Сите овие случувања во македонската економија во 2013 година кој што се позитивни и се одразија и на идентичен начин врз пазарот на работна сила. За прв пат, откако се мери стапката на невработеност во нашата земја, а тоа е од 1996 година, невработеноста прво падна под 30%. Онаа психолошка бариера, психолошко ниво од 30% невработеност е срушена и последните податоци што се расположливи од страна на Државниот завод за статистика се дека Македонија има стапка на невработеност од 28,8%. Ако се потсетиме дека пред 6-7 години таа стапка на невработеност беше 38% јасно е дека 10% поени е намалување, односно за 1/3 е намалена стапката на невработеност во нашата земја што е секако сериозно и добро остварување, посебно ако се има предвид дека ова намалување на невработеноста е остварено во услови на криза во европската економија, во услови кога европската економија се наоѓа во рецесија, и во услови кога во речиси сите земји во Европа без исклучок дојде до значително зголемување на невработеноста, дали е тоа конечната цел и конечната да речем, конечниот резултат, секако не е и политиките и проекцијата на Буџетот за следната година и следните години, како и реализација на бројните инвестиции што се предвидени во делот на приватниот сектор, секако ќе овозможат и понатака да продолжи намалувањето на стапката на невработеност која што се уште е на високо ниво, покрај тоа има тренд на подобрување.

Врз основа на ваквата појдовна позиција, односно солидната база и добриот момент во кој што се наоѓа македонската економија во 2013 година, има основа да се предвиди дека во следната година ќе имаме и повисок економски раст. Проекциите на Министерството за финансии, за следната година се дека економскиот раст ќе достигне најмалку 3,2%, мерно преку бруто домашниот производ, а инфлацијата ќе остане на ниски вредности околу 3,3%. Кон тоа треба да се додаде и очекувањето дека ќе започне реализацијата на неколку крупни проекти кои што ќе дадат дополнителен импулс на раздвижувањето на македонската економија, но и фактот дека европската економија конечно излезе од рецесија. Последните резултати во Европа се за третиот квартал, позитивна стапка на раст од 0,2%, пред тоа имаше вториот квартал 0,4%, а за следната година, за земјите од Европската унија за 28-те членки на Европската унија предвидена е стапка на раст од 1,4%, ако во услови кога европската економија имаше нулта стапка на раст или 0,2% Македонија успеа да оствари над 3% раст, секако дека може да очекуваме следната година со 1,4% раст на европската економија дека и македонската економија ќе успее да го оствари растот над 3,2%, кој што верувам дека може и да биде надминат, доколку правилно се реализираат сите политики што се предвидени во Буџетот за следната година.

Дозволете сега, накратко да се осврнам и на главните позиции на Буџетот во 2014 година.

Вкупните приходи на Буџетот за 2014 година се планирани на ниво од 158 милијарди 243 милиони денари, додека расходите се планирани на ниво од 176 милијарди 514 милиони денари. Ваквите проекции резултираат со планирано ниво на буџетски дефицит во износ од 3,5% од бруто домашниот производ. Би сакал тука да се осврнам на нивото на буџетски дефицит и да истакнам дека ваквото ниво на буџетски дефицит како и во текот на претходните години се покажа дека е оптимално дозирано за потребите на македонската економија.

Имено, буџетскиот дефицит во овие години кога се уште приватната потрошувачка заради состојбите во европската економија не е на оптимално ниво и се уште е на пониско ниво на она што е потребно за раст на македонската економија, буџетската потрошувачка е таа што треба да го компензира недостатокот на екстерната побарувачка, односно на извоз на стоки на сите европски пазари и на тој начин да го дополни ефектот од зголемениот извоз од страна на глобалните компании што работат во слободните економски зони. Токму од тие причини, едната функција на буџетот ќе биде да го компензира овој ефект на се уште слаба европска економија и со повисок износ на расходи посебно во делот на капиталните инвестиции да помогне да се постигнат повисоки стапки на економски раст во Македонија од она што би било, доколку би го немале тој поттик, тој фискален поттик. Од друга страна, Република Македонија е една од ретките земји посебно во југоисточна Европа, ми се чини дека сме единствени, што има фискален простор и тоа не е оценка само на Владата, туку е оценка само на Владата, туку е и оценка на ММФ и Светска банка за привремено да го одржи нивото на буџетски дефицит на повисоко ниво, со цел да и помогне на економијата.

Имено, Македонија е ниско задолжена земја, четврта најниско задолжена земја во Европа и преку предвремената отплата на кредитите во добрите економски години, создаде простор во лошите економски години, како што се овие години на европска и светска криза, да може да остварува повисок дефицит, да може да позајмува пари, се разбира умерено и со внимателност за тоа и за кои потреби се позајмуваат тие пари, а да притоа не го надмине нивото на долг што би било ризично за змеја како Република Македонија. Оттаму, со тие две функции, значи од една страна на да даде поддршка на економијата е да се компензира ефектот на светската европска криза или нискиот раст на европската економија за следната година, ако попрецизно зборуваме, а од друга страна да се внимава да се одржи долгот на ниво што е долгорочно одржливо кое што Република Македонија комотно и без поголеми проблеми ќе може да го враќа во иднина, е поставен буџетскиот дефицит, позициониран на 3,5% од бруто домашниот производ.

Приходната страна на Буџетот за 2014 година е конзистентна со економските политики што Владата ги води од 2006 година, а тоа е Република Македонија и натаму да остане земја со најниски даноци во Европа. На приходна страна не е предвидено зголемување на ниту еден данок, на ниту една категорија на данок, и од тие причини веруваме дека македонското стопанство, македонските бизнисмени, може да бидат задоволни од тоа како е поставен Буџетот. На приходна страна за нив не се предвидуваат дополнителни трошоци, не се предвидуваат дополнителни оптоварувања, ниту во форма на даноци, ниту во форма на други давачки кон државата. Во тој дел ќе остане структурата на приходите, таква во која што најголемо учество ќе имаат даночните приходи и социјалните придонеси на кои што паѓаат околу 85% од приходите, а останатите приходи од Буџетот ќе се остварат преку не даночни приходи каде што спаѓаат таксите, концесиите, капиталните приходи, и се разбира приходите по основ на донација.

Расходната страна на Буџетот е таа што ги дефинира пак, политиките на Владата во делот на користење на овие средства што се прибрани на приходната страна. Вкупните расходи во Буџетот за 2014 година, како што реков планирани се на износ од 176 милијарди 514 милиони денари, при што во 2014 година, ќе продолжи тенденцијата на подобрување на структурата на расходната страна на Буџетот. Имено, неколку години наназад веќе е забележлив трендот на зголемување на учеството на капиталните инвестиции во рамките на вкупните расходи за сметка на тековните расходи. Тоа е политика што треба да продолжи и понатаму, бидејќи не може да се направи радикален пресврт на една или две години, но потребно е од година во година, да се создава поголем простор за капитални инвестиции и со предвидениот раст на капиталните расходи за 2014 година, кој што се за 11% повисоки отколку расходите во ребалансот за 2013 година. Вкупното учество на расходите, на капиталните расходи во вкупните расходи ќе биде 12,7% во однос на 11,9% во 2013 година. Значи, повторувам, во структурата на расходите ќе има поместување во насока на зголемување на учеството на капиталните расходи од 11,9 на 12,7% од вкупните расходи и таа тенденција треба да ја продолжиме и понатаму без разлика кој го креира буџетот и на кој начин се поставуваат економските политики. Тековните расходи се планирани да растат со само 3,9% во однос на 2013 година што се должи на две политики. Едната е сите останати тековни расходи ќе се задржат на речиси непроменето во однос на 2013 година. Тоа се стандардните расходи за стоки и услуги за корисниците на буџетски средства, додека овој раст од 3,9% произлегува од предвиденото зголемување на пензиите, платите на вработените во јавниот сектор, социјалните надоместоци и субвенциите во земјоделството. Во однос на платите

политиката за следната година е да има зголемување на платите сразмерно можностите на буџетот и на државата и во тие рамки со прецизни, внимателни пресметки кои што беа направени во Министерството за финансии констатирано е дека може да се реализира планирано покачување на платите од 5% почнувајќи со исплатата на октомвриската плата. би сакал да потенцирам дека ваквото зголемување на платите Република Македонија ќе ја издвои од останатите земји во Европа кои што во овие времиња не само што не ги зголемуваат платите туку ги намалуваат во јавниот сектор. Значи ние смогнавме сили и издвоивме средства се разбира До колку вие пратениците го подржите буџетот за 2014 година да има зголемување на вработените во јавниот сектор, на војската, на полицијата, на здравствените и културните работници, на просветните работници, на социјалните работници, сите други што добиваат средства од буџетот. Во текот на 2014 година како што реков ќе продолжи стрикната контрола на останатите тековни расходи за стоки и услуги. Тие се проектирани на 18 милијарди 661 милион денари и се доволни за редовно и непречено подмирување на сите обврски на буџетските корисници за стоки и услуги, при што се обезбедени средства за финансирање и на претседателските избори и за значително зголемување на здравствените програми.

За социјалните трансфери во буџетот за 2014 година се проектирани средства во износ од 78 милијарди 667 милиони денари при што во рамките на оваа категорија се опфатени мерките на Владата за подобрување на стандардот на пензионерите и корисниците на социјална помош. Имено, повторно врз основа на прецизни пресметки кои што се направени за 2014 година, за приходната страна и за трошоците на живот констатиравме дека можеме да ги зголемиме пензиите и да ја зголемиме социјалната помош и тоа ќе се случи со исплатата на мартовската пензија односно пензијата што ќе се исплати во март, февруарска пензија што ќе се исплати во март, како и социјалната помош ќе се исплати во март. Значи пензиите и социјалната помош почнувајќи од март ќе бидат повисоки за 5% во просек. За исплата на паричен надомест во случај на невработеност, за невработени лица милијарда 752 милиони денари, а за спроведување на активните политики и мерки за вработување 320 милиони денари. За здравствена заштита во буџетот за 2014 година е планиран износ од 22 милијарди и 217 милиони денари што подразбира дека се обезбедени поголеми средства за сите програми на здравствена заштита. Во буџетот за предвидени и средства за редовни навремено исплаќање на основ на правата на социјална заштита на сите ранливи категории на граѓани и како што кажав зголемувањето од 5%. Меѓутоа во буџетот за 2014 година Владата предвиде и нови социјални права односно исплата на средства за нови социјални права. За правото на посебен додаток за самохрани родители на деца со пречки во развојот ќе биде зголемени за 50% при на месечно ниво истото ќе изнесува 6.400 денари.

Во областа на социјална заштита освен постојното право на надомест на плата за скратено работно време поради нега на дете со тешки и најтешки пречки во психичкиот или физичкиот развој и правото на паричен надомест за помош на нега од друго лице, се предвидува и ново законско решение, но со ново право за додаток за глувост како парична помош во износ од 4000 денари месечно за околу 870 потполно глуви лица, додека постојното право на додаток за мобилност во износ од 7 илјади денари месечно е проширено и за лицата со квадриплегија.

Истовремено во буџетот се испланирани средства за подршка на функционирањето на постојните дневни центри на народните кујни како и средства за субвенционирање на трошоците за потрошувачка на енергија на најзагрозените категории на граѓани. Расходите за субвенции за земјоделството исто така во 2014 година ќе бидат зголемени за дополнителни 5 милиони денари со што ќе достигнат историски највисоко ниво за 140 милиони евра. тоа е континуитет во политиките на Владата што беа започнати уште 2006 година во периодот до 2013 година преку 500 милиони веќе беа исплатени на земјоделците во вид на субвенции и со таквата политика и во кризни и во помалку кризни времиња продолживме и понатаму и ќе продолжиме и во 2014 година. зголемениот износ на субвенции сключува и зголемен износ на средства за програмата за рурален развој од која што се обезбедуваат средства за подршка на малите фарми и на индивидуалните земјоделства како и подршка на руралните средини, оние што се најсиромашни каде што ќе се реализираат капитални проекти со помош на програмата на рурален развој. Сите овие претходно спомнати факти покажуваат дека Владата посветува особено внимание на заадржувањето на социјалната стабилност и за подршка на сите ранливи категории на граѓани и тие политики како и во досегашните буџети се целосно вклопени во расходната страна на буџетот за 2014 година. значи освен силната размена на димензија вклучуваме и димензија за социјална стабилност и подршка на ранливите категории на граѓани. Да се осврнам сега на капиталните инвестиции како еден од најзначајните сегменти на расходната страна на буџетот. Во изминатите неколку години капиталните проекти беа тие кои што буквално го спасија македонското стопанство, пред се градежништвото и голем дел од индустријата, овозможија опстанок на стотици мали фирми и средни фирми во Македонија и секако задржување на работните места на илјадници македонски работници. Таквата политика се покажа како неопходна во услови на економска криза, тогаш и кога кризата постепено слабееше таа даде резулати. Македонското градежништво единствено кое во вакви околности остварување

раст, не само раст туку и висок двоцифрени ставки на раст од преку 30% и затоа и во буџетот за 2014 година продолжуваме со овие политики. вкупниот износ на средства што се обезбедени за капитални инвестиции во буџетот за 2014 година изнесува 22 милијарди 377 милиони денари што преставува 11% зголемување во однос на ова година. Би сакал да истакнам дека дополнително на овој износ на капитални инвестиции од буџетот на Република Македонија предвидени се и капитални инвестиции и во буџетот на Јавното претпријатие за патишта кое е веќе издвоено од буџетот на Република Македонија и таму има 9 милијарди и 800 милиони денари за реализација на капитална инвестиции во делот на патната инфраструктура пред се изградбата на двата нови автопати Скопје-Штип и Кичево-Охрид како и изградба на голем број на регионални и локални патишта. Ако се соберат овие две ставки капиталните инвестиции од буџетот и капиталните инвестиции на јавното претпријатие доаѓаме до износ од 525 милиони евра во вид на капитални инвестиции што ќе завршат во македонската економија и ќе дадат силен замаец на економскиот развој во 2014 година кој што ќе биде изразен преку реализацијата на бројни инфраструктурни проекти.

Во делот на патната инфраструктура освен двата нови автопати кои што ќе започнат да се градат во првата половина, односно првиот квартал од 2014 година. значи уште во првиот квартал од 2014 година е предвидено да се започне изградбата на автопатот Скопје-Штип и на автопатот Кичево-Охрид ќе продолжи и ќе се интезивира изградбата на автопатот на Коридорот 10 од Демир Капија до Смоквица и воедно ќе продолжи реализацијата на голем број на регионални и локални патишта што се финансираат средства од Европската банка за обнова и развој и на Светска банка. Во рамките на буџетските средства што се наменето за капитални расходи освен расходите за патната инфраструктура предвидени се и проекти во делот на железничката структура. Ќе продолжи реконструкцијата на пругата на Коридорот 10 која што ќе овозможи забрзан проток на стока и на патници по Коридорот 10, но и ќе започне реализацијата на децениски најавуваниот проект изградба на пругата кон Бугарија. Исто така во првиот квартал од 2014 година изградба на пругата од Куманово до Бељаковце како прва фаза од овој проект. Задолжување во комунална и енергетска инфраструктура во буџетот за проектирани капитални инвестиции во износ од милијарда 375 милиони денари при што е предвидено да се реализира изградбата на националната гасоводна мрежа и изградбата на водоводни и канализициони системи во општините. Финансирањето на овие инфраструкутни проекти освен од буџетот како што знаете ќе биде и со наплата на средствата од рускиот долг, како и користење на средства на Европската инвестициска банка. Со тоа ќе се реализираа водоводи и канализации во речиси сите општини во Република Македонија на што треба да се додаде износот на средства обезбедени за 8 општини од КФ банката. Тоа се Битола, Гевгелија, Гостивар, Кавадарци, Кочани, Неготино, Радовиш и Тетово за кои што е предвидено да се реализираат 253 милиони денари само за овие 8 општини. Преку проектот за подршка на општините од Светска банка исто така ќе продолжи реализацијата на значајни капитални проекти во општините пред се изградба на локални улици, изградба на индустриски зони, реконструкција на училишта, изградба на детски градинки, водоводи и канализации за што во 2014 година се предвидени 613 милиони денари.

Во буџетот на Република Македонија за 2014 година содржан еден од клучните приоритети на Владата, а тоа е подршката на изградбата на слобдните зони, или технолошко индустриските развојни зони. 14 вакви развојни зони се градат во Република Македонија од кои 4 се готови, а останатите се во фаза на градба и нивната изградба ќе продолжи следната година преку издвојување на 505 милиони денари во буџетот за следната година.

За здравствениот сектор освен средствата за здравствените програми предвидени се средства и за капиталните инвестоции во износ од милијарда 920 милиони денари. Клучните проекти овде секако ќе бидат почетокот на градбата на новиот клинички центар во Скопје и новата клиничка билница во Штип и секако до завршрувањето на Клиничката болница во Тетово, како и изградбата на пет центарот во Република Македонија односно во Скопје.

За образванието, детската заштита и спортот капиталните инвестиции ќе достигнат 2 милијарди и 400 милиони денари наменети за изградба и реконструкција на училишта, градинки, спортски сали, студентски домови, универзитети и набавка на современа лабораториска опрема и слично.

Би сакал на крајот да се задржам на финансирањето на буџетскиот дефицит, планираното ниво не дефицит од 3,5% од бруто домашниот производ ќе се финансира преку комбинација на надворешни и домашни извори. Ликвидноста на домашниот банкарски сектор е висока и тоа овозможува со ниска камата, со мали трошоци државата да ги обезбедува финансиските средства што се потребни за финансирање и на буџетскиот дефицит и на проектите кои што се финансираат од буџетот исто како што го прават и сите други држави во Европа, а од друга страна состојбите на пазарот на капитал ќе бидат будно следени и ќе настојуваме во тој сегмент до колку има поволни услови и околности да обезбедиме и надворешно финансирање што ќе помогне во делот на одржување на високо ниво на девизни резерви и стабилна девизна позиција на Република Македонија.

Почитувани пратеници, сметам дека изнесов доволно аргументи, доволно докази дека буџетот за 2014 година е буџет кој што ќе овозможи

динамичен економски развој и ќе ја задржи социјалната стабилност во Република Македонија и секако од тие причина ја заслужува вашата подршка. Благодарам.

**Трајко Вељаноски**: Благодарам.

Врз основа на член 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Народниот правобранител го молам Народниот правобранител да го образложи Предлогот на пресметката на развојот на Дополнетиот предлог на буџетот на Република Македонија наменет на Народниот правобранител.

Го повикувам Народниот правобранител господинот Иџет Мемети да земе збор, повелете.

**Иџет Мемети**: Благодарам почитуван претседател.

Почитувани пратеници, сакам да ве информирам дека Народниот правобранител навреме изготви барање во однос на средствата кои што се потребни за вршење на функцијата Народниот правобранител во Република Македонија. Истото барање го упативме до изготвувачот на буџетот односно Министерството за финансии, секако дека барањето на Народниот правобранител се разликува од ова што вие денеска го разгледувате како Предлог буџет за 2014 година. По изготвување на првиот предлог од страна на Министерството за финансии имавме истакнати разлика било по однос на ставката која се однесува на плати за вработените во институцијата Народен правобранител или ставката во однос на стоки и услуги. Така да, ние успеавме со некои средби што ги реализиравме да најдеме односно да се усогласат нашите предлози односно нашето барање со тоа што предлагачот оцени дека е оптимална потреба за вршење на функцијата на Народниот правобранител. Секако ако некој се праша Институцијата Народен правобранител дали се согласува со ова и дали смета дека има потреба за повеќе средства и посебно што се однесува до промоција на правата и слободите на граѓаните одговорот е сигурно има потреба за многу повеќе средства и посебно од делот на промоција на правата и слободите на граѓаните. Со тоа што го разгледувате во однос на Предлог буџетот за 2014 година ова претставува граница на тоа што значи можност за вршење на функцијата на Народниот правобранител и јас сметам дека со овој буџет кој што понатаму по негово разгледување по предлог успеавме да најдеме некоја средина и сметам дека без некои поголеми потешкотии институцијата Народен правобранител ќе може да ја врши функцијата во склоп на тоа што се бара од Законот за Народниот правобранител. Благодарам.

**Трајко Вељаноски**: Благодарам.

Отворам општ претрес по Дополнетиот предлог на буџетот на Република Македонија за 2014 година - второ читање.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по општиот претрес да се пријават за збор.

Благодарам, заврши пријавувањето. Со оглед нат тоа дека има пријавено поголем број на пратеници за збор молам да се подели листинг на пријавени пратеници за збор.

Прв за збор има господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов**: Почитувани граѓани, колеги пратеници, господине министер,

Еден мој пријател овие денови ми вика Марјан оваа година буџетот ќе биде добар. Му викам зошто? Па вика нема да ве тепаат. Викам ако е тоа критериум дали буџетот е добар само затоа што опозицијата нема да ја тепаат, викам си згрешил. Втора работа што сакам да ја кажам околу Дополнетиот предлог на буџет за 2014 година е тоа што и овој буџет се носи во до крај неразајаснети процедурални услови, бидејќи колеги пратеници на Комисијата финансирање и буџет не заврши амандманската расправа и од вкупно 684 поднесени амандмани, 393 амандмани останаа неразгледани. Триста деведесет и три идеи на колегите пратеници од опозицијата граѓаните не можеа да ги слушнат, а најголем дел од нив се однесуваа на решавање на реални проблеми од комуналната инфраструктура и за изградба на патишта и на улици. Така да симптоматично е, дали овој дополнет предлог на буџет се носи во услови кои што докрај обезбедуваат една демократичност, транспарентност, отвореност во носењето на буџетот за 2014 година, ако се има предвид дека Деловникот кој што ова парламентарно мнозинство го донесе без присуство на опозицијата, имаше за единствена цел да ја заќути опозицијата да не може да дебатира за своите амандмани на Комисијата за финансирање и буџет.

Но, господине министер и овој буџет, како и сите ваши претходни буџети во изминативе седум години е буџет на желби, буџет за предизборно манипулирање и купување гласови на пензионерите, на корисниците на социјална помош и ветување за поголеми плати на администрацијата. Ова е буџет со кој што вие повторно земате од граѓаните и од македонската економија онолку колку што ви треба и колку што сакате да потрошите, а не онолку колку што тие можат реално да придонесат во буџетот. Ова е буџет со кој што почитувани граѓани вие ќе бидете се посиромашни, а власта ќе располага со се повеќе ваши пари и потоа на лажиче ќе ви ги дава преку пензиите и социјалната помош, нормално, обидувајќи се пред изборите да ви каже колку многу се грижи и колку сака да им помага на граѓаните.

Почитувани колеги пратеници, ако го погледнете овој буџет, само со два параметри ќе видите дека од овој буџет граѓаните на Република Македонија не можат да очекуваат ништо. Ќе ви ги прочитам истите. Владата предвидела 2014 година инфлацијата да изнесува 3,3%, од друга страна Владата предвидела во 2014 година бруто платата да се зголеми за 2,4%, знаете што значи

тоа, дека цените ќе растат повеќе од платите, дека граѓаните ќе имаат помалку пари да си ги платат сметките, да си купат храна, да го одржуваат своето семејство и како може господине Ставревски овој буџет да биде буџет разумен и во интерес на граѓаните на Република Македонија. Ова ви е трета година по ред во која што инфлацијата расте повеќе од платите, опаѓа реалната куповна моќ на граѓаните на Република Македонија. Граѓаните од година во година се се посиромашни и живеат потешко и победно.

Вторио показател дека ова е буџет само на желби за што поголемо трошење на пари на Владата е следниот, Владата предвидела во 2014 година дека бруто домашниот производ ќе расте за 3,2%, од друга страна Владата предвидела дека дефицитот ќе изнесува 3,5%, значи и оваа година Владата ќе земе повеќе кредити, отколку што ќе создаде економската економија нова вредност. Господине министер и оваа година ќе потрошите повеќе колку што ќе создаде македонската економија и за жал повторно ќе го наѕидате надворешниот долг на Република Македонија.

Почитувани колеги пратеници, почитувани граѓани, ова се поразителни и грешни политики на Владата на Република Македонија, прикаските од типот дека Владата се грижи за економијата и за граѓаните паѓаат во вода, само со овие два показатели. Сакам да ве прашам господине Ставревски како планирате да го остварите буџетот во 2014 година, кога имате проблем со реализација на Буџетот и во 2013 година. Од податоците кои што се достапни на вашата веб страна, заклучно со 10 месец 2013 година, Буџетот сте го реализирале на приходната страна со 77%. Ако го земеме просекот кој што го остварувате месечно, испаѓа дека оваа година само, каде што растот на БДП ви е повисок од предвидениот на крајот на годината ќе останете покуси за 186 милиони евра. Како ќе ја пополните таа дупка? Повторно со кредит? Само оваа година не можете да го остварите буџетот, а за наредната планирате нови 5% зголемување на приходите. Што мислите од каде ќе бидат тие пари почитувани граѓани, нормално Владата си го има волшебното стапче, тоа е земи кредит помини. Сакам да ве прашам исто така, господините Ставрески дали оваа година ќе ги реализирате капиталните расходи, за кои што толку многу се фалите. Самото заклучно со 10 месец 2013 година, капиталните расходи сте ги реализирале за 65% и тоа само по себе покажува дека она што го зборувате овде пред пратениците и пред граѓаните на Република Македонија е само пропаганда, во стилот да ја прикажете ситуацијата многу добра, но реалноста е сурова. Еве ви не ви стаса буџетот од Собрание до Влада, па Владата ни го врати во Собрание, само сега сте ги намалиле капиталните расходи за 12 милиони денари. Значи сте планирале со Предлогот на буџетот 22.389.000.000, а со Дополнетиот предлог сте ги намалиле за 12 милиони па тоа изнесува 22.377.000.000. Вака ли ќе и помагате на македонската економија уште не е донесен буџетот, сте го вратиле Дополнет предлог, сте ги намалиле капиталните расходи. И знаете кај сте зголемиле, кај платите. Што е поважно сега, да има пари во економијата или вие во министерствата да имате што повеќе пари, да располагате со истите. Затоа почитувани граѓани да немате дилеми, оваа Влада не мисли на вас. Почитувани стопанственици исто така, оваа Влада за жал стопанството го гледа само како една голема каса од која што треба да собере што повеќе пари. Граѓаните ги гледа како даночни обврзници од кои што треба само да зема во буџетот, а кога треба да дава, тоа се дава на мало лажиче како на болен човек, само колку да не умрете, за да може и понатаму да го полните овој голем буџет на Република Македонија. Впрочем оваа Влада е позната и по најлошите економски резултати во изминатите 20 години од република Македонија. Господине Ставревски, вашата Влада за овие седум години ова е осми буџет, потрошила повеќе од било која Влада досега, 19.363.000.000 евра, притоа замислете сте оствариле раст на бруто домашниот производ просечен од бедни 2,5%, расход на индустриското производство ви е толку голем што не може ни да се прочита, 0,17% или не успевате да го достигнете индустриското производство од 2005 година. И ако ова се успешни разултати и ако оваа Влада мисли да ја развива Република Македонија, тогаш очигледно дека треба да имаме промена на економскиот модел. Моделот на Владата досега е добар само за министрите и за владеачката партија. Овој модел значи едноставо богата власт, сиромашни граѓани.

Господине Ставрески, сакам да ве прашам зошто сте предвиделе повеќе 6,5 милиони евра да соберете од казни во 2014 година? Така ли ќе ја релаксирате економијата, што ќе земате повеќе пари од стопанството и од граѓаните. 6,5 милиони евра сакате да земете повеќе од граѓаните на Република Македонија и од стопанството. Се фалите господине Ставрески дека Република Македонија била трета земја по растот на бруто домашниот производ. Знаете која е другата слика на растот на бруто домашниот производ, животниот стандард и куповната моќ. Еве ви ја табелата на Еуростат, Македонија е трета ама од позади по паритетната куповна моќ на граѓаните на Република Македонија. Ние сме најсиромашната земја во Европа, платите и пензиите во Македонија се најниски, како ќе ја споредите политиката која што велите дека сте толку успешни и трети во Европа по растот на БДП, граѓаните да ви се најсиромашни и земаат најниски плати и пензии и да живеат најбедно. Што ќе спротивставите господине Ставревски на оваа табела, немате аргументи, бидејќи времето е навистина многу кратко, сакам да ве прашам една друга работа, за која што сакам денеска отворено да дебатираме.

Сакам господине министре да ве прашам една едноставна работа, која за вас не е тешка. Може ли пред македонската јавност и пред сите нас да кажете колку е јавниот долг на Република

Македонија. Може ли еднаш како пратеници да добиеме одговор колку е јавниот долг на Република Македонија. Ова што вие го објавувате е лажење на јавноста. Долг на Централната влада да се разбереме, не ве прашувам колку Владата ја задолжила Република Македонија, прашувам колку сите министерства, јавни претпријатија, акционерски друштва, ја задолжиле Република Македонија во државна сопственост. Може ли еднаш да ми го кажете тој податок и да престанете да оперирате со тоа дека долгот на Централната влада е умерен и не е во ситуација да биде загрозен кредитниот рејтинг на Република Македонија. Впрочем да ве прашам господине Ставревски, рековте во експозето дека планирате, доколку се поволни условите на пазарот на капитал, не ја исклучувате можноста за емитување на евро обврзница. Сакам да ве прашам, ако сме ние трета најуспешна земја во Европа, колку камата ќе добиете на евро обврзницата, може ли да гарантирате дека ќе биде под 8%? Може да гарантирате, кога ќе емитувате да видиме, еве ја Хрватска зема со 6%, Грција со таков долг зема со 6% таа евро обврзница. Република Македонија вие веројатно си ја чекате златната акција од Светска банка и гаранцијата за да може да емитирате евро обврзница, без тоа Македонија нема под 8%, нема да издаде евро обврзница. И затоа сте предвиделе оваа година 2014 што повеќе пари да земете преку емисијата на државни обврзници, притоа земајќи ги парите од банките и намалувајќи ја можност да се кредитира стопанството.

Господине Ставрески, колеги пратеници, овој буџет за жал е буџет на апатија. Овој буџет најдобро ја покажува безидејноста на Владата на Република Македонија да понуди сериозни реформи, со кои што ќе ја раздвижи економската економија и ќе отвори нови работни места. За она намалување на невработеноста која што зборувавте, ќе спориме во секое време дека се однесува на административно бришење на вработените во Агенцијата за вработување и на иселувањето на младите луѓе од Република Македонија, но вас тоа не ве интересира и затоа вие предвидувате во буџетот, не политики како да ги задржите младите луѓе во Република Македонија, туку политики на кои што играте на сигурно, ветувајќи на пензионерите 5% покажување на пензиите и на корисниците на социјална помош од 5%. Сакам да ве прашам дали мислите дека тоа е доволно? Дали мислите дека Владата е успешна, ако социјалната помош ја покачи за бедни 100 денари или 50 денари. Затоа ако зборуваме за буџетот за 2014 година, останува неминовниот факт дека Република Македонија и граѓаните на Република Македонија 2014 година нема за жал да ја паметат по убаво. И оваа година, наредната веројатно Владата пред избори ќе нуди мед и млеко, ќе гледаме како се ставаат камен темелници, како се исплаќаат субвенции, пензии, но реалноста за жал ќе биде сурова. 2014 година оваа Влада, нашите пари ќе ги троши за себе и за својот луксуз. Оваа Влада не запира со политиките на изградба на административни згради, фасади, споменици, панорамски тркала, фонтани на плоштадот. Оваа Влада не сака да се откаже од рекламите и промоцијата и парите да ги даде на сиромашните граѓани. Оваа Влада и е побитно да даде 12 милиони евра за панорамско тркало, отколку да даде 7,5 милиони евра за стечајните работници. На оваа Влада и е побитно да даде повеќе пари за фонтаната на плоштадот во Скопје, отколку да реши некое комунално прашање во Велес, во Штип, во Битола, во Прилеп.

Господине Ставревски, приоритетите ви се погрешни, политиката ви е погрешна, начинот на кој што ја водите ви е катастрофален, бидејќи само сакате да носите закони со кои што ги зголемувате казните и даноците и земата повеќе пари од граѓаните. За овие седум години колку што сте на власт и колку што креирате буџети, граѓаните на Република Македонија, ниту живеат подобро, ниту имаат повисок животен стандард, ниту може да очекуваат дека вие ќе направите нешто во Македонската економија. Едноставно политиката ја водите во стилот денеска за утре. Вие не сакате да мислите што ќе правите и како ќе ја оставите оваа држава и кога ќе си заминете од власт. Не сакате да се откажете од вашата комоција и не сакате она што е најважно да ослободите претприемачки дух во Македонија. Денеска стопанствениците се уплашени, граѓаните се уплашени, луѓето не сакаат да се борат, затоа што сметаат дека брзо ќе стаса казната и ќе им ја затворите фирмата. И затоа се надевам со реплики, или можеби ќе нема реплики, ќе можеме да дебатираме и за други прашања. Дваесет минути се релативно кратко време, но во секој случај сакам да кажам и овој буџет, е буџет на промашени проекти, буџет кој што не е реален и буџет кој што ќе значи поголема сиромаштија и беда, а поголеми пари и поголемо власт за Владата на Република Македонија и ние немаме намера да го поддржиме овој буџет. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Министерот за финансии има реплика, повелете.

**Зоран Ставревски:** Благодарам господине Николов за вашата дискусија за буџетот, која што доста ме потсети на дискусијата што ја имавте минатата година, во еден дел вие сепак го избегнавте да го кажете тоа дека ќе банкротира државата, како што тврдеа некои други пратеници од СДСМ минатата година, дека ќе има грчко сценарио и слично, но добро е што видовте дека со тој Буџет што помина за 2013 година, не се исполни ни едно од вашите предвидувања и добро што јавноста може да види кој беше во право.

Ако македонската економија оствари трет најдобар резултат во Европа со тој буџет, ги зголемивме пензиите, субвенциите и капиталните инвестиции и стопанството целосно е раздолжено, односно, ги вративме обврските кон стопанството, се надевам ќе повлечеме црта пред

да прејдеме за дискусија за следната година и ќе речете Министерството и Владата беа во право што предложија таков буџет и тој буџет ја направи Македонија да биде подобра од другите.

Второ господине Николов, јас можам да се согласам со вас да критикувате една, две, пет, десет работи, ама вие буквално се исплукавте од она што ние сме го предложиле, како ништо да не чини. Не можам да се согласам со тоа. Можам да се согласам дека и ние грешиме и ние треба нешто да подобриме, можам д се согласам дека невработеноста треба да се намали дополнително, ама не можам со вас да се согласам дека не признавате дека невработеноста ја намаливме во тешки услови кога во Европа расте и дека стартувавме од 38%. Не можам со вас да се согласам дека прескокнавте да ги спомнете, бесплатните учебници на децата, лековите 2.300 лекови што се намалени цените, бесплатно болничко лекување за пензионерите што имаат пониска пензија од просечната, 200 евра за лекување во странство за луѓето што им е потребно тоа, енергетската сиромаштија (се извинувам госпоѓо Шеќеринска ќе имате шанса и вие да се обратите на истото), вработување на социјалците, стипендии за странство (претседателе ако може).

**Трајко Вељаноски:** Колеги ве молам од место да не довикуваме.

**Зоран Ставрески:** Госпоѓо Шеќеринска стрпете се ќе имате шанса.

**Трајко Вељаноски:** Ве молам колеги, повелете министре. Госпоѓо Шеќеринска ве молам.

**Зоран Ставрески:** Можете да се стрпите, ако не можете кажете да одам јас да седнам, јас ќе се стрпам, ќе ве слушам.

**Трајко Вељаноски:** Министре ве молам, јас ќе ја средам работата, повелете.

Ве молам од место да не дофрлате.

**Зоран Ставрески:** Претседателе ако може госпоѓа Шеќеринска да не ми се вметнува во зборењето.

**Трајко Вељаноски:** Министре нема да дофрла, повелете.

**Зоран Ставрески:** Значи можете да ги спомнете барем новите социјални права за кои што јас зборував. Дали се тие за помош на социјалните категории на граѓани. Можевте да спомнете барем заради доблест дека ние донесовме Закон за заштита на стечајните работници и надомест за стечајните работници. Еве вие што не го донесовте тој закон кога толку се грижите за стечајците. Имавте шанса да го донесете, можевте да спомнете дека ние во наше време успеавме да привлечеме 10-ци странски компании што отворија работни места. Колку вие привлековте странски компании што отворија работни места. Можевте да спомнете дека ние градиме социјални станови, колку вие изградивте социјални станови. Можевте да спомнете дека имаме проекти кои што се наменети за младите категории на граѓани за купување на куќа и стан. Дали имаше такви работи порано. Значи таа дебата дека се е лошо мислам дека не е конструктивна дебата и дека не е дебата што од вас би ја очекувал бидејќи вие можете и многу подобро од тоа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Марјанчо Николов има контра реплика, повелете.

**Марјанчо Николов:** Господине Ставревски зборуваме за економски политики. Еве ова е растот на буџетот. Секоја година ви расте, стасавте до фантастични скоро 3 милијарди евра. Еве го растот на БДП. Ако расте буџетот треба да расте и БДП. Видете како се движи. Еве ви го растот на индустријата со вакви високи буџети. Гледајте како е надоле се две години, три години се минус индустриско производство. Еве ви уште една споредба. Растот на платите во Република Македонија и растот на буџетот. Четири години се негативни растот на платите и на личните доходи. Е сега како да ви верувам дека е успешна буџетската политика. Земате повеќе пари, нема раст на индустриско производство, нема раст на куповната моќ, нема раст на БДП, од каде се парите. Од кредити и од казни. Ако е тоа економска политика за идната на Република Македонија на развојот, јас ви кажувам тешко на оваа држава.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Павле Трајанов има збор, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министре. Мислам дека испуштив една извонредна можност за буџетот да расправаме со почеток во 11,00 часот. Сигурно дека на добра иницијатива е да се расправа за еколошките проблеми, некој од пратениците ја злоупотребија сакајќи да поентираат политички, инаку сосема беше извесно дека една таква иницијатива ќе биде поддржана бидејќи се состојбите алармантни и затоа ќе расправаме, но тешко дека можеме денес да најдеме решение да се подобри состојбата, освен ако не се подобрат временските состојби. Почитуван министер слушајќи го вашето експозе како и расправата која што се водеше повеќе од 15 дена во Парламентот, во Комисијата за финансирање на буџетот, за мене е сосема јасно дека преку политиките што се спроведуваат, дека е обезбеден во текот на изминатите години економски раст, практично највисок во нашето опкружување и дека предвидувањето дека ќе продолжи економскиот развој, економскиот раст и наредната година, што е сепак доказ дека вкупните политики што се преземаат се во функција на економски развој на Република Македонија.

Второ кое што сакам да го нагласам е потребата од капитални инвестиции бидејќи тие директно влијаат на позабрзан економски развој и создаваат услови голем број на вработени, голем број на компании, практично да бидат ангажирани и од тоа да остваруваат свои приходи.

Трета работа на која што посебно сакам да се осврнам е потребата да се подготви една посебна програма за отворање на нови работни места, бидејќи тоа е клучно за развојот и што е најважно уште поважно младите луѓе да добијат шанса да останат овде во Република Македонија наместо да бараат излез со заминување во странство. Така да голем број на субвенции во земјоделието, голем дел на средства кои што се издвојуваат за самовработување, за отворање на бизниси, веројатно тоа треба да се преточи во една комплексна програма за отворање на нови работни места бидејќи тоа е битно за развојот на нашата држава. Во оваа насока мислам имаше доста коментари во јавноста околу тоа дека е можно Владата да ја промени даночната политика или даночните стапки и добро е можеби овде да се појасни дека нема да има промена бидејќи тоа е еден од главните предуслови за инвестирање, за инвестиции од странски компании се разбира и од домашни компании. Понатаму сакам да нагласам дека денес се отвори прашањето околу еколошките состојби, можеби долгорочно еден од главните начини како да се надминат овие проблеми, гасификацијата на Република Македонија, и тоа е добро што веќе има некаков договор постигнат со Гас Пром, се надевам дека нема да има повторно враќање назад, бидејќи околу овој проблем повеќе од 20 години се расправаме или имаше дискусии, имаше проблеми дали претпријатието Гама треба да биде приватно, државно, комбинирано и така да изгубивме 20 години околу тоа кој треба да биде доминантен сопственик на ова претпријатие а се на штета на интересите на Република Македонија. Натаму сакам да нагласам дека навистина има над 525 милиони евра предвидени за капитални инвестиции, но сакам да укажам на потребата сите овие инвестиции, сите оние јавни набавки со огромни милионски суми, концесии, продажба на недвижности итн., апелирам да бидат предмет на анализа, на проучување од соодветните органи во државата бидејќи ние се уште се бориме со постоење на организиран криминал, на корупција и мислам дека тоа треба да биде и натаму приоритет, така да онаа војна што се започна против криминалот, корупцијата треба да продолжи со несмален интензитет и во наредниот период. Јас во оваа прилика сакам да посочам на една околу инвестициите. Многу пари се инвестираа во културата, во ископувањето на артефакти итн., ама не можам да прифатам дека нема доволно пари да се обезбеди техничка и физичка заштита на музеите, тоа каде што се чува нашето национално богатство, богатство кое што е пред се поврзано со нашата историја, култура, со нашиот идентитет, ние практично на криминалните структури на тацна да им ги оставиме тие важни работи за нашето постоење. Мислам дека треба да се даде приоритет на инвестиции, на средства кои што се битни за развојот на државата, но се разбира и некаде многу малку инвестиции се битни и ги штитат некои наши национални богатства.

И уште на крајот на предлог буџетот имаше над повеќе од 600 амандмани и јас верувам дека сите тие се оправдани, дека зад тие амандмани постојат потреби на граѓаните, подготвени проекти, но доколку беа прифатени сите тие, за жал само за дел од нив се расправаше, јас верувам дека ни се потребни 10 буџети, не само овој. Така да, многу е тешко е веројатно преку амандманска расправа да се менуваат буџетските ставки или буџетските решенија. Во целина сметам дека буџетот е одраз на реалните приходи и расходите што се проектирани се во функција на подинамичен, постабилен економски развој на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има реплика госпоѓица Тања Томиќ. Повелете.

Се извинувам госпоѓице Тања Томиќ, министерот се пријавил.

Министерот за финансии на Република Македонија, повелете.

**Зоран Ставрески:** Благодарам претседателе, му благодарам на пратеникот Павле Трајанов за укажувањата во однос на буџетот, секако добредојдени се сите сугестии во поглед на тоа како да се креираат одредени политики. Јас би сакал да ви потенцирам и да потврдам дека и понатаму ќе останеме пријателски ориентирани кон приватниот сектор и внимателни ќе бидеме на страна на прибирањето на приходите, да не се оптовари македонското стопанство и во таа насока ќе продолжиме со политиката со пониски давачки, со пониски даноци да обезбедиме нови средства за нови болници, нови училишта, нови патишта итн. Тоа е политиката што ја водиме од 2006 наваму, кога ги намаливме даноците, а од друга страна прибрани се многу повеќе пари отколку што успеваа да соберат нашите политички конкуренти бидејќи е намалена даночната евазија и бидејќи во тој дел фирмите се порелаксирани бидејќи е пониска стапката на данок и немаат причина да работат во сивата економија како што работеа во времето на СДСМ. И во таа насока би потенцирал дека стапката на зафаќање на буџетот во стопанството, односно во БДП од 34% колку што изнесуваше во 2005 година е идентична со стапката од 33,9% во 2014 година. Така да би ја искористил оваа можност и да појаснам дека нема нови зафаќања, напротив со пониски даноци успеваме да обезбедиме повеќе средства во буџетот, а тие повеќе средства ги насочуваме во продуктивни проекти како што се патишта, болници и сето друго, меѓутоа и во проекти што можат да ја подигнат македонската економија во услови на криза и во тој дел ќе настојуваме и понатака со реализацијата на такви проекти да го подобриме животот на граѓаните. Во таа насока ќе гледаме и проектите што вие ги спомнавте бидејќи е значајно да продолжат капиталните проекти, но истовремено да се води сметка и за социјалната стабилност и за поддршка на стандардот на граѓаните преку умерено, онолку колку што може државата во овие околности да си дозволи покачување на

плати, пензии, субвенции и социјална помош. Верувам дека со повисоки стапки на економски раст во иднина ќе успееме да создадеме услови да се отворат работни места и за граѓаните во сите општини во Република Македонија, во Радовиш, во Струмица, во Дебар, во Кичево, во Куманово и секаде каде што можеме да донесе било странски инвеститор, било домашен инвеститор тоа е главната и основна цел на Владата на Република Македонија и натамошно намалување на стапката на невработеност. Благодарам.

**Трајко Велјановски:** Благодарам.

Госпоѓица Тања Томиќ има реплика, повелете.

**Тања Томиќ:** Благодарам.

Колега Трајанов не можам да се сложам со Вас дека овој Буџет како што ни е доставен ја прикажува реалната слика во Република Македонија за начинот на кој што треба да се соберат приходите и да се направат расходите. Посебно ми боде очи делот кој што вели дека во 2014 година само од такси и глоби од граѓаните треба да се наплатат нешто повеќе од 40,000,000,00 евра. Мислам дека е срамно парите кои што така расипнички сме проектирале да ги потрошиме, да бидат собрани на грбот на граѓаните. И тоа да бидеме реални, пред се на оние кои што парче леб вадат од тоа што го работат. Казните и глобите воглавном се наплаќаат од оние мали дуќанчиња од кои што ги ранат своите семејства. Големите фирми кои што се блиски до вас и оние кои што се членови ве поддржуваат не добиваат казна. Она што дополнително ми смета во Буџетот е начинот на кој што е проектирано да се потрошат. Мислам да бидеме реални, дали било кој од нас доколку нема средства да купи учебници и гардероба па и храна за сопствените деца ќе земе кредит за да купи кожна гарнитура или нова кола или скап накит за сопругата. Не, никој од нас не ги троши парите дома така и тоа не го прави ниедно македонско семејство. Така е проектиран овој Буџет. За економски промотори од кои што никако да го видиме ефектот се проектирани 776.000.000,00 денари или 12.000.000,00 евра. Па дајте да видиме барем едно евро странска инвестиција да се слее благодарение на работата на тие економски промотори. Тогаш ќе кажам пак да може да предвидиме 12.000.000,00 евра и така да ги потрошиме парите на граѓаните. За други градежни објекти предвидена е 1.863.660,000,00 во делот на Владата на Република Македонија. Предвидена е ставка од 39.000.000,00 во Министерство за одбрана, предвидена е стапка од 34.000.000,00 и во Министерство за внатрешни работи, 755.000.000,00 за градежни објекти Министерство за финансии, 167.000.000,00 Министерство за транспорт и врски и така натаму и така натаму или вкупно Буџетот за 2014 година предвидува 3.263.360.000,00 денари за нови градежни објекти и 53.000.000,00 евра предвидува Владата за нови градежни објекти во 2014 година. Па кај планирате да ги направите тие градежни објекти. Навистина сметам дека кога веќе се проектира Буџетот треба да го прави тоа Владата на начин како што го проектирала сопствениот Буџет со сопствени приходи а не расипнички да се расфрла со парите на граѓаните.

**Трајко Велјановски:** Благодарам.

Господинот Павле Трајанов има контра реплика, повелете.

**Павле Трајанов:** Еве накусо. Јас го поставив прашањето околу даночната политика, околу даноците. Ниските даноци практично ја намалуваат евалуацијата за избегнувањето на даноците. Меѓутоа сигурно дека има елементи на заострување на казнената политика, тоа е точно тука, но граѓаните треба да бираат дали ќе ги почитуваат прописите, законите или ќе се обидуваат да ги кршат. Тоа сепак треба да процени секој дали ќе ги почитува законите или не. Инаку вие знаете дека учебниците ги спомнавте, се обезбедени бесплатни учебници за тоа не треба да трошат граѓаните веројатно има и дополнителни трошоци освен што се тие учебници што ги дава бесплатно државата, и на крај околу изградбата на објекти, две капитални инвестиции, гасификацијата и двата автопата од Скопје до Штип и Кичево до Охрид се едни од капиталните инвестиции на Република Македонија. Така да мислам се што се гради значи ангажирање на голема работна сила, големи потенцијали и тоа создавање на приходите.

**Трајко Велјановски:** Благодарам.

Господин Николов Марјанчо има реплика. Повелете.

**Николов Марјанчо:** Колега Трајанов Вие веројатно сте еден од ретките пратеници од владеачкото мнозинство кој што ќе говорите за овој Буџет бидејќи претпоставувам ќе дојде време, утре, задутре, сите овие колеги кои што се пријавени од ВМРО-ДПМНЕ може ќе ги заболи главата наеднаш како што беше една ситуација за една друга расправа и ќе се откажат од расправата и затоа би сакал со Вас за неколку работи да дебатирам. Вие велите дека Владата треба да создава работни места и јас се согласувам со Вас, меѓутоа самата Светска банка констатирала дека Македонија создава ниско продуктивни работни места и притоа констатира дека овие нови работни места се или ниско продуктивни или фискално скапи што практички значи дека се финансирани од Буџетот и дека се однесуваат на вработувања во јавната администрација. Ние бевме сведоци на 1600 вработувања преку замислете лотарија во Македонски шуми, па после Владата немајќи концепт што ќе прави со 1600 вработувања ги тормози луѓето и ги малтретира и локалните самоуправи велејќи им дека мора да земат од овие вработени. Дали е тоа фер однос на оваа држава спрема граѓаните на Република Македонија, да прима партиски војници на лотарија на грбот на сите граѓани само за избори, а потоа не знае со тие вработени што да прави. Тоа ли е економска политика на креирање на

работни места. Сакам да ве прашам, за ниски даноци, зошто за компаниите во технолошко индустриските развојни зони не важат даноците. Десет години се ослободени од персонален данок, од данок на добивка, од ДДВ, од царина се ослободени, а сите македонски компании треба да ги плаќаат сите давачки и дополнително, ако на Владата не и се доволни тие давачки што ги плаќаат компаниите од казни, планира зголемување за 6,5 милиони евра за 2014 година. За едни мајка, за едни маќеја. И што мислите кој во ваква ситуација би останал во Република Македонија, 430 илјади граѓани ни заминаа. Последните години се тоа млади луѓе високообразовани кои што заминуваат со цели семејства. Јас знам дека вие во одредени ситуации имате храброст да размислувате и различно од Владата. Ви замерувам само што до крај не се борите во Владата или не гледам за тие ставови. Меѓутоа мора да признаете, оваа економска политика ја руши Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Трајанов Павле има контра реплика, повелете.

**Павле Трајанов:** Благодарам.

Господине Николов, јас кога зборував за потребата за создавање на услови за отворање на нови работни места пред се мислам во реалниот сектор вработување. Така да ја не ја споменав администрацијата. Инаку добро е да има повеќе технолошки развојни зони, добро е да има странски инвестиции, но исто така сум за оние компании домашни кои што ќе отворат нови работни места да добијат поддршка од Буџетот од Владата, половни кредити и други поволности што ќе значи зголемување на вработените во производството, во сужните дејности итн, инаку сигурно дека околу даночната политика зборувавме дека таа сепак мотивира, поттикнува на инвестирање, на нови работни места и тоа е добро, бидејќи едно од клучните елементи за странскиот интерес и промотори економски меѓудругото е главен услов овие рамни даноци, пониски даноци и други по области.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Госпоѓа Мазгаловска Вучетиќ Светлана има реплика, повелете.

**Светлана Мазгаловска Вучетиќ:** Благодарам.

Колега Трајанов, во вашата дискусија рековте, ја испуштивме можност да раправаме навреме или да почнеме навреме со расправата за Буџетот бидејќи одредени пратеници ја злоупотребија својата функција.

Колега Трајанов, околу тоа ја испуштивме можноста да почнеме навреме. Јас само би ви потенцирала дека во нашата држава ништо не почнува навреме дури ни функционерите не доаѓаат на време во овој собраниски дом, пример од 30 до 40 минути се касни минимум со доаѓањето за нивно присуство тука. Без разлика дали се работи за министер или за премиер. А околу тоа ја злоупотребија својата функција не колега Трајанов, го искористија своето деловничко право, а во текот на минатата година имавме можност да видиме како власта ги злоупотреби своите ингеренции и покаже моќ. А тоа значи не користење на деловничко право туку кршење на Уставот и на Деловникот на овој собраниски дом и на Уставот на Република Македонија. И се донесе незаконски буџет за 2013 година, меѓутоа тоа вас изгледа не ви сметаше. Меѓутоа сепак вашата дискусија имаше доста конструктивни елементи. Пример околу тоа дека се исплатија многу субвенции. Да, колега Трајанов, треба да се исплаќаат субвенциите на земјоделците им се потребни. Меѓутоа, на терен не е така, земјоделците го велат следното. Зошто се исплаќаат субвенции само на дел од граѓаните, а на две третини од земјоделците сеуште не им се исплатени субвенциите за 2012 година, а да не зборуваме за 2013. Особено беше интересен делот каде што зборувате за културата, каде што рековте дека се вложува во културата, меѓутоа не се зачувува националното богатство. Да во културата се вложува, меѓутоа во непродуктивни споменици особено внимание се посветува на тоа во другите земји се одделува 1% од БДП за развој на културата, да, меѓутоа за поттикнување и развој на културните центри кои што ќе ги информираат и едуцираат младите во земјата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Трајанов Павле има контра реплика, повелете.

**Павле Трајанов:** Благодарам.

Јас кога реков дека ќе испуштиме можност да расправаме во претпладневните часови за Буџетот бидејќи интересот е голем за Буџетот, за политиките кои што ќе бидат спроведувани во наредната година и исто така сум да се расправа за еколошките проблеми за загаденоста на воздухот и нагласив дека клучно е што, еве ќе имаме гасификација бидејќи тоа е еден од предусловите за намалување на загаденоста. Сум за тоа да се проверат критериумите за увоз на возила само со високи еколошки стандарди да се увезуваат возила во Република Македонија. Се разбира дека има и многу други аспекти за кои што можеме да разговараме и веројатно преку расправата за Буџетот ќе разговараме за еколошките проблеми бидејќи дел од Буџетот веројатно ќе бидат наменети за поддршка на компаниите кои што треба да задоволат одредени стандарди, еколошки стандарди. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Стојановски Благоја има реплика, повелете.

**Благоја Стојановски:** Благодарам.

Господине Трајанов, излегов да ви реплицирам, се пријавив бидејќи еден добар дел од вашето излагање го посветивте на вработувањето на Република Македонија, начините како да се вработува, меѓутоа излегов со цел да ви покажам како оваа Влада во која сте и вие дел лаже, суши

во однос на бројот на вработени и невработени во Република Македонија. И тоа најбезобразно и најбрутално лаже. Ако ги погледнете и ги направите наједноставните математички операции податоците од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и ако ги вкалкулирате и приватниот пензиски фонд ќе видите спрема придонесите кои што ги плаќаат вработените во Република Македонија денеска нема повеќе од 500 илјади вработени. Знаете колку пишува бројка во Државниот завод за статистика, бројка на која што се повикува министерот тука кој што седи, 680 илјади вработени. Кажете ми, или нека каже некој каде останатите 180 илјади вработени ги плаќаат своите придонеси. Лага. Погледнете, направете споредба, висината на придонесите кои што се плаќаат во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување од 2008 година до денес, вкупно едвај е зголемен за 5%. Тоа го покрива покачувањето односно поголемата маса на плати која што ја даваат во државна администрација во општините и јавните претпријатија и ништо повеќе. Брутално лажат. Нека ви кажат каде е, овие 180 илјада вработени кои што ги кажуваат дека се вработени ги плаќаат своите придонеси. А потоа ќе дискутираме за реални политики. Гледам дека дискутирате, се обидувате да им верувате, се обидувате да му верувате на министерот Ставрески. Ве лаже, суши. Еве нека ви објасни, вие сте коалициони партнери. Прашај те го, нека ви објасни. Наједноставно, каде овие 180 илјади божем вработени ги плаќаат своите вработени. Инаку, едноставно и вие можете оваа операција да ја направите. Просечна нето плата поддржана од Завод за статистика, видете колку вработени има според Државниот завод за статистика израчунајте и притоа вкалкулирајте го и приватниот пензиски фонд, делот каде што идат парите таму, ќе видите дека од 500 илјади вработени еден плус нема кој што е реално вработен во Република Македонија и плаќа редовно придонеси за здравствено и пензиско осигурување. Лажат дека имаат 680 илјада вработени. Ако не е така, нека кажат каде овие 180 илјади вработени ги плаќаат своите придонеси.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Трајанов Павле има контра реплика, повелете.

**Павле Трајанов:** Благодарам.

Господине Стојановски, значи јас сум вака човек кој што во основа ги проверува работите и така не верувам баш на искажан збор, но за секој случај се работи за информации, податоци кои што ги објавуваат државни институции и можат да бидат тие под сомнеж и да се проверуваат, но за секој случај вработеноста или невработеноста е и натаму изразена во Република Македонија и одлично би било кога тој процент на невработени се намалува и некаде ќе дојдеме од 8 до 12% што е европски просек на вработени. Така да јас го иницирав овој проблем околу отворањето на нови работни места или создавање на услови за отворање на нови работни места, тоа е добро и на ова прашање Владата треба и натаму да посветува големо внимание и тука да се насочуваат услови за создавање, подобри услови за отворање на нови работни места. Младите да отвораат свој бизнис, да почнат да работат да создаваат да творат.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Величковски Ивон, повелете.

**Ивон Величковски:** Благодарам претседателе, почитуван министер, почитувани колеги,

Дозволете во оваа расправа по Дополнетиот предлогот на Буџетот за 2014 година да пристапам како на продолжение на Комисиската расправа при утврдувањето на оние малку амандмани кои ги прифативте од над 300-400 што беа предложени и притоа дозволете да укажам дека не случајно поддржа само 6 амандмани на кои што мислев дека е неопходно државна интервенција од поголем обем во смислата на финансирањето затоа што локалните буџети не се во кондиција тоа да го поднесат. Од тие причини не сакав да идам екстезивно во амандмански предлози затоа што во самиот старт за мене е спорна структурата на Буџетот, а особено неговите проекции и премисите на кое го заснова вклучително секако и буџетски проектираниот буџетски дефицит од 5,5% кој и натаму сметам дека е превисок за Република Македонија согласно постојниот степен на развој, постојната стопанска структура и истовремено дозволете да укажам и дека во овие рамки сметам дека сето она што би значело задолжување и натаму сметам дека сето она што значи задолжување над 3% од БДП е превисоко и неодржливо за Република Македонија. Навистина можете да постигнете 3,2% раст како што го предвидувате приближно, впрочем тоа и не се сомневам дека статистиката ќе го покаже. Зошто да не се потсетиме на онаа стара изрека дека постои лага, поголема лага и статистика. Исто така постои она и максима дека статистиката всушност е употреба на точно цифри на погрешни премиси. Но дозволете и да укажам дека овие 2,87 милијарди евра Буџет сепак остваруваат неостварлива желба за Република Македонија односно желба која што ќе ја остварите само со дополнително задолжување и она што би значело приходи од 2,57 милијарди евра по основа на даноци и други давачки, 2,2 милијарди евра од даноци и придонеси кои што планирате притоа да ги соберете. Впрочем, само со новиот закон за регистрирање на готовинските плаќања и слично, вие предвидувате најразлчни казни и глоби дури и за оние кои што и нема да ја понесат фискалната каса 15-тина метри надвор од објектот каде што ќе бидат, дали услужен, угостителски или слично. Тоа се 300-те милиони евра резервоар кој што сега планирате да го пополнувате и тоа замислете во услови на една јас би рекол многу пристојна даночна дисциплина. Ако не се лажам дури и Управата за јавни приходи се пофали дека во оценуваниот период околу 94% е реализацијата на ДДВ-то, впрочем ако не се

лажам тоа е доста добра реализација и ова ако можеме да го наречеме 6% потфрлување укажува дека резервоарот од 38 милиони евра само по основи на глоби и тужби, а ќе мора да биде и повеќе нели тука и судски такси да ги ставиме, зборува дека доаѓаме до една многу интересна бројка од 80-тина милиони евра. Дозволете натаму да укажам дека во однос на платите вие поставувате еден исто така многу интересен и зголемувањето на платите особено на платите во администрацијата, поставувате еден многу интересен, но повторно ќе кажам неодржлив концепт во кој што низ линеарното зголемување од 5% останува, јас би рекол жестоко неправедната распределба, во која оној кој што прима плата да речеме 9 илјади денари ќе има после 5% зголемување плата од околу 9500 денари. А оној кој што има да речеме плата од 30 илјади денари, веќе ќе има осетно зголемување на неговата плата која што ќе се движи околу 31.500 до 32.000 денари. Сметајте дека на тој начин оној што има потреба од најмногу добива најмалку, што ќе ја одржи дискрапанцата, но не само дискрапанцата во социјалната поделба, туку и дискрапанцата во задоволувањето на основните потреби на граѓанинот, што значи дека во тој вкупен обем од 385 милиони евра за плати со ова покачување не ја постигнувате основната цел и таа основна цела ако не се лажам во рамките на Буџетот вие е проектирана на зголемување на личната потрошувачка за 2,2 %. Мислам дека на овој начин бидејќи вработените во јавниот сектор се оние кои што генерираат практично најголемиот дело од вработените, за жал, од нашата економија. Доаѓате во состојбата кога всушност повторно и самото вработување, но и самото зголемување на личната потрошувачка зависи од потрошувачката на вработените во јавниот сектор, што со ова неправедна можеби правилна но не праведна распределба на покачувањето нема да го даде очекуваниот ефект. И лично мислам дека зголемувањето од 2,2% на личната потрошувачка нема да ви биде остварена. Исто така потсетувам дека ова е во услови на ниска инфлација кои и самите ја дефинирате како одржување на нискиот процент на инфлација која ја предвидувате на околу 3,2%, јас мислам дека можеме дури да ја калкулираме до 4%. Зошто ова го велам? Од едноставна причина што на овој начин ја одржувате ниската конкурентност, повторно ќе кажам, на домашното производство. Можеби овде постојат многу табуа, едно од тие табуа секогаш е фиксниот или така да го наречеме осцилирачкиот односно флуктирачкиот курс на денарот. Но факт е дека одржувањето на ваков начин и со вакви задолжувања со ваква структура на Буџетот и негова дистрибуција, одржувањето на оваа стабилност, така да ја наречеме, на инфлацијата значи само одржување на статус кво ситуацијата. Тоа значи дека ќе остане ниската отвореност на приватниот сектор за генерирање на сила од пазарот на трудот што значи дека ние сепак и овие 3,2% кои што ги зборувате за раст на производството всушност и да ги постигнеме нема да ја постигнеме вистинската цел. На крајот на краиштата, ако одиме во вкупната бројка која што ја предвидувате само досега со платите заедно со 140-те фамозни милиони евра за субвенции за кои ве потсетувам ги давате погрешно, односно ги давате по дејност, а не ги давате по производ не ја поттикнувате конкурентноста на земјоделското производство и ја одржувате скапата храна во Република Македонија. Скапа храна по две основи, еднаш платени субвенции, еднаш платена низ даноци и повторно уште еднаш платена поради берзанските движења кои за волјата на вистината ете во светот вие не ги контролирате, исто како што за волја на вистината парадоксална повторувам дека вие не ја предизвикавте европската должничка криза, ниту светската економска криза, но останува фактот дека сега овој Буџет заедно со овие застоености во него оди на застоеноста на концептот на социјални трансфери кои сега се движат на милијарда двеста и осумдесет милиони евра или плус 70 милиони евра. Кога означуваат дополнително заглавување, закрепостување ако сакате да го употребиме изразот, закрепостување на моментално постоечката социјална стратификација. И тука застануваме во рамите, ако сакате и на проекцијата на движењето во нашето општество во следните неколку години.

На крајот на краиштата зголемувањето на 70-те милиони евра дотации до Фондот за пензиско инвалидско осигурување од Буџетот кој што овде е предвиден означува дека и натаму 1,3 вработен ќе го подржуваат еден пензионер. И знаете дека тоа го зголемува притисокот, тоа практично го надминува и досега историски најголемиот притисок врз Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. И затоа ви беа сите одложувања на намалувањата на стапките на придонеси.

Со сите овие средства кои што овде се дадени, кои што овде се предвидуваат, во делот, значи тука ќе зборувам и пензиите но и вкупните трансфери до социјално ранливите категории, за кој ниту еден впрочем нема да најдете овде кој што ќе биде против. Но ние на крајот остануваме со располагање од помалку 1 милијарда евра, во која сега ќе отидеме натаму и ќе ги калкулираме сите оние таканаречени нови инвестиции. Ако сакате да зборуваме за затвореноста на кругот во кој ниската инфлација ќе ги одржи домашните производи, ценовно не конкурентни на странските пазари, не дефинирањето на суштинските пазари на македонската економија. Пазари кои што ги имаме заборавено, а се овде регионалните, на кои што традиционално сме биле присутни но мала е поддршката за повторно да ги освоиме. Значи дека ние само го затвораме кругот во кој и приватниот сектор си останува врзан за јавниот и корисниците на помош ни остануваат на јавниот избор и капиталните инвестиции остануваат доминантно зависни од јавните извори односно од буџетот и на таков начин вие сега ја создавате основата за нешто што ќе го оштети сега и банкарскиот сектор. А тоа е зголемувањето на краткорочните позајмици од земјата, од 3

милијарди, 590 милиони, во 2013 на 9 милијарди, 840 милиони или скоро три пати зголемување. Искрено речено, мислам дека се согласувам и со еден од претходните договореници, дека долгорочните обврзници во 2013 коректирани на 3 милијарди и 600 милиони, на спроти 5 милијарди и 900 милиони, скоро 6 милијарди во 2014, ќе останат, јас би рекол илузија, но во ред. И да се реализираат како такви, да статистички и теоретски вие го имате просторот, но тоа не значи дека не ја видовте замката и за задолжувањата во странство, во 2013 на скоро 16 милијарди денари, сега не случајно се намалени на 2 милијарди и 330 милиони. Зошто ова, мислам дека ова е единствено на располагање, затоа што единствено банкарскиот сектор мислам во Македонија во моментот ви е на располагање за да можете да ги пуштите, да ги остварите своите побарувања. Како, па јас би рекол многу едноставно. Во услови на слаба, домашна раздвиженост на економијата, во услови на неатрактивност за странско задолжување, ако сакате во услови и на политичка лимитираност задолжување во странство, реално, вас ви останува послендиот извор. Последен извор кој што самиот си признава, согласно Комората на банкариве, самиот си признава дека во основа, пласманите кај физичките лица имаат добра реализација, но пласманите кај домашните компании, имаат и тоа каква проблематична реализација и вели што ако нивните проекти не успеат, а во основа не успешни се нивните проекти. Тоа не можете да го подобрите со минимални зафати и со минимални јас би рекол шминкерски дофрлања или мали минимални убризгувања на средства во микросекторот или пак не задолжувањето во Европската инвестициска банка. Па само денеска знаете колку задоложувања се предвидени? Но, она што мене ме плаши дека последниот стабилен столб во Република Македонија со буџетот за 2014 година, ќе биде сериозно нагризан или поткопан, а тоа е банкарството. Банкиве навистина имаат ликвидност, но тие секогаш повеќе ќе сакаат да си ги пласираат своите средства, ако сакате според мене да ги заглават во државните обврзници или краткорочни благајнички записи, а секогаш помалку ќе бидат подготвени да го финансираат домашното стопанство, кое така ќе остане се по закрепоставено и зависно од јавните инвестиции. А ако сакате да бидам искрен и во обемот на јавните инвестиции не сум воодушевен, бидејќи нивното зголемување, капиталните расходи, кое сега го достигнува процентот од 12% зголемување, мислам дека не е доволно, впрочем, знаете дека вкупниот обем, знаете дека тука правам разлика меѓу капиталните инвестиции и вкупните инвестиции, вкучителни и оние за добра и услуги итн., во земја со профил како Република Македонија, секаде се движи над 21%, во услови на криза и самиот тоа го кажавте во комисиската расправа, тој се движи многу повеќе. Но во просекот во Европа секогаш земји како Словенија, како Чешка, кои одговараат горе долу со популациски, а за жал веќе во структурата на стопанството, далеку сме од тоа да си одговараме, секогаш тие учествувале во тој процес од 21% нагора, до 25% па и повеќе. За тоа мислам дека банките и овој пат ќе се одлучат за онаа варијанта која за нив е поповолна. Но таа варијанта, да ги купуваат записите на државата, секогаш ќе значи помалу средства и за претпријатијата, а за волја на вистината, со лошата состојба со генерирано лошата состојба која ја создавате, на овој начин и граѓаните нема да бидат комплетно во кондиција, да ги сервисираат своите долгови. Впрочем, знаете дека историски, во 2013 година се јави најголемата неможност за наплата на хипотекарните залози кои што граѓаните ги даваат за обезбедување на своите побарувања, односно за обезбедување на своите кредити. Исто како што знаете дека во најголем дел, тие кредити беа земани за решавање на станбениот простор. А кога сме кај станбениот простор, една интересна, јас мислам на времето многу понфезно најавувана кампања, никако да се сетам дека сега ја имате некаде видено или калкулирано во овој буџет. Ви текнува на еден слоган купи куќа купи стан, па нешто државата тука требаше да учествува, па да помогне итн. Или тоа го заборавивме веќе. Исто како што веројатно се заборава и оној фамозен ден на дрвото, но за него на крај ќе зборуваме. Мислам дека по сето ова што го кажав, се плашам дека ако во 2011 укажував на опасноста од она што значеше подјадување на пензискиот фонд, токму низ оние микроскопски, но сепак за жал презначајни стапки на упата на средства за придонеси во пензиското осигурување, дозволете да укажам дека сега, се плашам дека еден од најголемите ризици кој ќе се јави за македонското стопанство ќе бидат скапите пари за домашното стопанство. И можеби во овој момент изгледаа покалиптично и слично, но искрено речено мене не ме плаши толку инфлацијата во Република Македонија, како потенцијалната дефлација. Да ве потсетам и уште една земја од соседството, со многу поголем пазар се соочува со една таква опасност. И искрено речено, мислам дека таа ќе биде потешка на долг рок ако удар врз економијата, структурата нан стопанството и секако стандардот на граѓаните. Но добро. Зборуваме за комплетно различни концепти и од тие причини приметивте дека ги отфрла сите обиди за преправање за тоа кој е жртва, а кој е насилник, ниту сум бил жртва, ниту сум бил насилник, но сметам дека сите во ова Собрание мора да бидат визионери и мора да ги соочат со вас, ако сакате и со мнозинството, опасностите кои што ќе се јават не само со буџетот за 2013 година, не само за буџет од 2014 година, туку и со следниот период. И искрено речено, мислам дека можеби јас не сум најсоодветниот експерт, сигурно има луѓе кои подобро ја познаваат оваа проблематика од мене, но сигурно дека не сум единствениот или првиот што го кажувам. За тоа останува мојот впечаток, дека овој буџет не е подготвен за можните автер шокови на европската должничка криза и светската економска криза. Дозволете, да укажам

дека и ако во рамките на вашето излагање се држевте горе-долу прецизно до потребата од претпазливост во зголемувањето и менаџирањето со јавниот долг, избегнавте да ја цитирате точката 7 на извештајот на Светската банка за Македонија, која особено ја повлече потребата од прудентност во менаџирањето и следното утврдување или следното проектирање на јавниот долг.

На крајот на краиштата, ако зборуваме реално и кога зборувате за инвестициите, зависно од потребите, за капитални расходи, секогаш внимателно ги менаџирате. Па така, кога ќе кажете дека и зголемувањето на градежништвото е околу 32%, не спомнувате дека при тоа имаме задоцнување во исплатата на побарувањата на овие фирми. Истовремено ве потсетувам дека воведувате сега, се спремате да воведете, обновување на задолжницата, но сега задолжително за сите кои ќе пристапат кон договори за услуги или добра над 5 илјади евра. А, вие самите овдека го браневте законот кој во основа требаше да биде добар и кој што зборуваше за финансиска дисциплина, во која роковите за плаќање беа утврдени на многу пократки рокови. Истовремено кога зборувате за странските директни инвестиции, заборавате да признаете дека странските директни инвестиции во Македонија се субвенционирани, особено во делот на платите. Но, особено и во делот на обезбедувањето на инфраструктурата. Придобивки кои домашните инветитори ги немаат. И со овој буџет вие ја одржувате дискрапанцата или еднаквоста на пристапот кон пазарот, сметам дека е тоа така и го продолжувате државниот интервенционизам, ова го сметам ако сакате и од чисто идеолошки причини, затоа што и самите субвенции за кои секаде се борите и ги зборувате, па и овдека ги правите во технолошко индустриските развојни зони. Сите тие субвенции, всушност за граѓанинот од средниот слој и за граѓанинот во градските средини, значат двапати плаќање. Еднаш плаќање на пазарна цена и уште еднаш плаќање низ даночно зафаќање. Тоа е нешто за што ниту еден либерален економист нема да ви се согласи. Добро, можеби ќе речете класичен либерал, но во основа ние сега имаме потреба од мерки кои ќе го намалат притисокот врз животниот стандард на граѓаните, а нема да создадат дополнителна комоција, за јас би рекол политичко административната слика во оваа земја. И за тоа кога зборуваме кон сите овие параметри, само ќе ве потсетам, оние ваши вчерашни бајки, околу тоа дека со вакво темпо на развој ќе ја стигнеме Германија и Франција, кои само што излегле од рецесија, јас ќе ви кажам вака, сликовито. Ако во моментов овде е Франција и Германија, а овде е Македонија, нашите 3% ќе не качат до евде, а 1% на Германија или Франција раст ќе ги качи овде. Мислам дека разликата останува. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитувани граѓани, да не помислите дека некој лоѓо се однесувал сабајлето па, Трајко Вељаноски се налутил, за ваша информација уште од сабајле ја имавме информацијата, од службите, дека ноќеска ќе се работи до 22,00 чсот, со што уште еднаш се дерогира врз Деловникот и со оние цесии, што си ги прави претседателот на Собранието, со паузите кои што се исто спротивно на Деловникот и работното време. Бидејќи нормално никој не ја слуша Владата и денес си дојдоа на работа пратениците. Има дел од пратеници што се тргнати во 6,00 часот сабајле и вечерва ќе се враќаат после 22,00 часот. Апелирам да не се играат и да не се ризикуваат со животите на пратениците менаџментот што ја води оваа држава.

Се сеќавам, сум го зборувал тоа, ќе го напоменам уште еднаш, кога од даночните обврзници на Британија, не носеле кај вест министер, каде што пратениците од ВМРО ДПМНЕ и ДУИ велат дека супер е ова ревизија на буџетот и главната цел на пратениците на ВМРО ДПМНЕ беше да докажат дека, за буџетот може да зборуваат само економисти и на прашањето кога бевме, на претседателот на Комисијата вика што си ти по струка, вика сопствен инжење. Така да и јас како компјутерџија, ќе го гледам буџетот, а ќе зборувам за она што за жал и ако апелираше Ставревски не зборуваше, тоа се бројките.

Инаку минатата година не спречи полицијата, годинава не спречи Деловникот, да го остварувам уставното право за потребите на граѓаните да дебатираме. Дополнително граѓаните на Центар имаат еден хендикеп, немаат пратеник од центар, од ВМРО ДПМНЕ, за разлика од тоа имаат 7 министри од центар, кои што се тазе доселени во центар. Но, нивните барања не се артикулирани и нивните потреби не се артикулирани, затоа што Владата врши дискриминаторска политика на општината што го порази Груевски и Мијалков како шеф на штаб. Но од друга страна ако го погледнете буџетот, Владата направила ни малку ни повеќе туку точно 394 измени, како да прифатила 394 амандмани. Што зборува дека, дали се тоа за вработените од лотаријата, не навлегувам јас во тоа, бидејќи има измени кои што се однесуваат и на транспорт и на машини и на мебел и на плати, на осигурување, на оддржување и на услуги, мебелот неколку пати е зголемен, а капиталните расходи се намалени. Значи 394 измени што зборува дека буџетот бил неподготвен и беше испратен толку рано само за да изврши политички притисок на работата на работната група за измени на Деловникот. И ништо друго. Немаше друга цел и заради тоа имаме неподготвен буџет кој што стигна тогаш како на време.

Како и сите до сега, така и овој буџет е краткорочно ориентиран и има за цел обезбедување на гласови на избори, масовна корупција, нема одговорност кон генерациите после нас, туку има тековни проекти кои што само треба да ги зголемат парите на одредена

фамилија. И се додека имаме нетранспарентност, колку се рекламите, колку се скриените долгови кон фирмите, не може да веруваме без разлика што пишува во овој буџет, бидејќи едно пишува, друго чини. И за тоа, кога светските аналитичари прават анализа на буџетот, отвореноста и транспарентноста на нашиот буџет е најслаба во регионот. Во споредба со Босна и Херцеговина кој има индекс 50, Хрватска 61, Србија 39, Словенија 74, ние сме на последното место за жал 35. Ова не го вели опозицијата, ова го велат светските аналитичари за транспарентноста на буџетот.

Одиме понатаму, или пак како еден еве пратеник што сака да дебатира за буџтот, што сака да си ја заработува платата, не како пратениците од ВМРО ДПМНЕ кои доаѓаат само да си ја земат дневницата, да открие на пример каде во Министерството за здравство пишува дека ќе има реклами. Еве, каде се рекламите кои коштаат од милион и 200 илјади ивра ги пишува во буџетот на Министерството за здравство. Ниту во 2013, ниту во 2014 година. Како да направиме ревизија. Или каде ги пишува парите што ги префрлуваат на Божиновски за рејтинси и за анализи правење, нормално тоа се за партиски потреби, да не мислиме дека е за здравство. Како еден пратеник кој што сака да си ја заработи платата во интерес на граѓаните, треба да зборува или да го анализира буџетот. И за тоа ние имаме нетранспарентен буџет, кој што ништо не може да се прочита. Зошто? Затоа што буџетот е и буџетските пари се предмет на масовна корупција. На пример, да одиме по ред. Вчера на Македонската телевизија Ставревски беше ви кажав цитирам: сакам да зборуваме како и со кои проекти ќе го подобриме животот на граѓаните. На Македонската телевизија, не може да се појави никој од опозиција, како што беше примерот кога се промовира претседателот на СДСМ Заев, кога го промовира враќањето на 15% ДДВ, во МТВ го викнаа Ставревски да го објаснува. Вчера повторно Ставревски ни објаснуваше за тоа дека за кои проекти ќе го подобрат животот на граѓаните, јас сакам да зборувам за тоа. Инаку, нормално зошто македонската телевизија кога ќе предложи нешто СДСМ го вика Ставревски, затоа што надвор од законите во Република Македонија, македонската телевизија на 5 март си нарачала и на 23 март за време на кампања, платила 100 илјади евра, со една понуда на фирма од Босна и Херцеговина, за својата веб страница. Ама, ние имаме обвинител во Македонија, имаме Министерството за внатрешни работи, онака за декор. 100 илјади евра на босанска фирма за беб страница да платите, тоа е масовно крадење, дрско и безобразно. Апелирам еве до Владата и давам предлог, нека го раскине договорот, ние ќе го направиме тоа за 50% поефтино. Граѓаните ќе заштедат 50% помалку од овие 100 илјади евра. За тоа, сакаме ние да зборуваме и за бројки и за проекти. Еве само, 9 проекти од буџетот. Сите од Скопје 2014, тие проекти чинат само по буџетските ставки 261 милион 587 илјади евра. Само. Ама тие не се чинат колку што чинат реално, бидејќи македонското село кога тргна да се прави требаше да чини 3,5 милиони евра, според тврдење на премиерот Груевски, сега, по сметките сите 6,2. И сега што да правиме ние, на кој да се жалиме. Парите граѓаните како да си ги побараат парите назад. И кога го направија со парите на граѓаните од 6,2 милиони евра, сега ќе го дадат македонското село на концесија на своја фирма. Или пак економската промоција, само по буџетот и ако кошта тоа многу повеќе ќе се сложите 71 милион 361 илјада евро за 6 години буџет. Ефектите, за ефектите ќе зборувам понатаму.

И сега, за тоа ние, најмногу ние од опозицијата, сакаме да зборуваме за бројки и проекти. Прашавме еднаш колку е јавниот долг на државата? Вчера го читаме претседателот на здружението на банките вика, само кон домашните банки Владата должи 1 милијарда евра. Другите? Не знаеме. Трикот што Европската комисија го наведува, Ставревски денеска ги брои капиталните расходи на патишта, ама долгот и задолжувањето на патишта, не ги брои.

Тие влегуваат како инвестиција, ама како долг тоа не се брои и затоа не знаеме колку се должи на компаниите и тоа не знаеме во овој момент, колку има администрација, па Европската комисија не може да го добие тој податок, не граѓаните на Република Македонија или пак опозицијата, или колку граѓаните на Македонија ги чинат ролд шоуата? Македонија до сега има два спора, или еден потенцијален, со РВИ е германската енергетска компанија и со Козорциумот Шолц, а премиерот оди во Германија да објаснува да инвестирате во Македонија, па тие ќе се јават во РВИ во Шолц и ќе прашаат дали да инвестираме во Македонија? Управен суд донесе одлука, ама мораше Коце Трајановски да потпише со Дрисла и да ги заврти парите во Дрисла и за почеток да ги инвестира во фудбалскиот клуб Вардар, 1 милион, па после ќе ги доперат, или пак колку чини театарот? Ова е театарот е типична слика за оваа Влада. Ова е театарот на отварањето, а ова е театарот, а ова е театарот другиот ден. Се уште се гради, се уште има вода под објектот што се гради и се уште тече од сите страни, а цената негова, сега за сега 40 милиони евра. Не знаеме до каде сето тоа ќе стигне и затоа граѓаните навистина прашуваат колку сето тоа чини? Колку чинат спомениците, а колку чини кршењето на спомениците? Замислете некој од опозицијата да тргнеше да удира со токмак по некој споменик. Тоа е забрането, ама за ДУИ е дозволено. Зошто? Затоа што Ќерим и Муса Џафери или Мијалков, ги бришат шишињата колку кое собира повеќе евра за да се спремат за претседателските избори и нив им е дозволено со токмак да удрат по парите на граѓаните. Никој не знае кој го поставил Цар Душан, никој не знае колку чини и никој не знае колку е штетата, затоа што ДУИ си играле чекан на вечер. Тоа е сликата за Република Македонија, распад и политички договор, односно корупција. На крај, не знае никој да ни каже колку граѓани се

иселени од Република Македонија, особено колку млади се иселени од Република Македонија, но ајде да зборуваме за проектите. За жал, заради диктаторскиот тоталитарен договор нас не ни беше дозволено да зборуваме за амандманите. Не ни беше дозволено да си ги браниме амандманите за неколку проекти, јас тие ќе ги наведам. На пример, еве бидејќи Ставрески сака да зборува за проекти и јас сакам да зборувам за проекти. Јас што би направил со овие пари. На пример, наместо панорамското тркало, еве која слика да ја земам од 12 милиони евра, замислени, денеска градоначалникот на Скопје поднесува барање за субвенции на Јавното сообраќајно претпријатие од 50 милиони денари, на претпријатие што е во минус да му даде субвенции од 50 милиони денари, но во исто време тоа ќе гради панорамско тркало од 12 милиони евра. Јас мислам дека е подобро наместо 12 милиони за панорамското тркало да се изгради Основното училиште во Центар, градинката во Аеродром, да се реконструира Средното училиште во Ѓорче Петров, Кочо Рацин, и да се изгради инфраструктурата во економската зона Визбегово. Јас сметам дека наместо фасадата од 2,5 милиони евра и катната гаража од 3,5 милиони евра, наместо државата да му ја гради на Тодоровиќ, катната гаража, тие пари да се дадат за гасификацијата на сите средни училишта во Скопје. На тој начин ќе се бориме и против загаденоста. Проектот што го стопира Коце Трајановски, можеше да се заврши, одговорно тврдам во овие 7 месеци, бидејќи гасификацијата може да почне веднаш и сега. Наместо фонтаната, можеа да се направат 36 стана во Шуто Оризари. Наместо златната ограда на мостот можеше да се направи нов Бит Пазар. Наместо зградата на Водовод, со уругвајски мермер и Министерството за транспорт и врски новата зграда, можеше да се направи студентски град и бесплатен превоз на студентите во Скопје. Бидејќи сите знаеме каква руина се студентските домови и како изгледаат студентските домови во Скопје, наместо овие силни реклами можеше да се стават филтрите во објектите во Гази Баба и да се изгради водоводот во Сарај, наместо цела економска промоција со 1/4 можеше да се направи мостот на Маркова река и водоводот во Нерези. Јас би направил со овие пари ова. Вие се определувате да дадете поддршка на овие објекти, бродови, плажи, некој барокни и катни гаражи од кој што никој нема да има ефект. Затоа за жал, на овој диктаторски тоталитарен Деловник нас не ни беше дозволено или не ни беше овозможено до крај да си ги браниме амандманите кои што во проектот го нарековме здраво Скопје, затоа што денеска Скопје е најзагаден град не само заради воздухот за кој што зборувавме утрово, туку заради многу други работи што не се направени и гасификацијата ќе помогнеше и зеленилата ќе помогнеа, за жал тоа не се приоритетите на оваа Влада. Пари има, за жал тие се употребуваат исклучиво или за изборни манипулации или пак за корупција.

Почитувани граѓани, 7 години бараме бројки од оваа Влада, 7 години гледаме само трикови. Ние проектот Скопје 2014 година, или вие нема да го најдете во Буџетот и за следната година, нема да ги најдете трошењата на Министерството за здравство за некрофилски и дебилни реклами од кој што никој не може ништо да научи и да ќари. Децата од една година знаат дека здравјето нема цена. Јас не можам да разберам, хендикепот или односот повеќе од диктаторски кон општина Центар. ВМРО ДПМНЕ изгуби во општина Центар. Зошто граѓаните на Центар треба да бидат казнети, навистина не знам. Реков, 7 министри живеат во општина Центар. Секој ден Иво Ивановски во градинката во која што го носам и јас моето дете оди и тој. Не гледа таму што има? Што треба да апелираме сега, да бараме второто дете премиерот да не го запише во истата градинка каде што одеше, бидејќи таа е велелепна, да ја стави во друга градинка за да и другите деца нормално одат во градинка. Од тоа ли треба да зависи? 10 000 граѓани во општина Центар само во Капиштец не можат да си го остварат своето право да има основно училиште и градинка, зошто? Затоа што се дрзнал некој СДСМ Шиповиќ, Жерновски да го победи Груевски и Мијалков. Која е таа ненародна власт? Која е таа злоба? Која е таа омраза кон граѓаните на Центар, за ова што се прави? Зошто не може ниту една инвестиција да се даде во општина Центар? Од сите 135 како демек сали што ќе се градат секаде има, само нема во, еве во уличиштето Кирил и Методиј кое што последно е и единствено е кое што нема своја спортска сала е најстаро основно училиште во општина Центар, а кој е одговорот. Уништени се зелени површини, барокен бетон од кој што никој нема крај, или нема излез или нема ќар, и масовен притисок кон Советот и кон градоначалникот, за да резултира сето тоа со апсење на претседавачот на општина Центар. Зошто? За да може Валентина да добива хонорар од 2 милиони евра, да добива и да спијат за 1,5 милиони евра во најскапите хотели во Фиренца, за нова фонтана, што ќе е таа нова фонтана во центарот на градот. Јас навистина сакам да зборувам за проектите, како што ќе раче министерот, за проектите во интерес на граѓаните. Кој е интересот на граѓаните, од панорамското тркало? Кој е интересот на граѓаните од новата фонтана? Кој е интересот на граѓаните од бродовите, од врбите? Кој е интересот на граѓаните од сечењето на шумата на Водно? Зошто не се прави во Кисела Вода мостот над Маркова река, туку се сече цело Водно за некој бизнис интерес. Сликата што ја дава прегледот на Централниот регистар за компаниите и работата на компаниите во Македонија, исто зборува за оваа политика на оваа Влада. Погледнете кои се најуспешни фирми со нула и еден вработен, тие што увезуваат електрична енергија. Јавното сообраќајно претпријатие е во минус, ама се наградува. Јавното претпријатие Македонски шуми во однос на претходната година има загуба од 74%, а се наградува со 1500 вработени. Имате неколку партиски фирми на ВМРО ДПМНЕ како

Дивелоп Груп или Миника Оил од Струмица, кои што со 14 вработени и со 4 вработени, прават по 60 милиони евра обрт во една година. Погледнете и прочитајте ги 200-те најуспешни компании во Македонија и ќе ви стане јасно која е политиката на оваа Влада. Фирми што прават по 39 милиони евра приход, пријавуваат нето добивка од 9000 евра, што трошок ќе бие тие да го направат со 4 вработени, или кога зборуваме за еднаквиот третман на инвестициите, Џонсон Мети и Џонсон Контрол од овие 29 милиони евра и од овие 3,5 милиони евра колку данок платиле во оваа држава? Да не испадне после 10 години да заминат па да се чудиме што ќе ни се случува. Затоа и овој Буџет е наменет исклучиво за изборите во март, а после тоа повторно со ребаланс и со заеми ќе се обидуваме да ја крпиме душата онака како што е крпен животот за жал, судбински на овој народ во Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Министерот за финансии има реплика, повелете.

**Зоран Ставрески:** Благодарам претседателе.

Благодарам на пратеникот Макрадули за дискусијата за буџетот со која што во поголем дел не се согласувам, бидејќи е кратко времето во кое што можам да реплицирам, ќе одговорам само за две работи. Едната се однесува на германските инвестиции, германскиот став по однос на одредени прашања. Не можам да се согласам со вас и еве ги аргументите зошто. Вие рековте дека нема да има заинтересирани компании, некаков спор наведувате кој што нема таков спор, барем нема формален спор, не знам за што зборувате, со било која од компаниите што ги спомнавте и прашавте како после тоа на роуд шоуата се промовира Македонија за германски инвестиции, еве вака. Како објаснувате вие дека пред два, три дена германската компанија Маркард потпиша договор за инвестирање во Велес со 500, 600 вработувања. Како објаснувате дека Дрекслер Маер претходно потпиша договор и изгради хала фабричка и вработи 1000 луѓе во Кавадарци и ќе вработи уште 3000. Како објаснувате дека претходно Кромберт и Шуберт направија фабрика во Битола и вработија околу 900, 1000 луѓе и ќе вработат уште 1000, 1500 луѓе. Германските инвестиции доаѓаат за прв пат во овој период во Република Македонија, а не доаѓа во едно друго време, господине Макрадули да ве потсетам кога Ауди сакаше да дојде во Македонија, тогаш го избркаа вашите претходници во СДСМ. Ете тоа е разликата. Немојте да спомнувате работи што не ви одат во прилог. Потсетете се барем како ги бркавте германските инвеститори и колку време беше потребно да ја вратиме довербата. Конечно ја вративме и почнаа да отвараат фабрики во Македонија.

Второ господине Макрадули, вие велите со овие пари би ги земал би направил тоа, со други би ги земал би направил тоа. Добро, тоа е еден легитимен начин на дискусија, но подобар начин на дискусија е ако го направите и тоа и тоа. Еве вие не го градевте Скопје 2014 година. Кој од овие проекти кои што ги спомнавте, училишта, болници, ги направивте или кои патишта ги направивте? Вие не спомнувате дека во времето на оваа Влада освен што се градат проектите од Скопје 2014 година, за кој што вие зборувавте има преку 50 милиони евра инвестиција до сега во Коридорот 10 во автопатот. Не спомнавте дека има инвестиција за набавка на медицинска опрема 2 милијарда денари. Не спомнувате дека има инвестиција за реконструкција и за доградба на јавните здравствени установи. Исто така таа не ја спомнавте 1 милијарда и 700. Не спомнавте дека се изградија рурални амбуланти, не спомнавте дека се гради Пет центарот, не спомнавте дека се опремија со лабаратории институтите и факултетите, не спомнавте дека има инвестиции во спортски објекти.

Не е дискусијата господине Макрадули зошто ова да се прекине, ова да се гради. Ова е време во кое што се градат објекти и патишта и се друго во сите сектори, а имаше едно друго време во кое што не се градеше Скопје 2014, но за жал, не се градеа ни други работи. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Макрадлули Јани има контра реплика, повелете.

**Јани Макрадули:** Повторно не ми одговоривте на ниту едно од поставените прашања.

Во 1997 година кога е случајот со Асиба вие бевте во Народна Банка, а јас бев на факултет. ПоЈма немам што се случувало. Вие не одговарате на сегашните прашања. Што и текна на Германската амбасада да вложи протест одлуката за Дрисла, Управниот вишиот управен суд ја поништува одлуката, Коце си тера по свое, затоа што мора да потпише со италијанската компанија договор. Зошто 89 милиони евра германците најавуваат тужба, германската амбасада, така заради финта, не напротив, со највлијателната ЗЕМЈА во Европа, ние си играме играчки. Од геополитички стратешки значаен е тој однос што ние го имаме кон Германија. Сега Конзорциумот Шолц ќе вложи протес од 89 милиони евра, ние ќе речеме дека е супер. Кажете ми кој е ќарот на граѓаните од панорамското тркало 12 милиони евра од фирма која што е во загуба, тоа кажете го. Тој најгоре кога ќе се сврти на панорамското тркало ќе дише чист воздух па сите ќе се нaредиме цело Скопје и нема друг ќар.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Фазлиу Беким, повелете.

**Беким Фазлиу:** Почитувани граѓани.

Денес говориме за шестиот Буџет по ред на Владата на ВМРО, ДУИ и десеттиот на ДУИ. Шест буџети со ВМРО и четири буџети со СДСМ и сите овие буџети имаат едно нешто заедничко, тоа се буџети што дискриминираат и ги крадат Албанците. Кои се тие што ги ограбуваат и дискриминираат Албанците.

Почитувани граѓани, арамиите што ги ограбуваат Албанците се пратениците и министрите на ДУИ кои што шест години по ред гласаат анти

албански буџети. Со нивниот глас за, за тие буџети овозможуваат ограбување на Албанците, ја газат потта и трудот на Албанците. Шест години по ред ние Албанците сме ограбувани, секој ден од нашите џепови. Не ограбуваат на секаде, на улица, при плаќање на вода, канализација, осветлување, училишта, амбуланти, култура, услуги, цени кои што не застануваат, да не се спомне тука невработеноста која што е гангрена, особено за младината, а нашите арамии талкаат со луксузни возила и ни се фалат со луксузот што ги опкружува и со нивните големи сметки. Воопшто не се засрамуваат, не само што не се засрамуваат, туку се гордеат со кражбите што ги прават и толку инсистираат во таа работа што сакаат таа нивна кражба да ни ја прикажат како чесна работа и наводно за доброто на Албанците. Ова се очекува од група кратци и сервилни потчинети луѓе на Владата, како што се овие од ДУИ и за жал истите одлучуваат за судбината на Албанците.

Како и претходните буџети и во Буџетот за 2014 година, се очекува да имаме раст во следните категории: Се очекува да има раст во организираниот криминал, потоа во корупцијата, во непотизам, во збогатување на функционерите на ДУИ и во овие категории Буџетот гарантира рекорден раст исто како што гарантира раст и од другата страна, односно осиромашувањето на Албанците, пораст на егзодусот на Албанците, пораст на дупките по улиците, зголемување на темнината, зголемување на жедта за вода, зголемување на терор и несигурност или небезбедност на граѓаните. Накратко ова ни се предлага со овој Предлог буџет за 2014 година.

Почитувани граѓани, почитувани Албанци ДПА интервенираше во овој буџет со стотици амандмани со кои што го баравме делот на Албанците. И овие амандмани ги предложивме не затоа што имавме некаква илузија дека заситената власт ќе го слушне гласот на разумот, туку затоа што сакавме и сакаме да им проследиме на Албанците една јасна порака. Излезе на видело лагата што настојуваат да ја прават секој ден овие од ДУИ се разбира преку механизмите што создаваат лажно мнение дека наводно овие прават некоја работа и затоа сме убедени дека е постигната целта затоа што сега веќе секој Албанец знае дека од ДУИ не може да очекува ништо добро само раздор, арамилак и измама. И,

Второ, секој црн час од животот на Албанецот и секоја мака и страдања на кои што се подложени Албанците од страна на ДУИ. Ние сме до нив и нудиме надеж дека многу брзо работите ќе се сменат на добро. Многу брзо на крадењето и на лежењето на ДУИ ќе му дојде крајот и Албанците дефинитивно со ДПА ќе го добијат заслужениот статус во државата, било како нација или како поединци.

Почитувани граѓани, сега веќе преку бројките што ги имаме во буџетот ќе ви објаснам вам и на јавноста дека овие од ДУИ воопшто немаат визија и кога немаат визија тие се привлечени само кон страста кон лично збогатување. Владата во овој Предлог буџет има испланирано да потроши или пак да има расходи за 2014 година во износ од над 2,7 милијарди евра. Над една милијарда евра се пари од потта и трудот на Албанците. Еве го почитувани граѓани Предлог буџетот, граѓани Албанци и сега ги молам и овие од ДУИ да го прелистаме заедно со нив буџетот и да ми покажат еден проект ако го најдат во овој предлог буџет, проект кој што е за доброто и во интерес на Албанците било да се работи за инфраструктурен објект,за улици, патишта, канализација или водовод или пак проект во образованието, или пак проект за градење на некоја фабрика или пак за културата на Албанците. Меѓутоа за жал, во овој Предлог буџет нема и не можете да најдете некој таков проект. Има само неколку симболични проекти кои што се само на хартија и само се повторуваат години со ред откако е ДУИ на власт и ништо друго. Остануваат овие проекти на хартија и никако да се остварат. Немојте да заборавате една милијарда евра пари на Албанците кои се даваат на ДУИ годишно, а ДУИ на Албанците не им враќа ниту еден денар. И почитувани граѓани дали знаете како водат сметка овие од ДУИ за тоа кога се доаѓа до трошење на вашите пари. Еве ќе ви кажам и сето тоа што го спомнувам го имам во овој предлог буџет. ДУИ води сметка за трошење од буџетот за градење на споменикот на цар Душан, за Домот на српските офицери на местото или локацијата на Бурмали џамијата. Тука има пари за градење на црквата на Скопското Кале за градење на крстот во општина Аеродром, за новата фонтана на скопскиот плоштад, не оваа што е со Александар, туку уште една фонтана затоа што не е доволно само едно, за градење на панорамско тркало исто на плоштадот во Скопје. Овие проекти чинат над 15 милиони евра. Еве што прави ДУИ. Во Липково, во Чаир, во Сарај, Тетово, во Гостивар, Дебар, Кичево, Струга се до Битола каде што има Албанци нема вода, нема патишта, нема елементарни услови за живот и за тоа ДУИ воопшто не се грижи, ништо не ги интересира затоа што нема ниту денар за овие проекти. ДУИ води за градење на административни згради или објекти, подземни гаражи на скопскиот плоштад и за други административни објекти. За оваа намена ДУИ распределува една милијарда денари, а за училиштата и градинките во населбите каде што живеат Албанците нула денари. За економска промоција за проектот македонско село, за слободните економски зони во Скопје и Штип стотици милиони денари. За слободната економска зона во Тетово повторно во овој предлог буџет имаме нула денари. За музејот на ВМРО, за стариот велешки театар, за Македонска опера и балет, за Македонска филхармонија 100 милиони евра, за Музејот на албанската азбука 1000 евра. Институтот за културно и духовно наследство на Албанаците добива нула денари, а Тетовскиот театар и тетовската библиотека остануваат и понатаму проекти на хартија. За жал нула денари за Албанците има насекаде, дури и во другите

буџетски ставки, позиции. Вреди да се анализираат во овој предлог буџет и другите позиции што се во однос на Министерството за внатрешни работи. Се трошат стотици милиони денари, а до сега ниту еден расветлен случај од страна на ова Министерство, случаи на тепање на ученици Албанци. И за оваа работа ДУИ воопшто не се интересира, туку се интересира да му додели на ова Министерство 700 милиони денари оваа година дополнителни средства за ова министерство. Ова е можеби затоа што Албанците се сосема на крајот немаат веќе што друго да им се нуди затоа што 6 години по ред на најдив и нечовечки начин се опљачкани од оваа Влада и сега не им останало ништо да им се нуди освен крвта, потта солзите и за тоа имаме зголемување на буџетот што се однесува на Министерството за внатрешни работи. Значи во кратки црти ова е буџетот на ДУИ и ВМРО ДПМНЕ за 2014 година. тоа е џелосно антиалбански буџет. Меѓутоа јас сум убеден дека овие темни дни што ги преживуваат Албанците со ДУИ многу брзо ќе завршат, многу брзо ќе им дојде крајот затоа што сите граѓани од најмалото дете до најстарите граѓани сфатиле дека од ДУИ не можете да очекувате ништо позитивно, туку само штета и раздор.

**Трајко Вељаноски**: Благодарам.

Има збор господинот Стојко Пауновски, повелете.

**Стојко Пауновски**: За да разговараме за буџетот за 2014 година и од она што беше денеска предложено како резиме и предлог од страна на Министерството за финасии можеме да заклучиме дека и оваа година како и претходните години додека е оваа партија на власт и оваа коалиција, секоја година имаме зголемување и на приходите и на расходите. Не знам како власта кога знае дека во 2013 година и она што го зацртале како приходи сеуште го немаат остварено, а верувам дека нема и ни да ги оставарат приходите за наредната 2014 година кажуваат дека ќе остварат и програмираат дека ќе остварат повеќе приходи, а од каде ќе ги остварат кога ништо немаат инвестирано во она што треба да го полни буџетот на Република Македонија. Кога зборуваат што е правено порано, а што они правеле само нека се сетат дека една милијарда и 600 беа буџетите на претходните влади за наредната 2014 година буџетот на Република Македонија и трошоците кои што ќе ги прави оваа Влада за 2014 ќе бидат околу 3 милијарди евра. И, сега ако некој собира дупло повеќе пари од граѓаните, ако собира пари со кои што на граѓаните не им се враќа воопшто ништо сметам дека она што треба да го кажеме дека не да не гласаме против овој буџет, туку треба да бидеме против и да не и дозволиме на Владата така раскалашано да ги троши парите на граѓаните и така непотребно за одредени работи кои што не влегуваат во економскиот развој на државата да ги троши. Сметам дека самиот назив буџетот за 2014 година е развоен буџет воопшто не би се сложил и воопшто не би рекол во 2014 година со ваков програмиран буџет, со ваков предлог на буџет ќе имаме некаков економски развој. Ова повеќе можеме да кажеме дека ќе биде социјален буџет, буџет за опстанок на оваа Влада. Овој буџет ако ги видиме трошоците кои се 176,5 милијарди денари расход во буџетот на Република Македонија за 2014 година, ќе констатирате од самата распределба на средствата дека се работи за буџет само за опстанок на оваа власт. Тој опстанок го прават со рекламирање на се и сешто, трошејќи пари за се и сешто, ама не за економски развој, не за подобрување на животниот стандард на граѓаните. Трошат и програмираат пари 10 милиони евра за административци кои што седат дома. Од друга страна зголемените приходи кои што сакаат да ги остварат буквално знаејчи какво население каква е економската состојба во Република Македонија, каква е состојбата на граѓаните да го полнат буџетот на Република Македонија и понатаму одат со се поголеми и поголеми зафаќања од граѓаните на Република Македонија. Сметам дека оваа Влада, посебно министерот за финансии кој што овде ни предлагаше и каде што во капиталните ги ставаше украсните градби и тоа тоа украсни градби само во Скопје, а за разлика од тоа секоја година имаме ветувања дека ќе се градат патишта, дека ќе се градат автопатишта, магистрални патишта, дека ќе се градат хидроцентрали кои што воопшто во неговото излагање не ги спомна, воопшто не спомена за гасификација во Република Македонија, сето она што беше буквално беше повторно доближување на граѓаните она што сакаат да го чујат, а што за иднината на Република Македонија не е многу добродојдено, а тоа да преживуваат за да можат да опстанат и 2014 година. Во овој буџет нема средства за помош на претпријатијата, видете колкава е само сумата за помош на претпријатијата. Како една држава, како една Влада прилив на средства во буџетот на Република Македонија ако не помага на претпријатијата. Ако зборувам за претпријатијата кои се домашни, бидејќи Владата и Министерството со две раце им помагаат на странските инвеститори, а за жал тие не придонесуваат за да се полни буџетот на нашата држава. Ако зборуваме за образование само на реклами и преку реклами, ако во пракса условите каде што ни учат децата се се полоши и полоши. ако ви кажеме дека секоја година една гимназија Кирил Пејчиновиќ, најстара гимназија во Западна Македонија одете и видете во какви услови средношколците учат, посебно средношколците Македонци во една барака која е направена веднаш по 2002 година за да истата денес се распаѓа, а учениците сеуште во такви услови. Ако зборуваме за земјоделие каде што има само фалби за дадени субвенции без да се инвестира ниту во наводнување, без да се инвестира во организирано производство, без да се инвестира и организира откуп што е најгорлив проблем на секој оној кој што нешто произведува без да се инвестира во финални земјоделски производи кои што ќе го имаат печатот како македонски бренд и

како македонски производ. Тоа им треба на Македонија и тоа им треба на земјоделците бидејќи не само нешто да се произведе, туку треба некој да го откупи, да го реализира и истото ако може биде потпомогнато и да се извезе. Ако оваа Влада се запрашаш и ја прашаш колку тоа оваа наша македонска држава има администрација која што е влезена и која што зема плата од буџетот на Република Македонија. Тоа нема да го добиете ни како пратеничко прашање, ниту пак како одговор на она што се дебати во Собранието. Ако една Влада молчи и заона кога ќе ја прашаш зошто и во наредниот буџет за 2014 година немаме ништо во врска со пописот на населението, пописот на имотот, пописот на она што значи економија и пописот на тоа колку ние имаме во нашата држава луѓе, население кое што моментално живее и создава во нашава држава. И тоа го нема во пописот за 2014 година. Ако оваа Владата ја запрашате и во даде одговор кои се тие претпријатија кои што од Владата примаат помош, повторно Владата ќе молчи и за тоа нема да ви даде одговор. Повторно и тие минимални средства што се за помош на претпријатијата во буџетот за 2014 година, повторно не можеме како што не добивме ниту за 2012 година, ниту за 2013 година, кои се тоа претпријатија кои што добиваат помош од Владата на Република Македонија. Оваа Влада која што троши скоро три милијарди евра наместо да работи на подобрување на животниот стандард на граѓаните, наместо да очекуваме со секоја година животниот стандард овде во Република Македонија да ни биде подобар и подобар, ние им правиме од година во година загорчување на животот на своите граѓани и затоа кога ќе слушнете кои може и како може гледа да побегне од оваа држава. Тоа е жално за оваа Влада која што се пропагира дека е Влада која што сака населението на Република Македонија да се задржи овде и да работат во Република Македонија и овде да ги создаваат и да ги одгледуваат своите семејства. Ако власт која немилосрдно ги троши парите на граѓаните без достоен отчет од сработеното, ако ние секогаш бараме каде Владата ги троши парите на граѓаните и ако за не добиете никаков одговор каде се потрошени, а таму каде што се потрошени ќе видите дека се и 10 пати повеќе потрошени од она што значи проект или проектирано за трошење. Е таква власт не може да биде народна власт и овој буџет не може да биде прифатен дека е за целите на граѓаните на оваа држава, власт која носи безброј закони, меѓутоа сите закони кои што се носат се во интерес и на бизнис интересите само една мал група која што е околу Владата. Затоа не можеме да кажеме дека ваквите закони се во интерес на граѓаните, не можеме да кажеме дека сиет овие закони се во името на граѓаните и се за граѓаните на Република Македонија, власт која недемократски се однесува при носењето на буџетот и се однесуваше при носењето на буџетот за 2013 година, власт која без подршка на опозицијата ги трошеше парите во 2013 година, не можеме да кажеме дека е народна власт. Власт која една година прифаќа амандмани, тие исти амандмани кои што ги вметнале во буџетот на Република Македонија за 2013 година, барањето бидејќи не биле реализирани за 2013 година да бидат како амандмани прифатени за 2014 година оваа власт ги одбива. Излегува дека сето она што ние го кажуваме и бараме преку буџетот на Република Македонија за 2014 година е само зборување и ништо повеќе од тоа. Власт која никаде не ја спомена, сега пред малку да не ме фатите за збор мислам ја спомена технолошко индустриската развојна зона во Тетово која што четири години е само отворена, четири години за таа индустриска зона се кажува дека ќе почне да профункционира таа индустриска зано можеби пари се двојат на лице место немаме ништо и во буџетот за 2014 година за технолошко индустриската развојна зона во Тетово нема ниту еден денар во Буџетот. Она што беа на граѓаните дали кажувања дали реални мислења на истите граѓани од Тетово дека Владата оваа парцела која што оваа 2013 година ја прошири уште за неколку хектари за да бидат 90 хектари, истата изгледа ја има продадено на зелено без да во неа се инвестира било и еден денар од Буџетот на Република Македонија. Е, таква економија и таков развој посебно на Западниот дел на Македонија не да не се слагаат само Албанците од тој регион туку и Македонците, бидејќи се уште таму има Македонци. Се уште има Македонци и Албанци кои што заедно сакаат да работат и во фирмите, заедно сакаат да создаваат за нивните семејства и заедно сакаат дел од Буџетот на Република Македонија да се издвои и за тој регион. За жал ние не можеме да кажеме дека сите овие изминати години имаме видно подобрување на економијата во тој регион, наместо да се отвораат имаме затворање на фирми, наместо да имаме развој на економијат аи вработувања ние имаме само затварања и луѓе кои што бегајќи од Република Македонија, бегајќи од Западниот дел на Република Македонија на оваа Влада им дојде како добредојдено бришејќи ги од Агенцијата за вработување истите да ги кажува дека се вработени и дека ја намалиле невработеноста. Сите амандмани кои што беа поднесени во амандманската расправа, а знаеме дека и најголемиот број и не беа образложени, не беа образложени бидејќи таков Деловник ова Собрание донесе без поддршка на опозицијата. Сите овие амандмани беа за да се развие и да се подобри соживотот меѓу Македонците и Албанците во Западна Македонија. Сите овие проекти беа да им се подобри животот на оние кои што живеат во тие региони. Ние баравме пари за канализации, пари за водоводи, пари за поврзување на патиштата, пари за економски развој на тој регион. За жал во Буџетот на Република Македонија не оние 25% кои што ги бараат пратениците од ДУИ или од ДПА што кажуваат дека 25% од буџетот требало да се инвестира, а ние немаме за четири години 10% од буџетите во Република Македонија видено за инвестиции во тој регион. Како да гласаме за еден буџет во кој што 10% од Предлог буџетот за 2014

се предвидени за капитални инвестиции, од тие капитални инвестиции во Западниот дел на Република Македонија нема ниту една десетина, нема ни 10% пари кои што ќе влезат односно 30 милиони би требало доколку 10% се инвестираат во тој регион. За жал наместо да имаме рамномерен регионален развој, наместо да имаме влада која што ќе успее да направи да секој оној во регионите каде што живее да може тие луѓе кои што ќе инвестираат надвор од Скопје да добиваат бенефиции од Владата, да добиваат посебни даночни олеснувања за да можеме населението да го задржиме на територијата на цела Република Македонија. Вака ние инвестираме и градиме и овде не градиме економски субјекти градиме само нешто што некој можеби во иднина и ќе ни се смее, а можеби и во иднина истите тие објекти за кои што сега фрламе огромни пари во наредниот период можеби нема да вредат ниту еден денар. Затоа додека има време оваа Влада треба да се освести, треба да финансира и надвор од Скопје, треба да инвестира и да потпомага инвестиции не само во економијата туку и во земјоделието и во услугите и во транспортот и во туризмот и во овој регион. Се додека има народ кој што ќе може да работи таму до тогаш се инвестициите профитабилни. Кога ќе го нема народот можеби ќе фрлате десет пати повеќе пари да ги задржите ама никој верувајте кој што не може да опстане во тие региони најлесното му е истото да го продаде и да си замине од тој регион. Јас не знам дали се уште мислите како оној академик во 2001 што мислеше за размената на територии ама потсвесно сметам дека вие на поперфиден начин сакате тоа да го направите економски осиромашувајќи ги граѓаните на Западна Македонија. Сметам дека треба најпосле да се освестите бидејќи кога некој бара поддршка за буџет кога некој бара поддршка да му се помогне во носењето на буџетот сигурно дека со тој буџет треба да видиме сите одредени бенефити. Како да подржиме буџет кој што буџет повторно и наредната 2014 година ќе одвојува средства само за реклами, дали било тоа кампања за семејство, кампања за абортус, кампања за истражија Македонија, сите тие кампањи коштаат пари. Е, тие пари наместо да се инвестираат во такви реклами бидејќи знаеме каква ни е Република Македонија инвестирајте ги во нешто добро, во нешто полезно, во нешто што ќе ви врати десетократно во буџетот било на вашата Влада било на сите наредни влади кои што ќе доаѓаат во Република Македонија. Затоа почитувани колеги не би рекол дека можам да се сложам и со она што Владата го прави за инвестирањето повторно на средства за купување на автобуси за ЈП за да може тоа посредно да прави панорамски тркала. Не можеме да се сложиме со трошењето на пари за граѓани кои што седат дома а кои што работат сосема други работи а кои што се водат како административци тука државата да троши преку 10 милиони евра годишно. Не можеме да се сложиме бидејќи почитувани колеги баравме пари за општина Јегуновце да им обезбедите да има регулација на коритото на Реката Вардар бидејќи џабе се да давате субвенции ако надојде Реката Вардар и сето тоа кое што го работеле им го однесе. Џабе ако во тие населени места не инвестирате за водоводи и канализации, да не доаѓате само за избори да удирате камен темелници за школи за градинки, а сега тие населени места ги заборавивте, да направите нешто за отпадните води во Теарце, да направите нешто за општинма Врапчиште каде што уште на амандманската расправа ви кажав основачот на вашата партија на ВМРО-ДПМНЕ Гојко Јаковлески е од тоа родно место каде што баравме да се инвестира во здрава вода за пиење. Вие ни за тоа немате слух и не ги есапите таквите луѓе. Баравме во Центар Жупа да изградите пат кој што го ветувате повеќе години. Баравме во Дебар и за Дебар да се направат пристапните патишта, да се направи магистралниот пат кој што преку Дебар води до Албанија, да се обезбедат паѓањето на камења и паѓањето на сите оние работи кои што се случуваат и неприлики долж тој пат. Баравме во Брвеница да направите петља а со тоа да им помогнете на граѓаните поблиску да бидат до Автопатот. Баравме во тие населени места во општина Брвеница да изградите канализации, баравме во Тетово да изградите средно училиште гимназија, баравме да направите водоводи, баравме во Гостивар и во Маврово Ростуше да средите она што значи капитални објекти, објекти со кои што граѓаните ќе сватат дека државата мисли за нив и дека државата сака да им помогне да останат и да опстојат на тие простори. Е, тоа е буџет на Република Македонија кој што сите можеме заеднички да го прифатиме и да го гласаме.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Николоска Ленче, повелете.

**Ленче Николоска:** Почитувани граѓани, пред нас е Буџетот на Владата на Груевски за 2014 година во висина од две милијарди и осумстотини седумдесет милиони евра. Имавме прилика да го слушнеме министерот Ставрески во неговото излагање дека во буџетот за 2014 година планираат наводно 140 милиони евра субвенции за земјоделците. Велам наводно бидејќи како стојат работите тие за 2014 година немаат планирано ниту едно евро за земјоделците. Имено со овие пари тие ќе ја исплаќаат 2013 година и дел од 2012 година. Или, да ве потсетам како беше лани ова време овде пред Собранието кога измеќарите на Груевски така наречените лидери на земјоделците ги носеа глумците за да протестираат ако не се донесе буџетот дека нема да има субвенции за земјоделците. Буџетот се донесе знаеме како се донесе буџетот но од 130-те милиони евра за земјоделците нема исплатено ниту едно евро. За да биде трагедијата уште поголема ни 2012 година не е доисплатена иако крајниот законски рок 30 јуни одамна измина. Според наши проценки околу 50 милиони евра се уште им должат на земјоделците. Значи вкупно 180 милиони евра оваа Влада им скрати на

земјоделците и ова историски најголемо доцнење на исплатата на субвенциите. Каде се овие пари. Овие пари почитувани земјоделци се во центарот на Скопје на плоштадот или со ваши пари се изградија неколку споменици, се изгради Триумфалната капија, сега ќе го градат панорамското тркало и театарот со чие отварање неодамна ви се смееја во лице.

Почитувани земјоделци, оваа Влада ви должи многу. Оваа Влада ве понижи со ваши пари. Треба да ви е јасно дека субвенциите се државна мерка а не партиска. Субвенциите не ви ги даваат ниту Ставрески ниту Груевски од џеб. Тие ви следуваат со закон. Агрокомплексот во буџетот на Република Македонија по основ на давачки како придонеси за плати разни даноци што ги плаќаате кон државата учествува со 200 милиони евра. Само од нафтата што ја ставаат земјоделците во тракторите седум милиони евра влегува во буџетот на име на акциза ДДВ. И, наместо овие пари да ги добиваат земјоделците тогаш кога им се најпотребни за да не се задолжуваат по земјоделските аптеки, кај ветеринарните станици или за да можат да купат нова механизација за да почне новата сезона не, тие ги оставија без пари да газат кал до колена во селата каде што живеат а додека тие ги шетаат скапите чевли и бунди на црвениот тепих кој што вие земјоделци им го пославте. Затоа прашувам каде се сега истите тие измечари на  Груевски да го прашаат каде се субвенциите за 2012 година, зошто не ги исплаќа субвенциите за 2013 година, затоа што годинава веќе завршува. За споредба српските земјоделци 90% ги имаат добиено субвенциите за 2013 година, а бугарската влада се обврзала од март да почне исплата на 2014 година. Кога на ова ќе ги додадеме сите бенефиции што ги имаат тамошните земјоделци од зелена нафта, од регрес на семе, ѓубрива и други репро материјали, јасно е зошто нашето производство не е конкурентно. Имено со истиве овие земјоделци и нивните земјоделски производи нашите се среќаваат на исти пазари. Но, иронијата да биде уште поголема наместо да ги добијат субвенциите ние го гледаме директорот на Платежната агенција господинот Тони Димовски како глуми во спотови на Владата скапо платени спотови и им вели како било добро да има некој да им помогне. Само Владата на Груевски  може вака да ги понижи граѓаните на оваа држава. Тие што подолго ја следиме проблематиката во овој дел знаеме дека кога почна посериозна исплата на субвенциите 2007, 2008, па и 2009 година субвенциите за тековната година се исплаќаа до 31 декември. Од 2010 година наваму со постепено доцнење на исплатата на субвенциите и со измена на законот крајниот рок да биде 30 јуни наредната година започна забошутувањето на субвенциите за сега да фали цел еден земјоделски буџет. Ваквото доцнење на парите на земјоделците и една од причините зошто субвенциите немаат развоен ефект, односно иронијата да биде поголема како се зголемуваат субвенциите, така и расте увозот на храна, а површините и производствата опаѓаат. Една споредба. Во 2006 година извозот на прехранбени производи изнесувал 318 милиони евра. Во 2012 година извозот е зголемен за 50% односно достигнал 479 милиони евра, но драстично е зголемен увозот на прехранбени производи. Во 2006 година во државата се увезувало храна за 367 милиони евра, за во 2012 година одливот на девизи од државата да се зголеми за 85% односно достигнува 680 милиони евра. Или дефицитот во 2006 година бил 49 милиони евра, а во 2012 година достигнал 200 милиони евра. Оваа бројка е уште пострашна кога ќе се земе во предвид дека во меѓувреме Владата вели дека има исплатено во агрокомплексот 500 милиони евра, реално кога ќе имате предвид колку парите не стигнале до земјоделците не се повеќе од 300 милиони евра. Ова почитувани граѓани се поразителни факти на кои актуелната Влада поточно министерот за финансии нема одбрана. За да сватиме за каков пад на домашното производство се работи ќе ја покажам само споредбата со производството на пченка. Во 2006 година 3,7 милиони евра сме дале за увоз на пченица. Во меѓувреме со 100 евра од хектар субвенции во 2012 година имаме помало производство за 60 илјади тони или 20 илјади хектари помалку се сеат под пченица. Тоа пак значи во 2012 година за увоз на пченица од државата се одлеале 18,5 милиони евра. Увозот на брашно го следи овој пад на домашното производство уште подраматично. Ако во 2006 година во државата е увезено брашно во вредност од 800 илјади евра лани дури 10 милиони евра се одлеале од државата.

Почитувани граѓани освен тутунопроизводството до годинава сега со катастрофалниот почеток на откупот ќе видиме колку и тука земјоделците ќе се разочараат значи освен тутунопроизводството и делот овоштарството сите други производства можат да се покажат на овој начин и тоа мора сериозно да не загрижи. Некаде имаме проблем. Евидентно е дека субвенциите немаат никаков развоен ефект. Евидентно е нивната злоупотреба поради што свесно Владата не прави анализа да видиме каде и како се трошат овие пари на граѓаните. Наместо на вистинските земјоделци на надзорната расправа покажавме какви се малверзации се прават со овие пари.

Се доделуваат субвенции за насади со ореви што не постојат, се даваат на луѓе блиски на власт огромни површини на земја под концесија потоа таа се пријавува за субвенции, земјата секако не се работи тоа е разработена шема по која се украдоа милиони евра од сите граѓани.

Освен правилната распределба на субвенциите кај вистинските земјоделци за да има развоен ефект субвенциите мора да има оптимален рок на исплата на оваа државна поддршка и тоа согласно производствата. Сточарите субвенциите мора да ги добиваат после жетва кога е најевтина добиточната храна за да можат да купат добиточна храна за добитокот кој што го одгледуваат. Поледелците субвенциите мора да

ги имаат во септември за да можат да се подготват за есенската сеидба. Лозарите и овоштарите парите мора да ги добијат во февруари пред почетокот на новата реколта. Градинарите и оризопроизводителите во март. Тутунопроизводителите по завршување на откупот. Замо навремено добивање на субвенции ќе може да им помогне на земјоделците тие да имаат конкурентно производство. Она што сега се случува е никаква транспарентност во распределбата на субвенциите или освен Ставрески, Груевски и директорот на Платежната агенција Тони Димовски никој друг не знае кога на кого и колку се исплаќаат субвенции. Она што ние го знаеме од терен е поразителна слика пропаѓање на македонскиот аграр и осиромашени понижени земјоделци и исплашени агро бизнисмени кои не смеат да писнат да ја кажат реалната состојба бидејќи веднаш ќе им дојдат инспекции или пак ќе им ги скратат субвенциите. Земјоделците ги доведоа до тоа да речат не сакаме субвенции само да имаме пласман, да имаме поевтина нафта, да има повисоки откупни цени. Овде сакам да им се обратам на земјоделците и да им докажам да не бидат скромни и да не се откажуваат од субвенциите бидејќи тие ниту припаѓаат со закон, тие се државна мерка и субвенции имаат сите земјоделци во земјите од регионот како и во земјите од Европската унија. во Европската унија дури 40% од буџетот се одвојува токму за развој на аграрот. Но земјоделското производство не се само субвенциите. Земјоделството е тежок сектор. Тој мора да се следи, да се прогнозира и да се реагира на време. Земјоделското производство мора да биде стратешка гранка за една сериозна држава. Како прават другите земји? Оние со сериозни влади кои се грижат за домашното производство, прво субвенционираат тоа што увезуваат за да го намалат одливот на девизи и форсираат извозно ориентирани производи за да го зголемат девизниот прилив и секако инвестираат во капитални инвестиции како изградба на ладилници, инвестиции во наводнувањето, поволни кредити за земјоделците, зелена нафта и други мерки кои директно или индиректно им помагаат на земјоделските производители. Што се случува кај нас? И 2014 година според најавениот Буџет не се планира ништо позначајно како инвестиција. Во Буџетот близу 3.000.000.000,00 евра, Владата нема планирано барем 10.000.000,00 евра за субвенционирање на системи за наводнување. Овде велам за субвенционирање а не за враќање на кредитот за хидро системот Злетовица, за кој што толку многу се фали оваа Влада дека одвојува за наводнување. Тоа што сега го најавува Владата се пари кои ќе ги дава за враќање на кредитот за хидро системот Злетовица. Седум години речиси ништо се нема реално инвестирано во системите за наводнување. Затоа таму состојбата ни е очајна, затоа земјоделците и немаат конкурентно производство, од некогашните 120.000 хектари пред неколку години сега вода доаѓа на едвај 20-25.000 хектари кои што се под системот на наводнување. Одамна експертите и агро бизнисмените апелираат да се зголеми производството на пченка како најважна култура за сточарското производство. Ја спомнувам како пример за да покажам што значи кога би имале 10.000 хектари под систем за наводнување. Тоа значи дека ќе може да се произведува пченка која што ќе ги задоволи домашните потреби, со тоа ќе имаме поевтино месо, млеко, јајца. За овие 5-6 години наназад да се издвојуваа пари до сега по 10.000.000,00 евра за системи за наводнување ќе можеше да го овозможиме ова. Или во 3.000.000.000,00 евра да има пари за реклами во кој ќе глуми директорот за Платежната агенција и други непродуктивни проекти а да нема за изградба на ладилници и откупни центри кои ќе им помогнат на земјоделците да не ги уценуваат трговците. Мислам дека оваа Владата во овој дел има постигнато рекорди. Колку само странци имаат најавено дека ќе градат откупни центри. Веќе смешно станува како кој наводен инвеститор ќе дојдеше во Македонија, прво што најавуваше беше изградба на агро берзи или каде и да одеа министрите на тоа шетањата по светот да бараат инвеститори, прво што ќе најавеа беше агро берза. Досега кој не изгради, Литванци, Руси, Турци и Холанѓани. На терен нема ништо од ова. Додуша сега актуелни стануваат краварските фарми и индиските инвестиции, па биле тоа и контраверзни и нереални. Баш ме интересира министерот Ставрески дали знае дали нивата која што му ја заора на Субрата Рој дали ја имаат пријавено за субвенции бидејќи и денеска можеше да се види и сите што патуваат на тој крај можат да приметат дека таму освен трња нема ништо друго. Во меѓувреме, бидејќи немале трактори, позајмени биле тракторите, менаџментот на фирмата на Субрата Рој оделе по селата во околината каде што се наоѓаат површините и ангажирале земјоделци со поголема механизација за да им ги изораат овие површини, изорале околу 800 хектари но немаат пари не ги платиле и тие се откажале. Зборот ми е дека оваа Владата толку ги понижи македонските граѓани особено земјоделците, што е недозволиво и сето ова зборува за една голема несериозност, немање стратегија, немање никаков интерес за земјоделското производство. Најголемиот интерес на оваа Владата е дали ќе има пари, субвенции за пред избори. Толку. Ништо друго не ги интересира. Да се вратам на Буџетот и на отворените прашања меѓу кои најгласно, најважно за земјоделците сите овие 7 години беше дали ќе имаат и бараа да имаат зелена нафта. И за овој Буџет предложивме како опозиција да им се обезбеди на земјоделците зелена нафта, и овде сакам да им докажам поточно да ги информирам земјоделците дека не е точно кога ќе слушнат дека Владата вели дека не може да има поефтина нафта бидејќи нафтата е има цена на светските берзи. Половина од цената на нафтата отпаѓа на акциза и ДДВ што значи дека треба државата да се откаже од овие давачки кои влегуваат во Буџетот и тоа се 7.000.000,00 евра годишно. На

тој начин земјоделците ќе имаат поевтина нафта каква што имаат сите други земјоделци во регионот и барем во тој дел ќе бидеме конкурентни. Почитувани граѓани, проблемите во земјоделството се големи поради погубните земјоделски политики на оваа власт, опасноста од намалување на домашното производство и натаму е голема. Несигурен пласман, ниски откупни цени, скапи репро материјали. Не треба земјоделците да кажуваат колку е лошо. Додуша они сега и немаат каде да кажат колку е лошо со оглед на тоа дека нема медиум со кој тоа би го проследиле и затоа веројатно собранискиот канал е толку гледан кај земјоделците бидејќи само тука можат да слушнат реална ситуација за нивните проблеми. И без да ги прашате колку им е тешко можете само споредбата со бројките односно со цените на основните репро материјали во 2006 година и сега и се ќе ви биде јасно. На пример 3 - 15 во 2006 година било 600.00 денари вреќа сега е 1.600,00. Нафтата била 40,00 денари за литар сега е 70,00 денари литар. Заштитните средства исто така се покачени 70-80%. Дополнително нема земјоделец што не се пожалил на лошиот квалитет. Од друга страна откупната цена на грозјето е иста како 2006, цената на доматите е тука некаде, пченицата исто така. Како тогаш да биде подобро од 2006 година. Овде морам да го спомнам актуелниот откуп на тутун кој што започна катастрофално и тоа што се случува на терен е вистинска кражба на тутунарите, на тутунопроизводителите и сериозно треба оваа Влада да се заложи за нив да не ги остава само на како што ја вели министерот за земјоделство тврдата проценка на откупувачите а тоа значи дека ако е листот втора, меѓу втора и трета класа им ги ценат трета класа. Разликите во цената на класите е голема и затоа да не оставите овие луѓе да бидат толку разочарани и украдени од страна на откупувачите. Ќе завршам со тоа дека ова сето што го наведов доаѓам пак до Буџетот и до државната поддршка, затоа е толку важно оваа поддршка да биде сериозна и навремена. За жал продолжуваат малверзациите, понижувањата на земјоделците со една државна мерка која наместо да биде историски највисока како што ја најавува Ставрески е историски најголем криминал на власта на штета на сите граѓани на оваа држава. Благодарам.

**Трајко Велјановски:** Благодарам.

Господинот Станковиќ Малиша има реплика. Повелете.

**Станковиќ Малиша:** Ви благодарам претседателе.

Колешке Николовска повеќе пати од оваа говорница велевте дека земјоделците се понижувани од страна на оваа Влада а барем неколку пати ги нарековте лидерите на земјоделците дека се измеќари. Кој ги понижува земјоделците во Република Македонија се знае и јавно се гледа од оваа говорница. Никогаш ние не сме ги нарекувале земјоделците измеќари, вие ги нарекувате земјоделците измеќари. Зборувате за скапи чевли и бунди, да не ве асоцира на некого? Скапите чевли и бунди да не се препознавате тука во вашите зборови. Велите дека со 80.000.000.,00 евра се должат а воедно кажувате дека пред секои избори сме ги исплаќале субвенциите, па имавме избори во 2011 и избори во 2013. Ако тогаш сме ги исплатиле субвенциите како по вашата логика сега должиме 180.000.000,00 евра на тие исти земјоделци. Ве молам објаснете ни ја таа весела математика. Како тоа паѓаат површините кои засадени под земјоделски култури кога оној извештај од Европската комисија за кој што толку многу се зборуваше во ова Собрание вели дека земјоделските површини се зголемуваат. Дали овој извештај од Европската комисија за кој што вие тврдите дека е реален во овој дел кога не ви одговара сметате дека е нереален. Кажете јавно. Погледнете ја табелата и ќе видите дека земјоделските површини, засадените земјоделски површини во Република Македонија се зголемуваат. Најголем откуп на пченица бидејќи веќе зборувате за пченицата се изврши оваа година споредбено со сите преостанати години. Ако сакате да знаете кога е извршен најголемиот увоз на пченица во Република Македонија погледнете ги податоците од 2002 и 2003 и таму ќе видите што е огромен увоз на пченица во Република Македонија. Оваа година се откупи најголема количина на пченица во Република Македонија. За разработените шеми како што вие ги нарекувате за доделување на земјоделски површини погледнете ги тие разработени шеми од 2002 до 2006 година кога целата земјоделска површина и најатрактивната се подели на само неколку луѓе. Илјадници и илјадници хектари добија само неколку луѓе благодарение на политиките кои што вие денеска ги поддржувате а кои што толку ревносно од 2006 до 2008 ги намалувавте. Бидејќи се работи за Буџетот на Република Македонија она што треба да го знаат земјоделците и што им е интересно е следното: се зголемуваат субвенциите за 140.000.000,00 евра и тие земјоделците ќе ги добијат. Се продолжува со капитални инвестиции меѓу друго и долго најавуваната оризарска река и браната Коњско. Се зголемуваат средства во програмите за рурален развој кој што ќе значи поддршка на сите оние рурални средини. Така да почитувана колешке Буџетот на Република Македонија е добар а вие само се служите со политички фоскули, навредувајќи ги повторно земјоделците. Ве молам да им се извините. Тоа се граѓани на Република Македонија а не нечии измеќари. Благодарам.

**Трајко Велјановски:** Госпоѓа Николовска Ленче има контра реплика, повелете.

**Николовска Ленче:** Колега Малиша им се извинувам на земјоделците што ги оставив во рацете на измеќарите за кој што зборувам односно така наречените лидери. Ова е тутун втора класа. Сега гледаат земјоделците и знаат што зборам. Смејте се вие, смејте се. Ова е втора класа 185,00 денари му е цената. Им ги ценат четврта класа 50,00 денари. Тоа е жално, тоа е за

плачење на овој мачен народ, а во тие што учествуваат кој што треба да им помогнат е еден од измеќарите се вика Данчо Милевски и тој е претседател на Сојузот на тутунарски здруженија. А во вашите редови да ве потсетам за 2006 кога исто така со тутунарите се боревме за цената и колегата Панче Дамовски слушам дека и него сум го предводела ама тој сега молчи и никаде го нема да излезе и да се бори повторно за тутунарите и за земјоделците. А до вас прашање, колку има субвенции исплатено за 2013 година? Знаете? Ниту едно евро.

**Трајко Вељановски**: Благодарам.

Има збор господинот Ибраимовски Самка. Повелете.

**Ибраимовски Самка**: Благодарам.

Господинот Ставрос така го викаат грците седна тука слушна 5-6 души и не задолжи 150.000.000,00 евра и си замина. Толку беше и си вика си ја завршив јас работата замениче повелете сега вие седнете.

Почитувани колеги и пратеници очекував дека министерот Ставрески кога стана да го брани Буџетот на Република Македонија дека ќе каже нешто за опожарените ромски семејства кои 20-30 куќи се запалени и се останати ни на небо ни на земја очекував дека нешто ќе каже дека од Буџетот покрај тоа задолжување од 150.000.000,00 евра пред еден и пол саат можеше да каже едно 200-300.000,00 евра еве за санација на тие објекти. Меѓутоа и понатака останува Ромите и понатака да живеат во такви трошни куќички и останува да бидат дискриминирани ако ништо друго барем требаше да му одговори на неговиот коалиционен партнер. Излезе тука на подиумот Амди Бајрам и му кажа дај нешто да напрајме пренамена и тоа не го испочитува, барем ако ништо друго да му одговореше да му речеше имаме во предвид ќе биде или нема да биде. Меѓутоа почитувани Роми да знаете за кого сте гласале вие што сте гласале за него и што седи на тоа столче заслужен од тие гласови нека му е на чест и сите Роми ќе го казнат ова година него. Е сега одиме на Буџетот господине заменик министер пошто побегна Ставрос така го викаат грците Ставрески. Буџетот на Република Македонија е Буџет на недоверба. Буџетот на Република Македонија е Буџет на гласови во овој дом а не Буџет на документи и вистински приоритети на граѓаните. Овој Буџет не знае за партиципативно буџетирање, не им дава можност на граѓаните да одредуваат за што ќе се трошат нивните пари, овој Буџет не ги почитува буџетските одредени во сопствениот закон, овој Буџет е спротивен на Законот за буџети. Буџетот треба да биде контрола на државата, на државната потрошувачка и минимизирање на трошоците на задолжувањето. Буџетот мора да даде голем придонес за снажен, стабилен и одржлив развој. Буџетот за граѓаните мора да значи подобрување на нивната живеачка и тоа од година во година. Во Македонија тоа подобрување го нема. Нашите граѓани живеат се посиромашно и посиромашно. Најголем виновник за тоа е Буџетот. Република Македонија е трета држава во Европа во која се живее најлошо. Колку сака нека труби оваа власт дека е поинаку, за жал суровата вистина е таа. Така тоа го потврдуваат секојдневно нашите граѓани. Само оној кој не е со народот не ги гледа неговите маки и страдања може да зборува дека тоа не е така. Граѓаните гледаат спас и надеж во Буџетот на Република Македонија. Околу 35% од она што се создава во државата во една година се префрлува преку Буџетот. Од него се трошат пари за добрата на нас сите. Но дали е така и ако беше така одамна нашите граѓани ќе го почуствуваа тоа. Ништо од тоа, бедата продолжува, несигурна егзистенција е застрашувачка, сиромаштијата наместо да се намалува се зголемува. Со овој Буџет граѓаните се најголеми губитници и за нив нема ставка во Буџетот. Ставките се за министерствата, за министрите и за многубројните институции и агенции. Буџетот е договор со народот, нека за Буџетот одлучуваат сите граѓани на Република Македонија и токму онака како што сите и го полнат. Граѓаните се тие кои го полнат Буџетот и од тука се влече и право да ги одредуваат приоритетите кои ќе бидат финансирани со пари од Буџетот. Граѓаните треба да бидат креатори на Буџетот ама и корисници во најголем обем. За да биде Буџетот социјален тој мора да биде развоен. Но тој не е развоен. И актуелниот и сите министри за финансии секогаш кажуваат дека е токму овој Буџет е развоен. Ќе биде таков ако над 25% до 35% од Буџетот биде наменет за капитални инвестиции за нови работни места. За да биде развоен Буџетот треба да биде и транспарентен. Ако е транспраентен тогаш тој е граѓански, а само ако е граѓански тој е социјален. Ништо од погоре наброеното не е во овој Буџет за 2014 година. Тој не е социјален, не е развоен, не е социјален, не е граѓански, тој е она што го кажав на почетокот Буџет на недоверба. Република Македонија мора да направи сериозни реформи во буџетскиот систем. Министерството за финансии мора да подготвува нов систем и системски закон за буџетскиот систем. И реформирање на буџетскиот систем треба да биде врвен приоритет на ова Влада. Што побрзо треба да влеземе во реформски зафати. Буџетите се од судбоносно значење на Република Македонија. Целите на Буџетот треба да се редефинираат. Буџетските начела на поинаков начин треба да се уредат. Низ добро уредени буџетски процеси од суштествено значење за Република Македонија е да се води мудра буџетска политика. Мора да се изготвува граѓански буџет. Буџетот е за граѓаните, нивните пари се во Буџетот. Мора за Собранието на Република Македонија да се изготвуваат тримесечни а посебно шестмесечни анализи и извештаи за извршување на Буџетот. Материјали за поврзаноста на извршувањето на Буџетот и зголемување на вработеноста, за намалувањето на сиромаштијата, за остварување на пооделни програми и така натаму. Мора пред овој дом да се прецизираат податоци и осврти за јавниот долг надворешен и внатрешен и тоа во видови на

инструменти, каматни стапки и друго. За ова Собрание мора да се прикажат реформите односно трансферите во Република Македонија. Трансферите од кои јавните претпријатија, трансферите од Фондот за пензиско осигурување, и од Фондот за здравствено осигурување и трансферите кон општините. Како се управува со државната помош не смее да биде непознато за ова Собрание, а тоа го немаме. Да се вклучи и пописот на финансиската имовина на државата во документот за Буџет. Тоа го нема. Новиот буџетски систем мора да го третира Буџетот како најодговорен инструмент за раст на економијата. Да се вклучат анализи за осетливоста на Буџетот на големината на бруто домашниот производ, на инфлацијата, на стапката на невработеноста и други завиени параметри и податоци. Нас ни треба буџетски систем по кој Собранието или неговата Комисија за финансирање и буџет преку целата година би бдеела на извршување на буџетот. Новиот буџетски систем треба да обезбеди>

Прво, фискална одржливост, второ, ефикасна локација на средствата, технички оперативни ефикасности, обезбедување на сеопфатни, релевантни и сигурни информации на спроведување на политиките на Владата и петто оправданост и корисност од оданочување на граѓаните на Република Македонија.

Јас сум загледан во иднината на оваа држава, затоа силно извикувам буџетски реформи, буџетски реформи и само буџетски реформи, така ќе има напредок во оваа држава. Каков буџет таква иднина. Тоа не значи дека сум помалку критичен од моите колеги, но укажувам на многу вистини. Никој во оваа држава не зборува за партиципатирното буџетирање, а токму партиципатирното буџетирање дава најголем придонес за да имаме квалитетен буџет. Една реклама на Владата, граѓаните на право место, што вика Вили. Најмногу на право место, треба да бидат токму во буџетот. Ова е нивно вистинско право место. Ние правиме буџет, но граѓаните сме ги заборавиле, токму граѓаните ги донесуваат најдобрите одлуки и како што се вели партиципираат во донесувањето на најдобрите одлуки за трошење на буџетските средства. Парцетивното буџетирање е процес на непосредно демократско учество на граѓаните во одредувањето на приоритетите, рангирани според самите граѓани. Ова им овозможува на граѓаните да учествуваат во финансиското планирање на целата идна година. Со учество на граѓани, се обезбедуваат вистински и правични финансиски политики. Република Македонија има тешки проблеми со отвореноста на буџетот на Република Македонија. Буџетот не смее да е тајна за никого, државната ризница без контрола на граѓаните е бесмислена токму тука постигнавме најслаби резултати во Европа. За 2012 година, Република Македонија е на 68 место од 100 рангирани земји во светот, со индекс со 35 освоени бода од вкупно 100, само една третина од она што треба да бидеме. Во Европа Република Македонија е на последно место според индексот на отвореност на Буџетот, се е кажано. Јас само би додал, затоа сме меѓу трите најсиромашни држави во Европа, транспарентноста на буџетот е најголема слабост на Буџетот на Република Македонија. Транспарентноста на буџетот, како едно од клучните буџетски начела е тесно поврзано со одговорноста на власта и учеството на граѓаните на буџетските процеси. Ова начело носи бенефит и на Владата, но нејзе нешто друго и е поважно, отколку почитувањето на едно буџетско начело. Поголема транспарентност, поголем пристап до странски кредити и пониски трошоци на задолжување. Така се однесуваат одговорни влади, на кои интересите на граѓаните им се на прво место. Владата не ги прифати со пари од буџетот за 2014 година да се изградат социјални станови. Во Шуто Оризари 100 стана, во Прилеп 100 стана, во Битола 60 стана, во Кочани 50 стана, во Струга 40 стана или вкупно 350 стана. Толку фамилии идната година ќе останат без својот топол дом, за нив и нивните деца како и сите останати деца имаат право на своја иднина. Нема ни подготвеност од страна на Владата од околу 5000 станови, што се во државна сопственост, да пренамени за социјални случаи. Но, Владата рече “нане лове роменге“ нема пари за Ромите. ПЕКУРЕФ, фондот за образование на Ромите, Европската Унија дава 80% од средствата, а националните власти 20%. Предложив амандман за издвојување на средства од буџетот за средно образование на Ромите, но не беше прифатен. Исто и тука вели Владата “нане лове роменге“ нема пари за Ромите.

Господине Китановски, вие сте од Кичево, сакам да ви укажам само на една работа, што јас го предложив амандманот за образование, затоа што децата од Кичево, Роми и Македонци, од другата страна на пругата не можат да прејдат тука, одат рано сабајле, бидејќи знаете каква е опасноста, после пругата иде главниот пат за Кичево-Охрид и децата се враќаат во седум навечер, и Ромчиња и Македончиња. Не им е обезбеден превоз, предложив амандман за тоа, но немаше ни време да се види тој амандман. Ова да го земете во предвид, да знаете дека вашите деца од Кичево, Роми и Македонци, кои се од другата страна на пругата, немаат обезбедено превоз до своите училишта, и одат сабајле рано, а се враќаат навечер во седум, а знаете како е на тој автопат, какви жртви можат да настанат. Само едно мое предупредување и проверете го дали е тоа така. Самка зборува со аргументи, никако без аргументи. Ситуацијата на Ромите се влошува, никој нека не се затекнува зад неофицијализирање на практикување на политика на омраза и запоставување. Поинаку кажано, никој не продава евтини политики на голо разбирање и божемско почитување. Ромите во Република Македонија, иако се изјасниле како такви според пописот во 2001 година, се околу 50.000 или 2,6%, од вкупното население, но се верува дека ги има околу 120.000 до 150.000 Роми

во Република Македонија. Во 90% случаи, корисници на социјална заштита, европската популација господине заменик министер, но само 1% од вкупно вработени во Република Македонија се Роми, само 1% се вработени во Република Македонија. Зарем не е жално ова, ако просечната плата во Република Македонија е околу 350 евра, социјалната помош е околу 37 евра, или 2275 денари. Најчесто тоа е многудетно семејство и тоа многудетно семејство живее со 2275 денари месечно. Што да кажеме, човек после овие партии, можеме една филозофска мисла , која е најпогодна, а тоа е, "животот не може да чека, животот не е стрплив како смртта".

Во Република Македонија треба да добиеме уште една одговорност, буџетот треба да е фактор на меѓусебна доверба и сигурност. Секоја политика, па дури и секоја поединечна политика, политичка одлука се одликува во Буџетот на Република Македонија. Таа политика и секоја политичка одлука не смее да биде оттуѓен моќ на поединци над народот. Буџетот на смее да биде усисна пумпа на власта, овде не треба да важи правилото џандар збира се. Буџетската политика, Република Македонија е збир на погрешни политика, голема јавна потрошувачка, хранење на голема администрација, големо учество на држава во економијата, црна дупка формирана од јавните претпријатија и големи политички трошоци. На Република Македонија и се заканува должничка криза, а доколку не признае, благовремено треба да се преземат вистински мерки. Владимир Глигоров предупреди, па вели "ако се падне во должничка криза, тогаш се донесуваат најпогрешни одлуки". Кога министерот за финансии го прашувавме колку е јавниот долг во Република Македонија, тој дава податок за државниот долг на Република Македонија. А знаете ли колкава е разликата помеѓу јавниот и државниот долг? Таа разлика може да биде огромна, ако се води политика на намерно задолжување на пониските нивоа на власта и на ниво на јавни претпријатија, со цел да се покаже дека долгот на државата е низок е во голема грешка. За Република Македонија иако нема сигурни податоци, таа разлика е од 50 до 100%, па сега и понатаму верувајте дека Република Македонија е со низок јавен долг. За податок на буџетскиот дефицит исто со бројките се замаглува вистинската состојба. Во презентираниот текст околу буџетот, се вели дека буџетскиот дефицит би бил поголем, доколку не би била дивидендата на Телеком и средствата од продажбата на државните станови и земјиште. Знаете со тоа што се кажува, дека буџетскиот дефицит е знатно поголем, еве зошто. Ниту по методологијата на Еуростарт на Европската Унија, ниту по методологијата на ММФ, овие износи не го намалуваат буџетскиот дефицит. Сосема здрава логика, ако едно физично лице или една фирма има одреден износ на долг со продажба на дел од имотот со тоа не го намалува долгот. Тоа е само раздолжување на веќе постоечкиот долг. Тие се интервентни мерки, и така го оценува и Европската Унија и ММФ. Само кај нај, во нашите бројки, тие бројки божемски, што би рекле децата го намалуваат буџетскиот дефицит. Токму буџетската политика треба силно да ја приближи и Република Македонија до развиените и да стане угодна земја за живеење. Буџетот е договор со народот, буџетот покажува колку биле успешни претходните буџети. Во него има повеќе пари, доколку претходните буџети биле поуспешни. Науката вели дека мора да се диктира, црните дупки каде се трошат буџетските пари, а не само постигнувањата, посакуваните резултати. Обично целокупната економија се вовлекува во тие црни дупки поради матните работи во јавниот сектор. Буџетот стана печат на вкупното функционирање на стопанството на една земја. Буџетот претставува еден силен развоен инструмент, едни земји тој инструмент маестрално го искористиле и сега меѓу себе и развиените земји. Ниту една земја не се наредила меѓу развиените земји додека не направила пресврт во буџетската политика. Буџетот не знае земи потроши, туку одмери и вложи. Владите на современите држави одамна сватија дека буџетот претставува основа за паметно инвестирање, само слабите влади засилувајќи сопствените бенефиции кои се стекнуваат преку буџетот, градат економска структура која не обезбедува економски раст. Буџетот е најважниот инструмент на економската политика и претставува почеток на сите активности на јавно правните тела. Буџетот е нервен систем на јавно правните тела, рекол некој добар познавач на оваа материја. Буџетот е план и без план организирано општество, низ мудра буџетска политика ќе расте улога на Парламентот. Буџетот е тој што бара од Парламентот да се потпре на граѓаните и на стручната и научната јавност, буџетот не е само акт на претставничкиот дом, туку тој е книга на решавање на приоритетот одреден од граѓаните, даночни обврзници кои го полнат буџетот. Буџетот директно и индиректно влијае на производството, структурата и обемот на целокупните стопански активности. Државата преку буџетот станува голем фактор на побарувачка, а во Република Македонија и најголем, буџетот врши прераспределба на доходите и тоа многу значајно, би рекле одлучувачко за нашата земја.

Владата се обидува со политика на ниски даноци да привлече странски инвестиции за да го реши најтешкото прашање. Голема невработеност, но тоа бледо и незначително го прави со издвојување на средствата од буџетот за капитални инвестиции. Буџетот се употребува за одржување на социјален мир во земјата, буџетот не е само бројки, буџетот е живот на граѓаните, буџетот е најодговорен за животот на граѓаните да биде што поубав и поквалитетен за сите граѓани во Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Колеги пратеници ќе направиме кратка пауза од 15 минути. Од 15,00 часто работиме затоа кратка пауза. Продолжуваме во 19,15 часот. Благодарам.

**(По паузата)**

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Следен пријавен за збор и има збор господинот Андонов Миле, повелете.

**Миле Андонов:** Почитувани колеги пратеници, претставници од Министерството за финансии, почитуван заменик министре, вие сте овде, денес, сега, дежурен. И еве и за 2014 година, како и за претходните години како што кажаа и како што стои во сите теории и практики во економската логика дека буџетот за една држава, за една економија е инструмент или алатка со која треба да се реализираат сите, не само политичките определби и политики и програми на владеачката партија, туку и социоекономските и културните и образовните и здравствените и се, што се вели еден живот во една држава треба да биде прикажан преку буџетските политики и буџетските ставки. Токму како што е и самиот министер по финансии во своето експозе, најави дека, преку една отворена дебата ќе сака да го образложи буџетот за 2014 година. Оваа владеачка гарнитура, оваа партија ВМРО ДПМНЕ со сега својот коалиционен партнер ДУИ, веќе 8 години на ред и како што дојдоа и така и се одржуваат на власт после сите спроведени редовни или вонредни парламентарни избори ја доби поддршката од граѓаните поради ветувањата во економијата и вработувањата.Но што се случи во овие 8 години, од сето она што пропаѓираше, што претпочитуваше што ветуваше оваа Влада на ВМРО ДПМНЕ. Ништо од ветеното.

Па така сега и министерот Ставрески во своето експозе, не уверуваше и преку обичните политики и преку макроекономските показатели дека еве сјајно е во Република Македонија, убаво е да се живее, сме биле по некои институции светски на многу високи места рангирани, едноставно како Македонија да е силиконска долина или корало во својата експанзија на времето од 60-тите-70-тите години во Соединетите Американски Држави. Меѓутоа знаеме дека Република Македонија е далеку во реалноста од тоа што го зборува министерот за финансии. И тоа еве ние денес ќе сакаме да го предочиме, односно да му се спротивставиме на неговите тврдења преку одредени постулации, преку ликвидноста што постои во економијата во Република Македонија, како за државата, за институциите државни, така и за фирмите, така и за граѓаните. Каква е нивната ликвидност ќе зборуваме. Ќе зборуваме за долговите и на државата и на фирмите и на граѓаните. Дали тие се доволни за да се зборува за една ваква слика која ни ја предочува не само министерот за финансии преку експозето денес за буџетот за 2014 година, туку на ред и премиерот и вицепремиерот Пешевски и сите други политички фактори и министри, каде и да појдат, на кава и да било прихода во Република Македонија тие зборуваат дека еве во Република Македонија, одлично се живее, дека одлично стојат работите, дека економијата во пораст, дека сме 5-ти или 4-ти во Европската унија и дека не знам уште што ли не и дека мед и млеко тече овде во Република Македонија. Ќе зборуваме за односот администрација, вработување и реален сектор вработување, каков е тој однос, од поттикнувањето на власта, на оваа политичка гарнитура на ВМРО ДПМНЕ, каде и што се зголемува и зошто се гладни фондовите за пензиско и инвалидско осигурување, односно за пензионерите и за здравствено осигурување. Ќе зборуваме и за вработеност, односно за невработеност во Република Македонија, која еве во своето експозе кажа министерот после 7 или 8 години се намалила на некои 28-29% од вкупно работно способното население дали е тоа така или не. Ќе зборуваме за стандардот и за сиромаштијата на Република Македонија. Да видиме каков е стандардот на граѓаните на Република Македонија после 8 години владеење или ако не непосле 8 после 3 последователни години на владеење на ВМРО ДПМНЕ од 2010 година па наваму до 2013 и 2014 година.

Ќе зборуваме за буџетските трошоци, односно онаа расходната страна, каде и за што се трошат народните пари, за Скопје 2014 неизбежно и за сите непродуктивни, промашени капитални инвестиции, односно непродуктивни инвестиции. Тоа ќе ми биде денес темата и со тоа сакаме да ја заопкружиме оваа дебата за буџетот зза 2014 година. И со овој предлог буџет зза 2014 година Владата ја покажува својата погубна економско-социјална политика која ја води и спроведува овие 8 години. Под мотото економски раст 3% и најдобар во Европа или на 4-то место во Европа, а најдобар на Јогоисточен Балкан, македонската економија по добро испробаниот терк кој се потврди и говори сите овие години имаме континуиутет на одредени показатели. Показатели кои пак кажуваат нешто што е, раст и се зголемува и нешто од таквите економски и социополитики кои ги води оваа Влада што се негативни и тие опаѓаат. Ајде да видиме што е позитивно, а што е негативно за оваа Влада. Значи растат, растат почитувани колеги невработеноста кај работно способното население, посебо онаа на возраст од 25 до 30 години. Расте невработеноста. Расте сиромаштијата. Расте вработеноста во администрацијата, значи таа денес брои некаде цирка од 160 илајди вработени, луѓе кои земаат плата од буџетот на Република Македонија. Расте криминалот и трошоците за јавните набавки за стоки и услуги преку оние некапитални, непродуктивни инвестиици кои ги трошат парите на граѓаните во проектот Скопје 2014. Растат казните и глобите, како за фирмите така и за граѓаните само и само да се наполни буџетот. Расте задолжувањето на државата, не само преку буџетскиот дефицит која еве оваа година изнесува скоро 300 милиони евра, туку и со реални кредити, кои оваа Влада ги зема и од странство и од дома од домашните банки. Расте за жал и иселувањето на младите работоспособни брачни парови. Ајде да видиме што опаѓа, што е негативно, негативен тренд. После 8 годишно економско владеење или

политики кои ги води ВМРО ДПМНЕ. Се намалува економскиот потенцијал, се помалку и помалку имаме мали и средни фирми во Република Македонија, кои веќе егзистираат, во праксата во Република Македонија неколку години и децении тие полека, полека ги однемува.

Расте, односно се намалува вработеноста во реалниот сектор, работоспособното мало образовно население некаде над 400 илјади веќе се иселени од Република Македонија. Значи опаѓа стандардот и инвестициите и бројот на населението, се помалку и помалку деца запишани во училиштата.

Почитувани колеги, сега е ред и да детерминираме одредени бројки и показатели од буџетот за 2014 година. Оној буџет кој ни сервира дефицит од 3,5%, некаде цирка од околу 300 милиони евра дупка во буџетот за 2014 година, која ако ги погледнеме сите изминати години и ќе предвидеме дека таа дупка нема да биде 300 милиони евра, туку најмалу 10 или 20% реално, папиролошки со некој ребаланс на оваа Влада, ќе го зголеми до крајот на 2014 година, а у ште останува отворено прашањето колку има сокриени доспеани обврски оваа Влада која ги чува во фиока, нема да ги прикаже во 2014 година кон своите доверители кои испорачале добра или услуги спрема државата односно, Владата, односно министерствата, институциите и тие нема да бидат искажани се на се само за да се запази овој проектиран или планиран дефицит во буџетот од 3,5%.

Нешто мене што ми смета е тоа што не само оваа година, оаа година еве и со бројка, транспарентно, се дрзна државата да го покаже тоа, го покажуваше и за минатите години малку задскриено, се оние непродуктивни, односно неданочни приходи или парафискални давачки. Значи приходната страна велиме се полни од приходи, даночни приходи и придонеси за социјалните осигурувања и неданочни приходи. И тука спаѓаат капиталните приходи, спаѓаат и донациите. Е, овие неданочни приходи, парафискални давачки, замислете од година во година, а тоа се потврдува и во оваа заз 2014 година, оваа Влада, оваа власт, вели дека ќе ги зголеми за 20%. И тие ќе изнесуваат 245 милиони евра и тие ќе изнесуваат од 18 до 20 милиони евра повеќе од 2013 година, а знаеме како поминаа и граѓаните и фирмите во Република Македонија, со сите искажани и платени казни и глоби. Каква наезда, каква експанзија на глоби и казни имаше оваа 2013 година, а за наредната 2014 година, оваа Влада, предвидува и уште зголемување на 20 милиони евра. И замислете, тие парафискални неданочни приходи учествуваат во даночните приходи некаде јсо 20%. И од година во година рековме тие растат. И оваа Влада ќе се пофали и ќе каже дека имала најдобри услови за отворање и отпочнување на бизнис. И странските инвеститори токму тоа го барале и за токму тоа ќе дошле и ќе влегле со грин-фил, инвестиции во технолошко индустриско развојните зони и ќе отворале работни места. Ама ни око да им трепне, како пак домашните фирми, кои највеќе подлежат на овие парафискални давачки, издржуваат од ден на ден. Пазите овие парафискални давачки се најповеќе од глоби и казни, од административни такси од одредени плаќања кои се слеваат на онаа буџетска сметка, позната трезорска сметка на буџетот на Република Македонија, која буквално е позната посебно овие 3 или 4 години наназад, не само на фирмите туку и на секој еден граѓанин на Република Македонија, затоа што не остана човек кој не беше задирнат од оваа власт, од оваа Влада да не уплати одреден износ годишен на оваа буџетска сметка. И оваа Влада ќе се пофали дека имала најдобри услуги за бизнис отворање со рамниот данок од 10% за сите фирми подеднакво, а ги заборава овие 245 милиони евра, да ги каже и да ги напомене и пред странските инвеститори и пред домашните. Дека тоа е основниот постулат, на кои се базира комотното живеење и не само ефикасно фискална политика, туку и заплашувачка политика која оваа Влада ја применува и ги третира домашните компании во Република Македонија. Е тоа почитувани пратеници не можеме да се сложиме со ваквиот начин на тврдење на министерот за финансии, дека еве во Република Македонија постоеле најдобрите услови за стопанисување и инвестирање. Меѓутоа, ќе го запрашаме колку беа тие странски инвестиции за 2013 година. Дали Република Македонија не беше на последното место во Европа, односно во југоисточен балкан по директните странски инвестиции во 2013 година. За тоа не се мери со некои стотина или 200 милиони евра за разлика од нас, опонижувањето, Црна Гора, Босна, Србија, Косово, Албанија, кои имаат неколку кратен, неколку пати повеќе износ на странски директни инвестиции, па во Србија веќе таа бројка надмина и над една ипол милијарда за 2013 година. А, ние велиме сме одлични, први и сме најдобри и имаме странски инвестиции, за 2013 година ни помалку ни повеќе некаде од околу 200 милиони евра. Е, тоа се погрешните политики на оваа Влада која ги сервира на граѓаните. И сега во останатото време од 20-тина минути кои ги зборуваме за буџетот петте минути ќе ги искористам, директно со министерот Ставревски каде и да е, дека ќе го потсетам дека точно пред една недела, точно една недела беше во Кочани, во градот од каде што доаѓам јас. И тоа е добро што беше таму на посета, не е лошо. Пушти во употреба една улица Крум Враниски во населбата Усова Чешма, сечеше лента и тоа е добро, пак ќе кажам дека е добро, позитивно за граѓаните на Република Македонија, асфалтирана улица од 300 метри. Меѓутоа што не е добро почитувнаи колеги.

Не е добро што таа улица се заврпи, се асфалтира од гранд од пари на Светска банка, 60 илјади евра. Светска банка даде за завршување на таа улица. Тоа беше награда на општина Кочани за успешно реализираниот проект задолжување кај Светска банка, кредит на

општина Кочани за мерење на водоводните цевки од азбест на ПВЦ, во вредност од 640 илјади евра, и за тој успешен проект спроведен односно почнат одобрен кредитот од Сведска банка одобрен од времето на СДСМ, а завршен 2010 во времето на ВМРО, кочанчани, добија гранд 60 илјади евра. Е, зошто министерот Ставрески не дојде еднаш во Кочани не овие изминати години, еве и наредната година да сече или да отвори било каква инвестиција, подобро и пожелно би било за нас кочанчани да биде тоа капитална инвестиција, инфраструктурна инвестиција, ама со пари од Буџетот на Република Македонија. А , не со грандови и кредити од Светска банка. И сега да е тука, тој ќе каже, да имаме вложено во здравството, во школите, во ова, во она, во водоводи. Да имаме, ама сето тоа го имаме од кредити од Светска банка го немаме од буџетот на Република Македонија таму каде што и кочанчани влеваат свои пари во тој буџет. Пост бенифит нема во буџетот за кочанчани.

Лошо е тоа што пред 10-тина месеци за време на локалните избори почитувани колеги Владата во 10 дена најмалку два пати секој еден министер или директор на јавно претпријатие се проврде, го посети Кочани и ветуваа сијасет ветувања. Значи кочани беше бомбардирано од ударање на камен темелници на не знам уште какви не ли проекти. Меѓутоа еве за 9 месеци, реков на каков начин дојде министерот Ставрески да сече лента во Кочани. Што добија граѓаните. Добија градоначалник не само за Кочлани туку и за Виница со тие локални избори, кои им го обрукаа образот и на кочанчани и на виничани и на цела македонска јавност, па можеби и на Владата на Република Македонија со самиот факт или гест што пред една недела буквално тие градоначалници успеаја односно не успеаја, успеаја да не засрамат пред бугарските власти и беа фатени на граница за шферцување на ловечка муниција. И како оваа Влада утре ќе дојде преку такви градоначалници, преку такви свои политички кадри да инвестира односно да дава во овие наши две општини од каде што впрочем и доаѓам и јас.

И понатаму од буџет тежок 3 милијарди евра, за закоравениот Исток, односно за брегалничкиот регион нема пари. И оваа 2014 година почитуван колега Влатко Ѓорчев, овде сте морам да ве спомнам, ќе ме извинете, да не бевте немаше да ве спомнам, нема пари од буџет тежок 3 милијарди евра за брегалничкиот регион. Територијално и широк и долг од рекатa Вардар до бугарската граница се протега брегалничкиот регион. Овде ја вкулучува светиниколската овчеполија, штипската котлина и на кочанско виничката котлина, малешевијата, пијанец, со вода и со руди и со природни богатства, ама за 8 години апсолутно крајно не искористена од оваа власт. И нема пари, еве тој начин источен регион каде што населението со најмала глава по жиотел населено по метар квадратен вработеноста е најмала, посебно кај младите, стандардот е најмал и најнизок со помалу од 800 тини долари по глава на жител, многу, дупло помалку од просекот во Република Македонија. И бројот на запишаните ученици во основните училишта е катастрофален. Замислете во Блатец пред 8 години општина, оваа година се запишаа две деца во прво одделенија. А во Пјаченца во Италија, се запишаа 22 деца во прво одделение од Блатец, родителите со семејства иселени. Таква е политиката оваа Влада која ја води и за цела Македонија и за брегалничкиот регион. Е, нема пари овде.

Нема пари ни за браната на Оризарска река, кој некој ја спомна овде дека се градела, нема пари во Буџетот за комплексот бањи и спа центри за искористување на геотермалната вода, нема пари за развој на зимско рекреативно туристичкиот центар Пониква и нема пари за субвенциите за оризо производителите. Овие две работи само комплексот на бањи и змиско рекреативниот центар да има пари во Кочани, реално ќе се вработат за една година од 800 – 1000 вработувања. Тоа оваа Влада не сака 8 години да го слушне и да помогне на луѓето од овој крај. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Гсопоѓа Бети Кузмановска има реплика, повелете.

**Бети Кузмановска:** Благодарам почитуван претседателе.

Господине Андонов, бидејќи денеска дебатираме за најважниот документ во државата, од кој зависи судбината на сите граѓани во Република Македонија ќе се задржам до бројките и онаму каде што имавте ваша дискусија, со оглед на тоа имавте ваша дискусија, со оглед на тоа дека сте економист, навистина сакам да спорам во некои делови, но нема да ви одговорам и на последниот дел од вашиот говор, бидејќи сметам дека Буџетот дефинитивно не е темата за која треба да се разговара за такви работи. Кога зборувате дека беше министерот Ставрески во Кочани, да, ние посакуваме многу почесто да доаѓа и да отвара уште патишта, знаете дека се асвалтираа повеќе улици и Ване Градовјански, Македонска, Мишо Арсов, во село Тракање итн, дека се трошат само пари од Светска банка и дека ова е гранд во добро завршената работа во минатото, смената на азбесните цевки со полиетиленски, вие сами штотуку признавте дека навистина општина Кочани, значи успешно работела и заради тоа еве ни следуваат грантови за да асфалираме улици. Велите странски инвестиции работат за сметка на домашните стопанственици, а од друга страна велите нема странски инвестиции. Сега има или нема? Не сватив од вашата дискусија има странски инвестиции, штотуку во моментот се отвори во Кочани една таква во која во следните две, три години се планираат 2500 вработувања, господиние Миле Андонов. Кога сме веќе кај невработеноста и велите сега е најголема невработеноста, само ќе ви напоменам дека во 2005 година, невработеноста беше 39,8% сега е 28,8%, 11% помалку. Кај задолжувањата дека државата е многу високо задолжено. Не.

Државата е една од најниско задолжените земји во Европа и го зазема високото четврто место. Што се однесува до тоа дали ние користиме само грантови од Светска банка или кредити, не е така. Во општина Кочани користевме буџетски средства и вие тоа најдобро го знаете, бидејќи во Кочани еден камен не беше поместен од едно место на друго, години и години наназад. Знаете дека власта ВМРО ДПМНЕ во Кочани ја доби дури 2008 година, и од тогаш наваму е реконструирана болницата. Во 2008 година на парламентарните 2009 година прв пат доби градоначалник, ако е веќе така во овие три, четири години ние направивме толку многу работи, а во минатото СДСМ ништо, ама ништо не помести од мртва точка. Само ќе ви напоменам дека е реконструирана болницата, апаратура е донесена, нема училиште каде што не е реконструирано, детската градинка е реконструирана. Имаме спортска сала во Никола Карев, имаме повеќе повеќе наменски игралишта, а знаете дека проектот на Поникува што го доби Кочани од над милион евра, како можете да кажете дека ништо не се работи, да не зборувате случајно за минатото вие?

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Миле Андонов има контра реплика, повелете.

**Миле Андонов:** Колешке Кузмановска, ви благодарам за рапликата и токму така треба да разговараме, ама прво ќе ве прашам. Јас мислам дека вие живеете во Кочани, не во Скопје. Јас секој ден патувам, а мислам дека и вие секој ден патувате, па кога повеќе луѓе и деца во школите, и градинките и во трговски, повеќе дуќани, по економски живот имаше во Кочани, дали 2005 година или денес во 2013 година? Зборувате за инвестиција на МЕПСО, на Пониква. Две години велите еден милион евра, па срамота е. Тоа е промашена инвестиција. Никогаш нема да проработи. Нема вода во езерото кое треба да ги полни тие топови за снег. Велите дека СДСМ не работела ништо, па проектот за замена на цевките беше проект на СДСМ пред Светска банка со тој проект се задолжи, а само се реализираше во 2010 година кога ВМРО дојде на власт. Велите дали се работело, пет милиони евра фабрика за вода инвестиција во 2004, 2005 година во Кочани се заврши. Денес се гордеете со таа фабрика за вода, со геотермалниот систем и велите кој работел во Кочани. Знаат луѓето кој работел.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Ѓорчев Владимир има реплика, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам.

Почитуван колега Андонов, почитувани колеги пратеници, претставници на Министерството за финансии, господине заменик министер.

Господине Андонов, сето ова што го зборувате, можеше и беше изнесено за време на капмањата на локалните избори до последна запирка, и знаме кој беше исходот од тоа. Граѓаните на Кочани знаат што е реализирано во Кочани, што не е реализирано. Знаат кои проекти ги има направено градоначалникот на ВМРО ДПМНЕ и Владата на ВМРО ДПМНЕ, знаат што не направиле неколку градоначалници наназад, неколку влади наназад од страна на СДСМ. Сите овие работи до последна запирка со денови и со недели беа дебатирани во Кочани. Резултатот од тоа е пораст од 2000 разлика, 2000 разлика во вториот круг.

Господине Аноднов, истото може да се каже и за општините во Кочанскиот регион, дали кога зборуваме за Чешиново, Облешево како поголема од руралните општини, дали кога зборуваме за општина Зрновци, дали кога зборуваме за општина Виница, сето ова е нашироко кажано и објаснето. Да се сконцентрираме тука на Буџетот за 3,5 години повторно ќе има локални избори. Ќе излазат локалните власти и градоначалниците, советниците, што е тоа што го сработиле и не го сработиле и ќе ја добијат или нема да ја добијат довербата на граѓаните.

Уште еднаш господине Андонов да зборуваме со факти, а фактите зборуваат дека имаме изградено повеќе објекти таму, дека имаме реконструирано повеќе објекти таму, дали кога зборуваме за болници, дали кога зборуваме за градинки, училишта, дали кога зборуваме за спортски сали, бидете фер и кажете дали една од овие работи било која влада или градоначалник од страна на СДСМ го има направено тоа дваесетини години наназад. СДСМ имаше целосна власт од 1990 до 2009 година во Кочани, па многу често ние не сме можеле ни до втор круг да дојдеме. Во 2005 година, факт е ни ја украдовте победата. Знаете Ретко Димитровски како не доби за 40, 50 гласа, и знаете која лакрдија се случи тогаш и кој под наводници пресврт и што беше исходот од сето тоа. Сите овие работи што сега ги кажувавте може да бидат реализирани во сите тие општини, но ништо не е направено. Работите кои што се направени се направени од оваа Влада и од оваа гарнитура. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Андонов Миле има контра реплика, повелете.

**Миле Андонов:** Колега Ѓорчев, навистина мислев дека нешто закоравени од исток, но вие сте носител веќе сите години на таа Изборна единица 3, ќе кажете нешто поконкретно и поатрактивно и пак ќе им ветите нешто на граѓаните, ама не застанавте ни во одбрана на градоначалниците на Кочани и Виница, за нивниот шверц на ловечка муниција. Зарем не се срамите. Вие бевте тој еден кој ги ставивте тие да бидат кандидати денес градоначалници на тие два града. Зарем не ви е срам и не се чувствуате нелагодно за таа ајде ќе ја оставиме таа случка. Ајде сега за изборите. Колега Ѓорчев, не само во Кочани, цела Македонија можеме ние СДСМ со коалиционите партнери да се бориме на избори со партијата ВМРО ДПМНЕ, со целата нивна коалиција, ама не

можеме да се бориме СДСМ и коалицијата со државата. Не можеме со државата, со вас можеме, ако сте повеќе мина овде во Парламентот, и овде ќе се бориме и на избори ќе се бориме, фер и демократски, ама со држава не може. Толку е.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Алији Газменд, повелете.

**Алији Газменд:** Благодарам господине претседател.

Почитувани граѓани, денес го разгледуваме предлог Буџетот за 2014 година и што имаме во истиот? Ништо ново за Албанците. Дискриминацијата продолжува и понатаму. Ние како население од над 30% сме целосно исклучени од Буџетот. При расправата на предлог Буџетот за идната година, настојувавме преку бројки и факти да го демаскираме овој дискриминаторски буџет нудејќи многубројни факти, но расправата се претвори во една нерамноправна арена, затоа што пратениците од ДУИ, тие избегнуваа дебати, нормално, од недостатокот на факти и аргументи, а од друга страна се бранеа дека наводно пратениците на ДПА биле арогантни, деструктивни и некултурни, но нормално ова е како последица на немање аргументи кои требаше да се поднесат од нивна страна. Во суштина ДУИ настојува да игра една улога на жртва и тоа двојна жртва која од една страна доаѓа од ДПА која со арогантноста и деструктивноста и некултурата, а од друга страна од неможноста за остварување на значајни проекти значи од неможноста и немоќта да се соочи со својот коалиционен партнер, а тоа е ВМРО ДПМНЕ. Нејзината улога во оваа расправа, нормално и одбраната се однесуваше на тоа како да се јави како двојна жртва пред албанската јавност, но и пошироко, но нормално ова не држи, затоа што ние знаме дека жртва не можеш да бидеш ако си учесник во една влада со која односите се добри, кога си во фаза на поделба на тендери, а од друга страна пред Албанците сакаат да се прикажат како да кажам, политичка сила која е во неможност да ја покаже својата реална сила во Парламентот на Република Македонија. Сета оваа политика и ваше владеење со вашиот коалиционен партнер со ВМРО ДПМНЕ, доведе денес Албанците во Република Македонија да бидат како никогаш претходно посиромашни, како никогаш претходно потчинети и понижени и никогаш од ваша страна подржани до крај.

Сега почитувани колеги од ДУИ, имам уште едно прашање за вас кое е суштествено прашање, а во однос на тоа што е ароганција и деструктивност и некултура на ДПА кон вас. Што мислите, што е некултура и ароганција? Да бараш вода за пиење, канализации, да бараш патна инфраструктура, болници, да бараш елементарни нешта за живот. Ова за вас претставува ароганција и некултура, не. Можеби а вас претставува ароганција, но ова за нас се проблеми со кои се соочуваме ние како Албанци, тоа секојдневно во населените места во кои живееме и работиме. Од друга страна овој ваш тренд, кој се настојува од ваша страна да се прикажеме ние како политичка деструктивна структура, во последно време можеме да видиме дека почна да зема друга насока. Луѓето почнаа отворено и транспарентно да пишуваат по разни медиуми, дека вие не сте тие кои можете да ги застапувате веќе Албанците. Вашата политичка моќ и сила се покажува со Буџетот за 2014 годна кој го анализираме таксативно и можеме да видиме дека Албанците во овој Буџет учествуваат со 2 до 3%. Едно население со 30% кое живее во Република Македонија од овој Буџет да земе само 2 до 3% навистина е голем грев, но нормално ова за вас не претставува ништо во споредба со штетите кои им ги нанесувате секојдневно на Албанците и тоа при распределбата на Буџетот со непотизмот, немање ваша политичка моќ во вашата вазелност кон вашиот коалиционен партнер и во многу други нешта. ДПА нормално, за да ги уреди овие 2%, 3% ние како партија предложивме над 150 амандмани и нормално истите амандмани за вас претставуваат не прифатливи амандмани затоа што, нормално не дека не беа потребни како амандмани, туку вашата политичка моќ е толку мала што вие не можевте да прифатите само неколку кои беа од животно значење на Албанците. Од 150 амандмани вие не прифативте ниту еден наш амандман. Ова е како да кажам, со жалење можам да констатирам дека е и ваша политичка игра да покажете колку сте лојални кон вашиот коалиционен партнер, кон ВМРО ДПМНЕ. Ние со нашите амандмани баравме, реков и претходно елементарни нешта, не баравме луксуз. Сакам да им кажам на Албанците колкава е дискриминацијата која вие ја дозволивте да им се нанесе на Албанците, јас ќе почнам и ќе анализирам неколку буџетски ставки и тоа, за жал ќе почнам од едно министерство кое се раководи од вашиот кадар. Станува збор, за министерот Ваљон Срачини, министерот за економија. Не знам, можеби и сте го следеле и како и ние и другите пратеници, дали видовте со колку голема желба министерот Ставрески кажа колку инвестиции има во тирзовите, при што укажа дека само 20% од извозот на стоките во Република Македонија се прават само преку индустриските зони. Сега, јавно сакам да ви поставам едно прашање, дали не се чувствувате навредени, на пример вие колеги од ДУИ кога министерот Ставрески кажа колку успешни се тирзовите. Што направивте вие со индустриската зона во Тетово? Индустриската зона во Тетово, успеавте да ја оставите без ниту една инвестиција и ден денес, во оваа зона нема ниту една инвестиција. Ова е резултат на вашето постапување и немање политичка сила да ги измените нештата во оваа зона или воопшто кај Албанците. Се споменуваат 1500 вработувања во Штип, Бунарџик, Битола, можеби и во други градови, а се избегнуваат албанските зони на пример како што е индустриската зона во Тетово, индустриската зона што сте ја предвиделе, а никогаш нема да се оствари во Струга и Кичево итн., но вие тоа што

беше гарантирано со закон не успеавте да го имплементирате. Нареден проблем како поголем проблем, односно најголема дискриминација која ја прави оваа Влада кон Албанците, тоа е Министерството за култура. Во ова Министерство за култура, вие колеги знаете дека 6 години имаме одредени капитални инвестиции, како Библиотеката во Тетово, Театарот во Тетово, Албанскиот театар во Скопје итн.

Дали знаете дека за рекордно време се изгради Стариот македонски театар со 45 милиони евра вредност и тоа славините се позлатени. Дали знаете вие колеги дека во оваа година ќе се изгради нова универзална сала, нова универзална сала која сигурно со ваш благослов ќе се изгради затоа што го дадовте зборот дека ќе се изгради таа сала, затоа што многу и се допаднала на Канчевска дека била во вид на јајце и треба оваа година да заврши и верувајте ми и тој објект ќе ги изградат. Но каде сте вие. Или театарот во Велес. Дали знаете колку дискриминарани во ова Министерство Албанците. Делот кој се издвојува за Министерството за култура за Албанците е само 2,07%. Значи верувајте ми каква дискрминација се нанесува врз Албанците од ова Министерство. Друго министерство за кое сакам да разговарам е Министерството за земјоделие во кое министерот за земјоделие и Ставрески велат дека се обезбедени 130 до 140 милиони евра субвенции. вие колеги дали знаете дека Албанците добиваат само 5% од овие субвенции. Ние знаеме дека Албанците добиваат само 5%. За рурален развој дали знаете дека Албанците добиваат за 0% и сега каде одат овие средства. Еве јас ќе ви кажам каде одат. Тие средства одат во хидросистемот Злетовица, хидросистемот Лисиче, хидросистемот за наводнување јужниот дел на Вардар, хидросистемот Коњско и хидросистемот Маркова река. Каде е хидросистемот Равен и Речица. Јавно би ве прашал значи имаме 7 хидросистеми, а не се во состојба еден хидросистем да го изградите во Полошко. Овде е загубата и ќе кажете да, го имаме во програма, но кога во 21 век ќе го изградите? За рурален развој Албанците имаат 0%. Значи далеку сме од гасификацијата, далеку сме од изградбата на патеки за пешаци. Овде е Дојранско Езеро изградба на патеки за пешаци, Велес, Крушево, Берово, Маврово итн. Социјални станови, каде се градат овие социјални станови. Да не се гради некој социјален стан во Тетово, Гостивар, Кичево, Струга или Дебар. Ниеден социјален стан не сте предвиделе. Изградба на водоводи и канализации, знаеме колку се издвоени за општина Тетово и за други општини ќе ви дадам еден пример. За изградба на патниот правец за манастирот Трескавец издвоени се 96 милиони денари. Манастирот Зрзе 5 милиони, за водовод во Крушево 39 милиони денари и нормално јавниот превоз од кои ние како Албанци сме целосно отстранети. Нас не ни треба јавен превоз. Ние патуваме со наши возила, нашите ученици патуваат со комбиња итн. само каде што има Македонци таму треба да има јавен превоз, нас не ни треба.

Во однос животната средина се отвори една интересна расправа пред завршувањето на дневниот ред сакам да ви кажам дека од градот од каде доаѓам има една регионална депонија, добро е да ја видите како изгледа, видете ја ве молам како изгледа. Еве сум донел неколку слики само за илустрација затоа што се жалевте дека само градот Скопје бил загаден и произлезе дека и Тетово е загаден град. Сега слободно можам да ви кажам дека во Гостивар сеуште не се дојдени да мерат колкава е загаденоста во Гостивар. Сигурно ние сме и пред градот Скопје но и пред Тетово затоа што Министерството за животна средина ова место го користи како депонија. Видете како изгледа оваа депонија. Видете ја оваа слика, кога се полни се горат пластични средства и воздухот во Гостивар, Тетово се загадува. Значи во оваа депонија наводно регионална јас имав предложено амандман за оваа депонија од буџетот на Република Македонија да се издвојат средства за регулирање на оваа депонија затоа што знаеме дека другите регионални депонии во која фаза се наоѓаат. Регионалната депонија во Гостивар и понатаму е во прва фаза. Значи ова е почетната фаза каде се депонира отпадот се е неконтролирано. Освен овие ставки при што се врши дискриминација во Министерството за транспорт и врски.

За здравство нема воопшто да дискутирам. Здравството во целост го уништивте, клиниките во Тетово не им наликуваат на клиники, туку се само транзитни центри за пациентите да дојдат во Скопје. Значи се јавуваат таму и доаѓаат во Скопје. Немаат елементарни средства за да дадат медицински услуги.

Во однос на образованието и во овој сегмент заостанувате за што при распределбата за високо образование исто така можете да видите според број на студенти но треба уште нешто да знаете. Овде не се вкалкуирани студентските домови. Значи градот Тетово иако има два универзитети нема студентски домови. Кога се врши распределба по еден студент имаме дискриминација. Неколку пати студентите Македонци добиваат повеќе, им се издвојуваат повеќе средства отколку на студентите Албанци.

Во однос на други аспекти освен овие ставки насекаде и во капиталните инвестиции и за тие не сакам да дискутирам затоа што сме успеале проектите на ги научиме напамет затоа што се повторуваат од година на година и крајно време треба да отстранат од буџетските ставки затоа што навистина ги уочуваат и Албанците дека тие не ја знаат оваа горка реалност, навистина не ја знаат. Ние Албанците, посебно јас и мојот град Гостивар иако е блиску до реката Вардар немаме вода за пиење. Значи немаме вода за пиење, градот Тетово исто така нема вода за пиење. Значи ДУИ како партија на власт не успеа да обезбеди соодвтен процент за Албанците во овој буџет. Затоа и јас како пратеник и координаторот

и замениците ќе ви кажат дека ние нема да подржиме никогаш дискриминаторски буџети при што на фрапантен начин се дискриминираат Албанците. Иако со 30% учествуваме во сите дејности ретроактивно им се враќа 2 до 3% од буџетот.

Во однос на капиталните инвестиции, реков и претходно се само 4%. Да не заборавам уште нешто. За да бидам коректен кон граѓаните и да го спомнам кредитот кој го обезбедивте од Кинеската банка во однос на 850 милиони евра или 700 милиони долари кои успеавте да ги намените за Источна Македонија и другиот дел за Кичево до Охрид и како награда за тоа ваше согласување добивте за патот Станчиќ-Белановце од 16 км. да земете само 5 милиони евра. значи вие сте тие бедници кои не застапувате. Вие сте тие што сте немоќни кои за жал ги застапуваат Албанците, но мислам дека од ден на ден има расположение и од интелектуалците, но од пошироката маса и полека ќе ви дојде крајот.

**Трајко Вељаноски**: Благодарам.

Господинот Реџаил Исмаили има реплика, повелете.

**Реџаил Исмаили**: Благодарам почитуван претседател, почитувани колеги, почитуван заменик министер,

Колега Газменд, свесен дека за три минути за се што говоревте немам можност да ви реплицирам, но во кратки точки ќе почнам од последното. Добро е да вие пратениците од ДПА да им објасните на албанската јавност зошто не го гласавте договорот Белановце-Станчиќ. Вистина е дека се даде голем број амандмани не само за овој Предлог буџет, туку и за ребалансот на буџетот од претходната година. по се изгледа вие имате една тактика правите копи пасте од вашиот колега Изет Зеќири и по изгледа продолжувате со вашата традиција. Ваша работа, но сепак кога ќе бидете конструктивни како албанска опозиција убеден сум мојата подршка на колегите од ДУИ ќе ја имате, но никогаш не ја добиете нашата подршка кога вие само ќе леете крокодилски солзи плачејќи за Албанците. Суштината и вистината е дека ние од оваа говорница и од говорницата на Комисијата сме кажале многу пати дека Предлог буџет односно сега веќе Дополнет предлог буџет за 2014 година ги отсликува програмата на Владата, сите проекти кои што се предвидени во сегашната Влада, владината програма 2011-2015 година односно економската програма на ДУИ е дел од овој предлог буџет и нормално се реализира или ќе се оствари во склоп на можностите кои што ги има да се оствари. Значи ние во Комисијата за финансирање дебатиравме, полемизиравме и објаснивме многу прашања за кои што јас сметам и при расправата на пленарна седница ќе полемизираме, ќе расправаме. Јас и моите колеги сме пријавени за збор и тогаш ќе дадеме образложение во однос на Предлог буџетот односно Дополнетиот предлог буџет. Сакам да истакнам уште некои од прашањата за кои што вие кажавте дека сте дале амандмани односно не сте добиле наша подршка. Како може да ве подржиме вас кога реално. Прашањата за кои што сте избрани иако сте опозиција треба да ги гласате. Говорам за ратификација на договорите кои што ги усвојува Собранието. Обично и македонската опозиција Ратификацијата на овие договори како по обичај секогаш гласаат за. Значи ме зачуди фактот дека вие зошто не гласавте за Ратификација за договорот со Косово за отворање на граничниот премин Белановце-Станчиќ. Ова прашање треба да се објасни на јавноста. Се надевам колегата Газменд ќе даде образложение.

**Трајко Вељаноски**: Благодарам.

Колега Газменд Алији има контра реплика, повелете.

**Газменд Алији**: Мислам дека зборот лиење крокодолски го споменувате, јас би ви поставил едно прашање. Дали живееете во Склупчане, или во Крива Паланка. Видете ова е глетката од каде доаѓате вие. Ова е таа глетка од каде вие доаѓате. Најголема несреќа е во тоа дека вие ја изгубивте реалноста и секогаш се повикувате на лиење на крокодилски солзи. Јас сум тој кој нема вода. ти не живееш тука каде што нема вода, си се иселил на друго место. Ова е вистината, а ова е вашата реалност во Склупчане. Видете ја.

**Трајко Вељаноски**: Благодарам.

Има збор господинот Ѓорчев Владимир, повелете.

**Владимир Ѓорчев**: Благодарам.

Почитуван претседателе на Собранието, почитувани колеги пратеници, почитуван господине заменик министер,

Тука сме да зборуваме за буџетот на Република Македонија буџет кој што ја даде главните правци на економските движења во следните 365 дена односно во претходната 2014 година. Кога зборуваме за 2014 година треба да почнеме од она што е направено и она што се случува во 2013 година. зборувајќи за овој буџет треба да ги имаме предвид сите оние критики, сите оние црни најави, сите оние инсинуации, па дури и отворени лаги коишто ги чувме во време кога го носевме минатата година. што е тоа што пратениците од опозицијата, пратениците од СДСМ, од ЛП, од другите политички партии кажуваат дека ќе се случи во 2013 година. Се навестуваше грчко сценарио. За потсетување почитувани колеги пратеници Грција е земја која пет полни години наназад, а вклучувајќи ја оваа шеста година е во рецесија и тоа не во било каква рецесија, не рецесија од 1-2%, 3 или 4%, рецесија од 5%, 6%, 7%. Најголема рецесија по Втората светска година, најголема рецесија последниве 70 години. Претседателе има дофрлање..

**Трајко Вељаноски**: Се извинувам генералниот секретар го немаше вклучено времето, на 18 минути е.

**Владимир Ѓорчев**: Благодарам.

Забелешката се прифаќа. Почитувани колеги пратеници, уште неколку работи треба да се

кажат во тој контекст. Кога зборуваме за рецесиите кои што ги имаше грчката економија земја членка на Европската унија и земја членка на НАТО треба да се има предвид дека зборуваме за земја која што има долг од 160% од нивниот бруто домашниот производ како кредити кон странските кредитори. Истовремено неброени милијарди, милијарди, десетици и стотици милијарди на истата таа Грција и се простени како долгови и со кое право колегите од СДСМ во 2012 година во декември пред една година кажуваа и најавуваа дека Македонија очекува грчко сценарио. Значи кумулативно во овие неколку години наназад грчкиот БДП се има намалено помеѓу 25 и 30% затоа што е повеќе од јасно манипулира со нивната статистика. Истовремено додека паѓа грчката економија македонската економија расте.

Јас би сакал детално со проценти да кажам неколку работи кои што се однесуваат на четвртиот квартал, се извинувам јас би сакал да кажам неколку работи кои што се однесуваат на третиот квартал од оваа 2013 година. Македонија има трет најголем раст на бруто домашниот производ во третиот квартал од 2013 година. одиме по ред.

Европската унија сите 28 земји на куп кумилативно имаат раст на бруто домашниот производ од 0,1%. Македонија има раст на бруто домашниот производ од 3,3%. Членките на еврозоната, значи оние земји во кои еврото е официјална државна валута имаат пад на нивната економија односно пад на нивниот бруто домашниот производ од минус 0,4%. Македонија има раст од 3,3%. Кога зборуваме за околностите во кои се постигнува овој раст на бруто домашниот производ треба да имаме предвид дека земјите со кои што Македонија во најголема мерка тргува, со кои што имаме трговска размена каде што нашите фирми извезуваат имаат многу полоши економски индикатори. На пример да појдеме со ред. Прв економски партнер на Република Македонија е Сојузна Република Германија. Сојузна Република Германија има 0,6% раст на БДП. Значи зошто е ова важно? Затоа што нашите фирми во најголема мерка живеат од тоа што ќе го извезат од тоа што ќе го пласираат на странските пазари. Во ситуација во која што германската економија, германскиот пазар се зголемил за 0,6% македонските компании, македонското стопанство, македонската економија се има зголемено за 3,3%. Исто така и Бугарија е еден од поголемите економски партнери на Македонија. Бугарија има раст од само 0,7%, раст од 0,7%, Македонија има 3,3%. Грција е на јужната граница, Грција е меѓу петте најголеми економски партнери на Република Македонија. Тие во третиот квартал имаат пад од минус 3%, значи после оние падови од 5%, 7%, 8% после десетици, стотици милијарди опростени долгови повторно Грција има пад од 3%. Во тие околности македонската економија расте 3,3%. Иако паѓаат нарачките, иако овие земји се во огромни, огромни економски проблеми македонската економија покажува и тоа каква отпорност. Италија исто така е помеѓу петте најголеми економски партнери на Република Македонија. Во овој квартал третиот Италија има пад од 1,9%, Македонија расте со 3,3%. Австрија исто така е еден од нашите поголеми економски партнери и еден од поголемите инвеститори во Република Македонија, нивен раст е 0,2%, Макеоднија 3,3%. Значи Австрија дефакто има една ситуација во која што тотално стагнира нивната економија. Словенија има рецесија и пад на економијата од 1,3%, Македонија има раст од 3,3%. Ако ги погледнеме политичките прилики во Словенија ќе видиме дека од почетокот на кризата невработеноста во Словенија е повеќе од дуплирана. Најголемата градежна државна фирма во Словенија со 11 илјади вработени прогласи банкрот луѓето ги пратија дома. Алпине, фирма од Австрија најголем банкрот последниве 30-40 години во Австрија ги пратија вработените дома. Тој банкрот се почувствува и во Република Македонија. Што ќе се случеше ако успееше намерата на СДСМ и нивните пратеници минатата година ние да не го усвоиме буџетот, не раст од 3,3% ние ќе имавме зголемување на долгот, ние ќе имавме хипер инфлација, ние ќе имавме пад на БДП, ние ќе имавме масовни отпуштања, нема да можевме да ги исплатиме субвенциите, нема да можевме да ги исплатиме платите, нема да можевме да ги исплатиме пензиите. Тоа некој го посакуваше во овој Парламент, некој дирекно работеше против виталните економски интереси на Република Македонија во ситуација каде што сите европски земји имаа буџети сакаа Македонија да остане без буџет. И, со синтагмата што полошо тоа подобро, што повеќе да се влошат состојбите, што повеќе народот да биде незадоволен тие политички да профитираат од тоа. Но, граѓаните на Република Македонија го кажаа нивниот јасен, повеќе од јасен став на локалните избори во март и април 2013 година. Главна дебата беше она што се случуваше со Буџетот. Главната карта на опозицијата беше она што се однесува на Собранието на Република Македонија, граѓаните гласаа а резултатот сите го знаеме 58:5; 58 градоначалници или општини наспроти пет, никогаш повеќе во историјата на Република Македонија. Да, факт е дека имаше непријатни случки, работи кои што не треба да се повторат на Република Македонија но тоа е благодарение на оние кои што го нападнаа овој претседател на Собранието, на оние што смислено го блокираа Собранието на Република Македонија, на оние кои што со денови, недели претходно ги напаѓаа нивните колеги и едноставно ја доведоа целата држава во без излез.

Почитувани колеги пратеници, кога зборуваме за БДП на Република Македонија не само за третиот квартал треба да бидеме фер и да кажеме дека Македонија има исто така трет најголем раст на БДП во првите девет месеци оваа година во Европа. Од 50-тина држави македонскиот БДП има трет најголем раст. Во првиот квартал 2,9%,

во вториот квартал 3,9%. Јас знам дека со овие бројки и статистики кои што тука ги кажувам не се решаваат проблемите кои што во Република Македонија се акумулирани со децении, но ако ги немавме овие состојби и онака тешките состојби во Република Македонија ќе беа уште потешки. Оние бројки проблеми кои што ги има Република Македонија и нашите граѓани ќе беа уште побројни и оние ситуации кои што ги имаме во државата ќе беа уште повеќе влошени. Сите индикатори во Република Македонија ќе беа влошени доколку не го усвоевме буџетот или доколку немаме раст на БДП како што имаме, значи да одиме егзактно со бројки и факти со цифрите кои што ги имамме. Истовремено кога ги констатираме тешките состојби за кои што никој нема дилема во Република Македонија истовремено да направиме споредба со она што нашите претходници ни го оставија 2006 година, поред сите индикатори кои што може да се видат состојбите неколкукратно беа полоши тогаш.

Почитувани колеги пратеници, можеме да одиме според оние кратења во европската економија за време на европската економска и должничка криза. Значи имаме ситуација во која што се изедначува невработеноста во Грција и невработеноста во Република Македонија со таа разлика што невработеноста во Грција оди нагоре, значи веќе се има дуплирано за време на оваа економска криза, тие појдоа од некаде 14%-15% се наближуваат кон 30%, Македонија појде од 38% се намали на 28%. Република Македонија се согласувам има огромна невработеност, но оставена од партијата коа што требаше да вработи по еден член од секое семејство, оставена од партијата која што носеше Бранков закон, оставена од партијата која што достигна 400 илјади невработени во Република Македонија 2003 година, истата година кога се зголеми ДДВ за огромен број на производи од 5% на 18%. Уште еднаш, Република Македонија има слична невработеност со Грција која што е членка на Европската унија која што е членка на НАТО со таа разлика што невработеноста во Македонија се намали за 1/3, но и понатаму е голема се согласувам и една Грција во која што невработеноста се дуплираше. Грција буквално пет години гори гледаме што се случува на нивните плоштади. Можеме да одиме и во Италија, таа е еден од петте најголеми економски партнери на Република Македонија. Италија почитувани присутни, мораше да ги замрзне платите во јавниот сектор. Италија донесе закон со кој што со секое едно вработување во јавниот сектор ќе треба да има пет пензионирања. Во Италија имавме пад на неколку влади, пад на Владата на Берлускони, после тоа дојде Владата на Марио Монти, падна и Владата на Марио Монти, актуелната Влада е вонредно непопуларна, видовте овој викенд што се случуваше по плоштадите на италијанските градови. За Грција да не зборуваме колку влади се сменија. Ирска од ММФ земја со 4 милиони жители доби 4 милијарди евра со кои што требаше да ја санира економијата. Пропорцијата би била како Македонија да добие две милијарди евра. Македонија не го имаше тој подарок, тој кредит, таа помош, таа инекција од ММФ ниту било каков аранжман туку Македонија сама со своите знаења со своите капацитети се носеше со оваа криза. Во Ирска ДДВ се зголеми на 23%. Кога зборуваме за ДДВ од 28 земји членки на Европската унија 26 го зголемија нивниот ДДВ. Македонија не го зголеми ДДВ. Во Шпанија огромни отпуштања, големи проблеми, големи протести. Гледате што се случува завчера и вчера во главниот град Мадрид. ДДВ се зголеми во Португалија. Во Велика Британија најголеми буџетски кратења од Втората светска војна наваму. Значи од времето кога Лондон беше бомбардиран со германски авиони од тогаш па до сега, сега се најголемите буџетски кратења. Буџетскиот дефицит во Велика Британија огромна економија меѓу десетте најголеми економии во светот имаше дефицит од 10% од БДП и нас тука пратениците од СДСМ ни велат дека нашиот дефицит од 3,5% е голем. Британија имаше 10% буџетски дефицит. Во Франција неколку влади се сменија и еве сега има исто така влада која што се соочува со големи фискални проблеми, невработеност итн. Можеме да одиме според сите индикатори, според индикаторот на невработеноста во многу земји состојбите се влошуваат, во Македонија да, факт е лоши се но постепено се подобруваат, можеме да одиме според долгот. Вашите пратеници признаа дека Република Македонија е ниско задолжена земја, да ве потсетам кога имавме дебата еден од координатори на пратеничка група кажа ако Македонија продолжи да се задолжува ќе стане зредно задолжена земја, ќе стане. Што призна Марјанчо Николов во тој момент. Призна дека Македонија е ниско задолжена земја. Призна, кажа, потврди она што ние го кажуваме а тоа е дека Македонија е ниско задолжена земја. Можеме да одиме според стапките на БДП трети во Европа. Кога зборуваме за кратења може ли некој да демантира, може ли некој да порече дека во Романија имавме 25% намалување на платите на целиот јавен сектор, на сите во здравството, на сите во образованието, на сите во армијата, во полицијата, во сите јавни служби 25% намалување на платите и 15% намалување на пензиите, земја членка на Европската унија и НАТО. Замислете што ќе се случеше Република Македонија да мораше да го направи тоа, за разлика од Романија која што ги намали пензиите 15%, Македонија ги зголемува 5% за разлика од Романија која што ги намали платите за 25%, Македонија во октомври ќе ги зголеми 5%. Во Србија исто така имавме намалување на платите во просек помеѓу 15 и 20% мерка која што беше кажана пред три месеци итн. Можеме да ги набројуваме сите овие податоци, едноставно аргументите, фактите, разумното гледање на нештата говорат во прилог и за буџетот за 2013 кој што помина во овој Парламент и во афирмативно и во насока на овој буџет кој што сега треба да го усвоиме, треба да го усвоиме

буџетот затоа што е развоен, затоа што нуди голем број на проекти за Република Македонија, затоа што треба да продолжи процесот на отворање на нови фабрики и нови работни места во Република Македонија. Немаме дилема дека состојбите се тешки, дека Република Македонија е земја и општество кое што има големи проблеми. Оние кои што критикуваат, оние кои што сега ќе поитаат да бидат најгласни во нивните критики да кажат што е тоа што политичката структура, политичката партија, луѓето кои што тие ги подржуваат имаат направено кога можеле сето тоа да го направат. Почитувани колеги пратеници, не треба да се слушаат и гледаат политичките партии што ветуваат кога се во опозиција. СДСМ кога е во опозиција буквално се ветува. Треба да се гледа што е тоа што партиите го спроведуваат и испорачуваат кога се на власт. Значи, да видиме според оние работи кои што се направени да се натпреваруваме според тоа кој реализирал повеќе проекти, кој повеќе ги зголемил платите, кој повеќе ги зголемил пензиите, кој повеќе ги зголемил социјалните издатоци, кој повеќе фабрики отворил, а кој затворил, кој повеќе доделил субвенции а кој не доделил ништо итн. Јас знам оние кои што најгласно критикуваат за сето ова ќе кажат малку е, не е доволно. Се согласувам не е доволно, уште повеќе треба да се направи, уште повеќе треба да се направи но не народот да се лаже, не народот да се манипулира и секој втор ден да му се каже тоа што сака да го чуе сосема свесно дека те лажат во истите манири  на истиот начин како што чувме на 15 септември 2002 година. Намерите се јасни, тоа е сето прозирно и препознаено, а Буџетот на Република Македонија ваков каков што е предложен ќе биде усвоен. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Госпоѓица Томиќ Тања има реплика, повелете.

**Тања Томиќ:** Благодарам.

Колега од дискусијава ваша можам да заклучам единствено дека сте и вие свесен каква е катастрофална проектијата на буџетот за 2014 бидејќи не го споменавте ни еднаш. Говоревте за се и сешто од растот на БДП во 2013 до како е во сите европски земји освен за буџетот за 2014 година. Затоа ќе ве замолам барем во контра репликата да се сконцентрирате на буџетот за 2014 и да ми одговорите на конкретно прашање. Имено слушаме неколку дена и на Комисијата и денеска откога е почната расправата дека најголем адут е растот на капиталните инвестиции за 20%. Колега растот на средствата за капитални инвестиции треба да е најмалку 100% бидејќи немавте никаква капитална инвестиција во изминативе седум години од владеењето. Меѓутоа она што најмногу ме загрижува е што отворено говорите за тоа какви све успеси имале владите на ВМРО-ДПМНЕ а луѓето барем оние со кои јас разговарам не го чувствуваат тоа на сопствената кожа. Навистина ме интересира да ми дадете одговор зошто е тоа така ако се толку успешни проекциите на буџетите, ако толку добро работите зошто пред неколку години едно просечно семејство можеше да си ги плати сметки за струја, греење и комуналии и пак да може да си приушти пристојно да живее, а сега веќе не е таков случајот, сега веќе кога ќе дојде само сметката за струја луѓето се тресат како ќе го преживеат месецот до крајот. Зошто пред неколку години фирмите не требаше да се грижат дали ќе направат доволно приход да исплатат плати на вработените и да успеат да реинвестираат. Сега веќе сите се соочуваат со потребата да земат кредит во банка за да можат да ги исплатат платите, дали е заради тоа што им должи некоја друга фирма, дали е заради тоа што им должи Владата не навлегувам. Малите и средните претпријатија се тресат да не им влезе инспекција затоа што инспекторите имаат норма која што мора да ја исполнат во текот на месецот и без оглед дали се виновни или не ќе им стават некоја од драконскиве казни кои што ги измисливте и сето тоа е резултат на ова владеење што вие го говорите на ВМРО-ДПМНЕ и начинот на проектирање на буџетите. И, кога веќе говориме за тоа што СДСМ прави во Собранието за буџетот само да ве потсетам дека единствена работа која што СДСМ се обидува да направи е да преку амандмани го подобри ваквото расипничко трошење од страна на оваа Влада на ВМРО-ДПМНЕ. Баравме да се направи патот во Сопиште наместо да се трошат беспотребно средствата на граѓаните и да им се направат атмосверски канализации и водоводи за жал вие како владеачко мнозинство немавте слух за таквите мерки.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Ѓорчев Владимир има контра реплика, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам.

Зошто ги кажав сите овие работи кои што ги набројав, затоа што треба да се кажат, треба да се знае во кои околности работат македонските компании. Треба да се знае и треба да се чуе дека паѓаат нарачките од Грција затоа што нивната економија е во рецесија. Паѓаат нарачките од Словенија затоа што нивната економија се намалува, во Бугарија има огромни проблеми и таму има пад на нарачките. Во Србија во Италија исто така има огромна рецесија и голем број на отпуштања, значи нашите фирми живеат од тоа што таму ќе ги изведат и ќе го пласираат на пазарите во Република Македонија. Колешке Томиќ до пред неколку месеци не се знаеше дали еврото ќе преживее, дали Европа ќе има валута или не. Имаше состаноци до два, до три, до четири наутро и во тие околности очекувате тоа Македонија да не го почувствува. Цели империи се тресеа, цели гиганти како Сименс, Опел, Пежо, Пежо и Ситроен мораше Францускaта влада да ги спасува со милијарди, милијарди евра и да не набројувам понатаму. Во тие околности Македонија има значителен трет по големина раст во Европа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Госпоѓа Николовска Ленче има реплика, повелете.

**Ленче Николовска:** Господине Ѓорчев да престанете да ги лажете граѓаните дека исплаќате субвенции. Буџетот за 2013 година се донесе со ваше ракоплескање овде, но субвенциите не се исплатија. 130 милиони евра беа планирани за 2013 година, едно евро нема исплатено. Да биде трагедијата поголема 2012 не е доисплатена, а крајниот законски рок беше 30 јули. И сега бидејќи многу сакавте споредби да кажувате, еве и јас ќе ви дадам, со истите земји кои што вие ги спомнувате. Словенија за субвенции има за годинава 300 милиони евра и плус 1 милијарда од европските фондови. Бугарија има 642 милиони евра субвенции за земјоделците. Во Србија 90% земјоделците ги имаат добиено субвенциите за 2013 година. Во Бугарија до март месец се обврзала Владата да почне со исплата на 2014 година. Уште една споредба со Словенија, ако кај нас годишно поради катастрофалните политики на оваа Влада во делот на земјоделството останувaат необработени 200 илјади хектари или една третина од земјата не ја обработуваме, во Словенија со вкупно 170 илјади хектари обезбедуваат домашно производство на храна 75%. И за крај да ве прашам кога е толку убаво кај нас во споредба со тие други земји што ги кажувавте, зошто тогаш нашиот народ се иселува од ваква една прекрасна држава за живеење. 400 илјади луѓе се имаат иселено од оваа држава. На тоа само одговорете ми.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Влатко Ѓорчев има контра реплика.

Повелете.

**Влатко Ѓорчев:** Благодарам.

Почитувана колешке Николовска, ако ги гледаме споредбите кои што вие ги споменавте, треба да споредиме до крај. Ако ги гледаме споредбите ќе видиме дека субвенциите во времето на СДСМ за хектар пченица беа 0 денари сега се 9.000,00 денари, ако гледаме за овошките, за јаболката беа 0 денари, ако гледаме за млекото субвенциите беа 0 денари, за тутунот исто така беа 0 денари, понатаму за (ве молам да не дрфлате, да бидиме коректни, вие кога говоревте јас не дофрлав). Не очекувајте од земјоделците да дејствуваат да гласаат, едноставно наградат однесување на цела една политичка структура како СДСМ во корист на нивната штета. Владата на СДСМ беше елементарна непогода за земјоделците во Република Македонија. На најниски гранки последните 60-70 години. Сега, да има проблеми, состојбите се тешки, но се подобруваат за разлика од тогаш кога од ден на ден се влошуваа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Господинот Орце Панчев има реплика, повелете.

**Орце Панчев:** Колега се Ѓорчев се кажавте, ама за буџетот 2014 година ништо не кажавте. Шетавме од Грција, Бугарија, до Ирска стигнавте и за жал не споредивте и со Англија. Како може такви споредби да правите, алал да ви е. Јас би ви препорачал да останете овде во Република Македонија, да одите во вашата изборна единица - Источна Македонија бидејќи Светска банка кажува дека Источна Македонија е најмизерно место за живеење во Европа. Вчера Еуростат кажа дека Република Македонија е 3 земја по сиромаштија во Европа. Треба ли други аргументи и факти за работењето на оваа Влада? Треба ли бројки или така си зборувате вие споредувајќи со некои други земји и како да не живеете во реалноста, во Република Македонија. Исто така не ви беше точно тоа што го зборувавте за лани за буџетот и носењето на тој незаконски, неуставен, неделовен донесен буџет за 2013 година. Ако памтите добро, а треба да памтите дека понудивме амандман од 204 милиони евра кој што требаше да служи за реалоцирање на одредени средства од непродуктивните трошења на оваа Влада како Скопје 2014, споменици, шетање по светот, реклами, кампањи и сето тоа да одат во нешто што е продуктивно и ќе донесе развој во Република Македонија. Тоа беше еден амандман што го понудивме пред да не исфрливте овде од Собранието на Република Македонија. Точно е тоа рековте и сами паѓаат нарачките од нашите трговски партнери, па како ќе се зголемува овој наш буџет. Рече и министерот, сите знаеме дека сега имаме пад на нарачките од сите наши трговски партнери: Германија, Италија, Србија, Бугарија, Грција, а буџетот расте и расте и расте и се зема од стопанството, од економијата, од граѓаните на Република Македонија, па до каде можат да издржат тие. Дали вие сте излегле да ја видите реалноста. Одете во Источна Македонија да видите. Има населени места без граѓани веќе, нема луѓе, отидоа. Стари луѓе таму што живеат, што не можат да најдат чаре каде да одат низ белиот свет да најдат работа за парче леб за да опстојат. Е тоа е политиката на оваа Влада и едно точно рековте во вашата дискусија, како е предложен буџетот - така ќе го изгласаме. Тоа го рековте. Тоа е точно, вие сте машина за гласање и без разлика што и во амандманската расправа се обидовме да дадеме квалитетни предлози, ситни предлози, предлози кои што решаваат секојдневни нормални проблеми на граѓаните на Република Македонија вие ништо не прифативте и како што рековте ќе го усвоите буџетот. Ние знаеме дека ќе го усвоите, но наша задача е да го кажеме размислувањето на тие граѓани кои што го полнат тој ист буџет.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Владимир Ѓорчев има контра реплика, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам.

Колега Орце неколку работи треба да се кажат во врска со ова. На почетокот на оваа година во јануари се заврши најголемиот проект изминативе 30 - 40 години во Источна Македонија, а тоа е браната Злетовица. За браната Злетовица 20-30 години station наназад се збореше, ништо не се направи, камен не се дигна, браната Злетовица се заврши. Браната Лисиче во Велес се градеше од 1989 на1990, сега се направи. Во Источна Македонија

ниту една единствена фабрика се немаше отворено, странска поголема во изминативе две децении. Гиганти се затворија. Сега со зоната во Штип се отвори голема фабрика која што досега има 800 луѓе вработени која што веќе вработува, до Нова година ќе има бројка од околу 1.000. Значи навистина големи проекти, конкретни проекти, а следната година за неколку месеци дојдете на почнувањето на работите, ќе го отпочнеме и автопатот за Источна Македонија од Скопје кон Штип.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Голупчо Ангелов има реплика, повелете.

**Голупчо Ангелов:** Благодарам.

Колега Ѓорчев кога ве слуша човек ама кој не живее во Република Македонија со право ќе може да си каже блазе си им на Македонците, блазе си му на македонскиот народ, блазе си им на тие граѓани што живеат во Република Македонија колку се среќни, колку се среќни со оваа Влада предводена од ВМРО ДПМНЕ. Добро се слушате ли што зборувате вие. Се прашувам се слушате ли што зборувате? Која паралела ја правите, значи секаде има проблеми, сите држави се соочуваат со проблеми, само Република Македонија најмалку. Направивте споредба со италијанците, со британците, со словенците, швајцарците, англичаните. Сите се соочуваат, тешко си им и на Англичаните, и на Швајцарците, само на Македонците им е најдобро. Машала. И навистина. Вие навистина изгубивте ориентација за тоа како се живее во Република Македонија. Осум години сте на власт, бегате, забегувате од реалноста. Не можам да сфатам, па вие бевте носител во тројка. Изборите не беа пред сто години, па знаете со кои проблеми се соочуваат граѓаните во Изборна единица број 3 и денес правите споредба, правите паралела во делот на проблемите на граѓаните. Македонија ја споредувате... и да беше овде Ставрески сега вие пак ќе имавте проблем, човекот претходно во експозето не споредува со Турција и Летонија после нив во делот на БДП, вие пет минути од вашиот говор 20 мин. употребивте на споредба Република Македонија - Грција. Ќе имавте повторно проблем. Среќа ваша што не беше тука. Сериозен проблем е тоа. Пет минути зборувавте, споредба Грција - Македонија. А Ставрески вели пред нас се само Турција и Летонија. Ако е толку многу убаво во Република Македонија јас не гледам наплив на луѓе од надвор да дојдат заинтересирани граѓани од други земји да живеат во Република Македонија. Согласно податоци од институциите кои што вие ги контролирате, вие ги раководите, 450.000 граѓани ја напуштиле Република Македонија. Што мислите вака, поставете си прашање, зошто ја напуштиле, од убаво ја напуштиле, или има навистина проблеми. Зборувате за стапка на невработеност, зборувате за стапка на сиромаштија, од ракав тресете бројки, навистина ви кажувам. Кога би ве слушнал човек кој што не живее во Република Македонија ќе си каже овој народ навистина живее среќен живот. Зошто овие другите се бунат, зошто се жалат, не знаат да кажат. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Владимир Ѓорчев има контра реплика.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам.

Факт е дека во Македонија се живее тешко, но треба да ги споредиме работите и да видиме кога состојбите се влошувале, кога состојбите се подобрувале. Од една страна имаме 0 зголемување и одземање на пензионерските 8%, од друга страна зголемување на пензиите 40%, а најмногу на најниските пензии сега дополнително и 5%. Имаме 38% проценти невработеност-, наспроти 28% невработеност. Од една страна имаме ТАТ од друга страна Џонсон Контролс. Од една страна имаме Алфа Собрание од друга страна имаме Маркард нова фабрика што ќе се гради во Велес. Од една страна имаме 60 изградени спортски сали во цела Македонија вклучувајќи и во секое населено место во Источна Македонија од општинските центри наспроти 0 од една страна имаме ниту еден изграден километар автопат, наспроти изградени автопатишта. Неизградена Злетовица, наспроти изградена Злетовица. Немање бесплатни учебници, со бесплатни учебници. Не зголемување на социјалната помош, наспроти зголемување на социјалната помош, итн. Нула субвенции, наспроти субвенции за сите култури. Слободно можеме да дебатираме, сите аргументи се и тоа како убедливи и немате едноставно што да кажете. Само демагогија. Благодарам.

**Трајко Вељановски:** Благодарм господине Ѓорчев.

Да бидеме коректни. (без нервоза колеги).

Следен за збор е госпоѓа Узеири Ферати Мерал. Не е тука, го губи правото за збор.

Следен за збор е госпоѓа Билјана Казанџиска. Повелете.

**Билјана Казанџиска:** Благодарам.

Почитувани граѓани минатата година од истата оваа сала бевме замолчени од министерот Ставрески, а исто така по негова наредба бевме исфрлени, а пратениците од власта аплаудираа, сликаа, снимаа и правеа се што недоликува на зборот со кој се нарекуваат наши колеги. Оваа година, истиот тој министер го чекавме 40 минути за да почне со своето излагање, но тој дојде и ја замолчи власта, на пример Ѓорчев. Се пријави човекот за реплика на интервенција на министерот исто како и на амандманската расправа се одјави од репликата и потоа Ставрески избега, и на негово место седна заменик министерот. Е сега заменик министерот е полиберален во објаснувањата, тој дава широки објаснувања за амандманите, со една реченица амадманот не се прифаќа и толку ништо повеќе. Од друга страна пратениците, па не е грешка ни пратениците од власта кој никој не смее да се јави на реплика или пак не дај Боже да дебатира и да брани ставови, да брани буџет, да ги брани граѓаните кои им ја дале довербата како што

велат на избори за да го подобрат нивниот живот. Тие решија да молчат така им наредија и да продолжат да поддржуваат криминал. Изгледа Влатко Ѓорчев само на избори оди во изборна единица 3 и овде говори паушално. Очекував барем еден збор да кажете во вашите 20 минути за изборна единица 3 и овде од говорница замислете тој кажува за лажирани избори во општините. Или Влатко Ѓорчев повикува фатете го крадецот а заборавaат како ги добиваат изборите. Со каков фалсификат и со каков криминал. И да биде фарсата поголема, пак се подготвувате за криминал, ќе ви кажам пример 1.7000.000 гласачи во Република Македонија. Каде се малолетните, каде се 400.000 иселени може и за верба е по вмровската математика бидејќи Македонија е единствена држава во која нема попис. Тие за наредните избори можат и 2.500.000 гласачи да утврдат не е проблем. Колку треба, толку гласачи според математиката на ВМРО ДПМНЕ. И, замислете ги искажа овде сите лошо стоечки држави во Европа, Велика Британија, Ирска, Австрија, Франција, дно луѓе дно, никој да не оди таму да живее. Македонија убавини, ама замислете нашите граѓани одат таму. Јас не сум слушнала некој од Велика Британија да дојде овде да бара азил, бидејќи во Македонија многу убаво се живее, според демагогиите на Влатко Ѓорчев. Колега Ѓорчев наместо да ги казнувате политиките на европските држави, подобро ќе беше да се заземете малку повеќе за граѓаните на изборна единица 3, да ги тргнете оние фарси, оние потенции низ села зад кои се крие само беда и сиромаштија. Реалноста е таква во Република Македонија, ама вие одамна сте го изгубиле чувството за реалност и затоа така говорите дека во Македонија се живее.

Почитувани граѓани после експозето на Ставерски ставете ги розовите очила, Македонија е прекрасно место за живеење или прекрасно место за умирање, бидејќи младите се иселија. Останаа само возрасните и оние што не можат повеќе да работат во странските држави. Денес ако треба да се даде најреална слика за буџетот за 2014, ќе дадам три заклучоци. Првиот заклучок буџетот е криминален, вториот заклучок буџетот е рекетарски и третиот заклучок буџетот е изборен. Зошто велам криминален. Оваа влада никако не сака да се откаже од лудилото Скопје 2014 година и оваа година се планирани да се истурат милиони евра за стариот театар, од планираните три милиони евра со овој буџет за Етно село се планира 6,2 милиони евра. 12 милиони евра за Панорамско тркало, 9 милиони евра за шетање по светот, за хонорари, за автомобили, за плажи, за коњи и кочии, реклами на Владата и уште какви не лудости. Само стариот театар од првично планираните 6 милиони евра денес чини неверојатно 39 милиони евра со анекс договори од 33 милиони евра. Зошто велам дека е рекетарски, бидејќи со овој буџет ќе им земете 7 милиони евра повеќе на граѓаните на ставката глоби и казни. Почитувани граѓани ова се вашите пари, овој буџет е вашата мака, овој буџет е вашиот труд, вашата сегашност и вашата иднина. Овие глоби ќе мора да ги платите на оваа власт која ќе ви земе 7 милиони евра повеќе од минатата година. И вие почитувани граѓани ќе треба да платите за гламурот и за црвениот тепих, за завесата на стариот театар, ама во овој буџет нема пари за лагите и ветувањата во изминатите 8 години во преродбата, 100 чекори наназад - 100 чекори нанапред, не знам каква беше и Манифестот. И што вели Ставрески, замислете ја срушиле психолошката бариера и дека невработеноста од 30% ја намалиле на 28,8%. Каква психолошка бариера. Тоа не се бројки, тоа се живи луѓе кои се сеуште невработени, живи луѓе кои сеуште живеат во сиромаштија и сеуште имаат психолошка болка, не бариера од вашата ненародна власт. Како е можно вработувањето да го намалите, невработеноста да се намали, да расте вработувањето, а придонесите во Буџетот во Фондот да се намалуваат. Дупката во Фондот од 6% во 2006 сега е 22%. А вие велите цвета, одлично е, ама сега ќе ви прочитам едно истражување каде ви е замката. Ова се официјални статистики, ова не се од лошите од СДСМ, ова се анализи направени од институција во интерес на реклама во наводници, а не ја спомнувам која е. Според последното соопштение на Државниот завод за статистика на чии податоци се повикуваат властите во второто тромесечие од 2013 година, стапката на невработеност изнесувала 28,8%. Но каде е оптичката замка. ДЗР ваквиот процент не го изведува од целото работоспособно население, туку од она што тие го нарекуваат активно население. Под ова ги подразбираат збирот на вработени и невработени кои според последните податоци е 952.327 лица од кои вработени се 678.000, а 273.000 се невработени. Она што е уште поинтересно, за да се сметате во категоријата вработен, доволно е да сте работеле и еден час, макар и без пари, за да сте помагале на семејниот имот. Но за да се влезе во категоријата невработен треба да се помачите и да докажете дека активно сте барале работа. Во спротивно ве нема во ниту една категорија. Значи, ова ги покажува, а вакви фантоми има многу, ги покажува вашите политики на пиши -брише луѓе во агенциите за вработување каде што само во еден ден избришавте илјадници луѓе од активни во пасивни, барале работа, не барале работа и затоа сте ја срушиле психолошката бариера. Лага, лага невидена.

Велите дека, Ставрески рече, овој Буџет е Буџет на граѓаните. Господа патриоти не е патриотизам да изградите што повеќе споменици на што помал простор, патриотизам е да се сака, да се помага на сопствениот народ, да му го подобрите животот, а не да ги бркате од државата. Знаете ли колку ви вреди народот, пет амандмани. Замислете Ставрески кажа сега уште една лага, една милијарда за клиничка болница во Штип и Скопје. А нашите амандмани не беа прифатени. Е

па ако е тоа вистина, доколку е вистина тогаш колегите од изборна единица 3, еве овие од тројка, ќе гласаа за. Се сеќавате како Трајче Димков ме убедуваше за проектите на Владата за која требало да гласам, ама тој избега кога требаше да гласа за амандмани за Штип. Истата таа клиничка болница ја ветувате во 2012, 2013, 2014 и не знам можеби уште пет години, три пати до сега камен темелник удирате на нешто виртуелно од Штип. Ги молев пратениците од изборна единица 3 да гласаат за живот на граѓаните, ги молев да ги решат основните егзистенцијални проблеми. Но тие решија да бидат горди послушници и да гласаат по налог на власта.

Почитувани граѓани, оваа завеса во стариот театар чини исто колку и да се стави водовод во седум турски села со кои ќе се згрижат 1300 жители од Плачковичкиот регион. Пратениците од тројка гласаа за оваа завеса, ама гласаа водовод во турските села.

Почитувани граѓани, оваа фонтана во Скопје чини исто како и пат во Плачковичкиот регион, еве во какви услови живеат овие луѓе, еве од каде не можат да се симнат за да си ги извршат основните потреби во најблиското урбано место бидејќи власта одлучи да имаме фонтана, а не сака да има пат. Ова е реалноста, а не она што говорите за странските држави.

Почитувани граѓани, овој театар чини колку и клиничката болница во Штип што во Буџетот ја нема, а Ставрески лаже дека оваа година една милијарда има за клинича болница во Штип. Еве го Буџетот, еве го разделот за здравство, ајде патриоти пронајдете каде има пари за клиничката болница во Штип. Еве ги условите во болницата во Штип, еве ја реалноста, оставете ги златните театри со златни славини и скапи плочки, Еве како се лекуваат пациентите во Штип. Оваа фонтана на власта чини исто колку еден старски дом во Штип. Три години го барам со амандмани овој старски дом. И оваа година го нема, еве го Буџетот, го нема. Немојте да манипулирате, немојте да лажете, нема пари за такво нешто. Барав со амандман 160 милиони денари истата сума колку што вреди оваа фонтана, ама имаше пари за ова, а нема пари за старски дом во Штип. Оваа скулптура вреди колку студентски дом во Штип, кој го ветувате 8 години. Избори добивате со лажни ветувања дека ќе изградите студентски дом во Штип. Штип се соочува со проблем со сместување на студенти. Еве ги натписите дека универзитетот Гоце Делчев од пред неколку години доби градежно земјиште во штипската населба Сења каде што треба да се изгради студентски дом. Таму е предвидена изградбата на студентски дом и место за сместување на околу 1500 студенти како и простор со повеќе придружни објекти за спорт и рекреација. Во Штип нема доволно места за сместување на студенти што заедно со студентскиот дома барав, ова е ваше ветување, вака ги лажевте младите во Штип. Да се изгради затворен базен во склоп на Универзитетот, за потребите на универзитетот. И за ова немавте пари, решивте да изградите фонтана во центарот на Скопје. Еве го Буџетот, еве ги парите за изградба за студентски домови. Нема пари во Буџетот за такво нешто. Немојте да се осудите од говорницата пак да мамите дека имате предвидено пари. Барав автобуси за јавен градски превоз, немавте слух нашите пензионери да ги имаат истите поволности како што ги имаат пензионерите во Скопје. Од 32 милиони евра фрлени за автобуси за Скопје барав само 2 милиони евра за Штип. Зошто да има 200-300 автобуси во Скопје, а да нема десет автобуси за јавен градски превоз во Штип. Не баравме ни од тие скапите по 200 илјади евра што Ставрески и неговите другари ги прават зделките. Ние баравме од оние поевтините од 120 илјади евра од Волво. Не мораше да бидат од украинските и кинеските, еве нашите нека бидат поевтини. Пет уништени тендери за да се договори процентот, ама процентот за група граѓани, за свита од Владата ама не за граѓаните. Баравме да направите пат Штип - Кочани - Делчево. Пат кој поврзува граничен премин, пат кој на неколку места има црни точки каде што гинат граѓани. Замислете овој пат сте го ветиле во манифестот, дури сте ветиле дека ќе биде автопат за потоа во преродбата исто така сте ветиле дека ќе има пат Велес - Штип - Делчево - граница и тоа во 2010 година најдоцна до 2012 година. И замислете истиот топ пат веќе сте го изградиле, велите дека ќе го дадете под концесија со наплата на патарина. Е па да ве прашам, ако 20 милиони евра собирате пари од патарина, каде се до сега за осум години овие пари. Зошто овие пари што ги собирате од граѓаните не ги насочувате пак кон граѓаните не изградите пат. Овој амандман беше од вашите ветувања, од вашите лаги од изборна единица три. Не сакавте ни да размислувате, едногласно амандманот не се прифаќа, нормално што претставниците од Владата. Ги знаете ли или да ве потсеќам колку лица само загинаа по овој патен правец. Барав пат за поврзување на општината Карбинци со Виница бидејќи ја направивте општината инклава. Мостот кој ги поврзува општините е срушен, нема од каде да излезат ни земјоделските производи ни онаа мала индустрија која опстојува во таа рурална општина и за тоа немавме слух и за тоа немавте пари. Еве ви ги, ви барав пари да си го решите криминалот во Штип со платформите за паркирање што го уништија централното градско подрачје благодарение на вашите градоначалници. Ѓорчев, твојот верен другар Алексов зема кредит од 2 милиони евра што граѓаните на Штип треба да вратат 2,5 милиони евра за да го направи ова зло дело во центарот на Штип. Сега исто така вашиот градоначалник Илчо Захариев вели, не ми треба мене платформи, не го признавам кредитот. Па нели се од иста партија, нели се договарате кој што ќе направи. Кој ќе ги плаќа штетите за ова уништено централно градско подрачје. Кој ќе ги плаќа пеналите со бугарската фирма каде што исплативте 200 илјади евра. Дали некој ќе одговара. Го уништивте градот, ја уништивте цела изборна единица три со вашите ветувања и

демагогии. Еве ви ги написите каде што само што не почнале да се градат платформите. Ви барав пари за да се реши депонијата во Штип. Знаете ли дека свињи шетаат по депонијата, знаете ли со каков проблем Штип се соочува и за тоа немавте пари. Да не говорам за стечајците за кои бегавте, еден збор не кажавте. Буџет тежок 3 милијарди да немате ниту едно евро за граѓаните од изборна единица три. Не идете повеќе таму за гласање, вие немате пари, немате слух за нив, ама и тие немаат слух за вас.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Димков Трајчо има реплика, повелете.

**Трајчо Димков:** Благодарам претседателе.

Почитувана колешке, жалам што не зборувавте многу за Буџетот, туку пак малку како минатите слики, како за ланскиот снег меѓутоа тоа е тоа. Јас не би се сложил со вас, не се согласувам дека Буџетот не е добар и дека бил не знам криминален итн, рекетарски. Сметам дека е развоен, ги опфаќа сите краеви подеднакво во Македонија и ги опфаќа сите сегменти на живеење. Мора да се сложиме со тоа, тоа го покажуваа и досегашните активности. Вие и минатата година истото го зборувавте и го зборувате неколку години по ред, меѓутоа еве се движи работата, се прават и сали, се прават и патишта и се се гради. Значи, имаме и зголемување на пензиите, ќе имаме зголемување и на платите, се вложува во образованието, во континуитет се вложува во здравството, се вложува во енергетиката, во инфраструктурата, значи во социјалните програми, итн. Немојте да заборавите дека за сите е ова важен, бидејќи стратегиски се гради нова клиничка болница, автопатот Скопје - Миладоновци - Штип исто така е многу важен меѓутоа еден дел што сите забораваат да го кажа тоа е делот од патот Велес - Кадрифаково кој ќе биде во ширина од 11 метри. Значи во моментот се гради на него, се работи веќе наредната година ќе продолжи и тој да се прави. Зборувавте за амандманите, да ви кажам за нив. Значи, кога се донесе Буџетот после тоа излегувате со амандмани на луѓето им велите, еве ние што планираме, ама вие не давате. Јас не сум во Комисијата и не можам д гласам, прво не ги манипулирајте луѓето не ги гласајте. Реков, се што е за Штип јас ќе се борам и ќе стојам за него, значи за доброто на Штип. Меѓутоа не сум во Комисијата и не можам да гласам. Сега ќе ве прашам вас, дали вие ќе гласате за Буџетот. Еве вие кажете дали ќе гласате за Буџетот. Јас го кажав тоа, сега вие ве молам пред оваа јавност и пред штипската јавност кажете дали ќе гласате за Буџетот. Дали ќе гласате за болницата. Дали ќе гласате за автопат, дали ќе гласате за сите тие патишта, спортски објекти што треба да се прават. Ќе ми биде мило. Значи, од друга страна, зборувате за една работа, не знам како било и што се случило, што вие направивте. Значи барате, а што вие направивте. Зборувате за Карбинци, има многу да се зборувам, ќе се потрудам во мојата дискусија да го кажам тоа. Ќе ви кажам една работа како да ви веруваме бидејќи немате ништо направено и што понатаму планирате да направите. Само еден момент. Кога зборуваме за Карбинци. Од 45 година сте на власт, 15 години по ред имаше градоначалник, зошто тој не направил, зошто, требало да направи човекот. Требало нешто да направи. Е сега, вака, една работа, за Карбинци, за градинката само ќе ви кажам, градинката вашиот Совет не ја изгласа и не беше убаво. Сега се изгласа, помина на овој Совет, меѓутоа, за срамота, еве вака вие работите, за градинка за која имаше средства, а вие за инает да не се направи во времето на тој градоначалник намерно не гласавте. Така вие работите.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Госпоѓа Казанџиска Билјана има контра реплика, повелете.

**Билјана Казанџиска:** За она што требаше да зборите за тоа зборите, за Карбинци. Нели ви е срам да зборите за Карбинци. Се што е направено во Карбинци е направено од претходниот градоначалник кој благодарените на вас почина, срам да ви е, и вие говорите овде за општина Карбинци. За каква клиничка болница говориш Трајче Димков, еве го Буџетот. Ајде пронајди ги парите каде се за клиничка болница. Ќе сте ги зголемеле пензиите и платите. Ќе од глаголот лажам. Се сеќавате дека гласавте закон, дека ниту платите, ниту пензиите ќе ги зголемите во 2014 година. Или вие не знаете што гласате. Да ве потсетам уште нешто, еве ја лагата на Ставрески за минатата година дека прифатил амандмани. Еве ги амандманите оваа година истите амандмани. Ако биле прифатени, немаше сега да бидат овде. А зошто сум ги читала амандманите. Благодарение на вашиот диктаторски Деловник кој не даваше простор да ги прочитаме, да ги искажеме желбите на граѓаните. А вие ако бевте прав пратеник од Штип и изборна единица три, ќе ги убедувавте тие околу вас да го подобрат животот. Ќе гласавте и за стечајците и да се засрамите за тоа што го кажавте за Карбинци.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Ѓорчев Владимир има реплика, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам.

За законот за стечајците прашајте го Бранко Црвенковски, вашиот лидер кој што е го потпиша Законот за стечајците. Кога и да спомнете за таа тема секогаш ќе ви биде одговорено, Бранко Црвенковски не го потпиша Законот за стечајците. Законот за стечајци го донесе парламентарното мнозинство на ВМРО-ДПМНЕ и точка. Во тој дел немате што да кажете.

Друга работа, ајде да споредуваме госпоѓо Казанџиска. Нула денари за пченицата, јачменот и за оризот и за сончогледот. За пченицата, јачменот, оризот и сончогледот по хектар 9 илјади денари плус 3 илјади денари за користење семенски материјал, плус дополнително 3 илјади денари за сончоглед и ориз. Нула денари за владите што вие ги поддржувавте, сега 60 денари

за тутунот за еден килограм. Нула денари за пчелно семејство, сега 600 денари за пчелите односно по преземено пчелно семејство. За говедата нула денари, сега 2800 денари плус 1500 денари за женско теле. За овошен насад нула денари, а сега за овошен насад од 15 до 90 илјади денари зависно од културата. За млекото нула денари, сега 3,5 денари и за кравјото и за овчото млеко.

Понатаму, за градинарството нула денари, сега 25 до 30 илјади денари. За лозовите насади нула денари, сега 40 илјади денари. Бранко Црвенковски и СДСМ немаат отворено ниту една спортска сала во источна Македонија. Оваа гарнитура има отворено спортски сали во Светиниколе, во Штип, во Карбинци, во Пробиштип, во Злето, имаме отворено спортска сала во Крива Паланка, во Пехчево, во Берово, во Делчево две спортски сали, во Македонска Каменица, во Кочани и во други населени места. Кажете ми една спортска сала, една единствена која што ја има СДСМ отворено. Прашајте ја Цветанка Иванова, тука е, прашајте го Игор Ивановски, што беа пратеници зошто 2004 година не гласаа за отворање на Универзитетот за Источна Македонија. Сега има 9000 студенти во Штип, а вкупно 12 илјади низ цела источна Македонија. Прашај те ги зошто ни еден метар пат немаат направено во источна Македонија.

Јас ќе ви кажам од Стратин до Кратово, од Кратово до Пробиштип, јас ќе ви кажам дека се во моментот се гради патот од Штип до Велес, ќе ви кажам 9 километри реконструирани, од Виница до Берово и понатаму можеме да продолжиме да зборуваме за конкретени работи. Вие ништо немате да кажете. Клиничката болница ќе се гради, ќе се гради и ќе биде направена. И кажете ми еднаш, еднаш во својата кариера Бранко Црвенковски зголемил пати и пензии. Ниту еднаш. Нула. Ниедна спортска сала, ни еден проект, ниту една Злетовица. Ништо.

**Трајко Вељаноски:** Колеги пратеници сепак да бидеме конкретни.

Госпоѓа Казанџиска Билјана има контра реплика, повелете.

Вистина, само два пати Бранко го спомна, уште еднаш да го спомнеше Бранко. Ама забораваш дека ФЕСЕЛ 2 аранжманот твојот лидер го потпиша и направи една армија стечајци. Како ќе се појавиш пред стечајните работници од изборна единица 3. Нели ти е срам како ќе одиш да шириш лаги. 8 гони лаги. 8 години истите приказни, ту Македонија прва во светот, ту втора во светот. Ама вистината е една први сме да, ама во мизерија. Благодарение на шампиони во мизерија не направивте. Не знам за какви субвенции зборувавте, за какви челни семејства. Еден збор јас во мојот говор не кажав за земјоделие. Се губите колега, се губите во говорот. Погледнете Македонија е трета на листата на најсиромашни земји и вие велите цветаат рози во Македонија. Европа повели во Македонија Влатко Ѓорчев шири демагогии дека ние прекрасно живееме.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Џемајловски Мевмед, повелете.

**Мевмед Џемајловски:** Благодарам господине претседател.

Почитувани колеги пратеници, господин заменик министер, почитувани граѓани,

Пошто веројатно вас најмногу ве има пред малите екрани да го гледате овој циркус во Собранието на Република Македонија тоа е можда најважното сега, наместо да разговараме и да дискутираме за она што е на дневен ред, за буџетот, ние постојано ќе се расправаме и ќе се препуцаваме овде, но тоа е македонска работа или ништо друго и треба така да продолжиме најверојатно.

За жал, не е тука министерот, почитуван заменик министер, јас ќе кажам, неколку бројки, ќе се вратам, ќе пробам да ја вратам дискусијата на дебатата на она што е точка на дневен ред Буџетот на Република Македонија кој што е од прилика околу 3 милијарди евра, кој што треба да е основа за идното движење на Република Македонија во 2014 година. Буџет кој што од прилика 2 милијарди и 600 милиони евра планира предлагачот на овој предлог буџет да собере а околу 2 милијарди и 900 минилиони евра треба да потроши, што значи околу 300 милиони евра помалку ќе се соберат, отколку што ќе се потрошат и тоа е знак на односот на Владата како се однесува кон средствата на Република Македонија и кон иднината на младите генерации во Република Македонија, затоа што овие, овој дефицит од 300 милиони евра, 3,5% како што вели министерот во неговото експозе за Предлог буџетот, дека ќе бидат обезбедени со позајмување, односно со кредити од внатрешни и странски инвеститори, односно банки или инвестициски куки. Така да сметам дека од овој буџет, колку и да е, мал или голем, треба да има еден дел од оние средства и за граѓаните кои што ние ги претставуваме како пратеници во ова Собрание на Република Македонија.

Еден дел од овие средства како и обично се планираат да се потрошат за плати и придонеси на сите вработени во администрацијата, во Република Македонија тоа се околу 400 милиони евра. Еден дел од околул 370 милиони евра вели предлагачот на буџетот дека ќе бидат потрошени за капитални инвестиции, т.е. за инвестиции кои што треба да донесат развој на Република Македонија, на вкупното стопанство во Република Македонија, како што вели министерот во предлогот, вели дека овој буџет е развојен буџет, да се надеваме дека е така, но од она што до сега сме го имале во Република Македонија од изминатите буџети не било така и не било многу инвестирано во развојот, тоа се гледа и од структурата, односно од инфраструктурните проекти кои што се сега на користење на гра□ѓаните на Република Македонија, патната инф□ра□структура□железничката инфраструктура, бидејќи немаме пристаништа, немаме море, нема таму што да се инвестира и нема потреба за

инвестиции. Но во овој дел барем требеше малку повеќе да се инвестира за да можат оние средства што Владата ги планира и што ги троши во изминативе години од кога сум јас тука, дел од ова Собрание, гледам дека премногу средства троши Владата во делот на промоција на економските политики и на поволностите кои што како што вика Владата за инвестирање за привлекување на странски инвсетитори во Република Македонија, но, основата за тие странски инвеститори не е уште на тоа ниво, на кое што треба да биде. Значи патната инфраструктура ни е во катастрофална состојба, железничката да не разговараме, фала Богу дојде моментот и аеродомите ги дадовме на концесија, таму нешто е подобррена ситуацијата, но има уште многу да се вложува. Има многу да се влошува и заради тоа мислам дека треба во тој правец Владата и ова Собрание да дадат максимум да најголем дел од овие средства не да бидат потрошени за промоција како што вика за економска промоција на Владата, туку за економско заздравување на државата во делот на ифраструктурните проекти. Морам да споменам кога сум веќе тука кај буџетот и кај прибирањето на средства за овој буџет, реков околу 2 милијарди и 600 милиони евра планираа да прибере државата во буџетот од кои што околу 30 милиони евра треба да се приберат, така вели во буџетот, во предлог буџетот, Владата од глоби и казни од граѓаните на Република Македонија. Кога сум веќе тука, морам да кажам дека ваквата политика на однесување на Владата на Управата за јавни приходи и на сиот апарат кој што треба да ги прибере овие средства во буџетот на Република Македонија е катастрофален по граѓаните на Република Македонија, заради тоа што точно од моето место од Струга, од каде што доаѓам, заради едно вакво недоразбирање на еден локален инспектор со даночните обврзници, почитина еден човек, од моето место почина еден човек од инфаркт од возбуденост заради тоа што немаше разбирање со инспекторите кои што идат на контрола, кои што се принудени и мора, се присилени да наплаќаат, да казнуваат имало или немало основа да казнуваат. Тоа не е политика која треба да е одлика на граѓаните на Република Македонија, ниту на оваа Влада и за тоа сметам дека не е тоа во ред и понатаму да се однесуваат вака тие кои што се задолжени да водат контрола, да водат сметка за прибирање на средствата од даночните обврзници, но не по секоја цена да мора да бидат казнувани, да може оваа бројка од 30 милиони евра да биде исполнета и да биде дел од средствата кои што треба да влезат во буџетот. Тоа е една работа.

Втората работа, почитувани колеги пратеници, почитувани граѓани, значи, ако бил овој буџет развоен, ако министерот Ставрески побара поддршка од сите пратеници кои што беа присутни, од сите кои што се дел од ова Собрание, зошто не најдоа за сходно во делот на амандманската расправа на Комисијата за буџет барем дел од овие наши предлози, амандмани од страна, од опозицијата кои што исто така се предлози за подобрување на инфраструктурата, за подобрување на состојбите на живеење на граѓаните од каде што доаѓаме ние како пратеници, како на пример од Струга. Еве јас сум пратеник од Струга, од Струшкиот регион, доаѓам, имаше амандмани за дислокација или за регулирање на депонијата која што е на само 500 метри, не цели 500-тини метри до центарот на градот Струга, а имаме градска депонија, која што е навистина оипасаност во иднина за кратко време ќе биде сериозно опасно за градот. А едно туристичко место во кое што очекуваме и велиме дека ќе градиме и очекуваме туристи да ни доаѓаат. Како ќе доаѓаат кога депонијата ни е на цели 500 метри од градот. Имаме амандмани поднесени за изградба на еден затворен базен, кој што е руина, кој што е затворен, кој што е гнездо на наркомани и на не знам какви собиралишта и не знам какви луѓе, а за малку средства можеше да се изгради. Имаме амандмани поднесени за населено место Лабуништа, кое што брои 8 милиони и повеќе, скоро 10 илјади жители, да се соочува со проблемот со вода за пиење. Октиси со канализација, канализациона мрежа. Боровец, Подгорци, Маврово, Ростуше итн., Цветово, вода за пиење нема. 4 милиони амандман за вода за пиење да немало средства. Ние овде разговараме сега колегите зборуваат за не знам какви субвенции, за  не знам какви пари.

Колеги пратеници, околните држави околу нас, милиони евра и илјадници метра автопатишта изградиле. Тие веќе не разговараат за вакви работи. Тие веќе сите законски услови и предуслови ги исполниле и тие субвенции добиваат во најголема мера од европските фондови. Од Брисел добиваат огромни милијарди евра добиваат средства, ние сеуште се занимаваме со банални работи овде со обични не знам, сега уште трошиме пари за најневажни работи за граѓаните, како цела Македонија да е во Скопје.

Почитувани колеги пратеници и Лабуништа и Подгорци и Дебар, Дебар, одете поминете да видете каква е ситуацијата со одроните сега. Баравме 20 милиони, 40 милиони денари за поставување на заштитни мрежи, баравме 5 милиони денари во минатата година. Минатата година беше прифатен еден амандман за населено место Ростуше за реконсрукција на водоводната мрежа во населеното место во која што има сеуште абесни цефки кои што предизвикуваааат канцер на граѓаните, ние немаме средства. Ем не беше искористен тој амандман, не беше реализиран тој амандман, ем сега, повторно оваа година не беше прифатен. Ниту беше предложен од страна на предлагачот, ниту беше прифатен од страна на членовите на Комисијата. Дури некои од колегите од колешките пратеници кои што се членови на Комисијата и сакаат да манипулираат сеуште со граѓаните, дека наводно бил објавен тендер, дека ќе бил избран изведувач итн. тоа е срамота, тоа е

греота. Навистина нема смисла да се манипулира сеуште со граѓаните, со вакви огромни бројки со вакви цифри кои што треба да бидат дел од буџетот кои што треба да бидат дел од средствата со кои што треба да се задоволат потребите на граѓаните, ние сега да манипулираме, а имаме средства колку што сакаме, милиони евра, милијарди денари, да трошиме за непродуктивни работи. Ова не е во ред. И овие граѓани живеат во Република Македонија. Сите. Сите. И Цветово, и Велебрдо и Подгорци и Лабуништа и Боровец се во Република Македонија., не е само Скопје. За тоа мислам дека треба малку повеќе да се посвети внимание на сето ова, инаку јас како пратеник во Собранието на Република Македонија по трет пат, ова е четврти пат, предлагаме скоро исти амандмани, предлагаме скоро за истите населени места, истите проблеми, нема слух, како ние треба да излеземе пред тие граѓани, а барате ние да го поддржиме овој буџет. До кога вака. До кога вака, со вакво насилно однесување, со вакво неприфаќање на нашиве аргументирани предлози. Аргументирани амандмани. Не зборуваме за нешто апстрактно. Зборуваме за нешто конкретно кое што е, дел од секојдневното живеење на овие граѓани. Во Ростуше имате направено спортска сала, која што треба да се гледа. Во ред е и спортската сала, потребно е, многу попотребно е да се реконструира системот за водоснабдување во тоа населено место. Многу по потребно е. Тука имаме еден куп доктори, кои што се пратеници, кои што седат во овие пратенички клупи и точно и во власта. Зошто тие не станат и не кажат дека ова не е во ред. Дека ова е канцерогено, дека треба да се прифати и дека треба да се реализира. Амандман прифатен за 2013 година, не реализиран. Мислам дека навистина нема смисла, сето ова и сите овие препукувања што се случуваат, затоа што ако сака Македонија да оди напред, ако сака, мислам дека и заменикот министер, мислам дека министерот уште повеќе, мислам дека и тимот околу нив, знаат дека без инвестиции во инфраструктурата без сериозни инвестиции во инфраструктурата, колку и да сакаат да прават економска промоција на Република Македонија, тешко може да дојдат странски инвеститори. Ако ги спороедиме странските инвестиции во Република Македонија и во околните држави, кои што беа многу поназад, годините на назад, а сега се многу понапред од нас и во делот на инвестирањето и во делот на преговорите и во делот на приближувањето на законските регулативи кон европското семејство, мислам дека треба навистина да се замислиме, каде сме, што правиме и што треба да направиме во иднина. Ми е жал што министерот Ставрески не е тука, мислам дека тој е најодговорен, секоја чест и на заменик министерот, меѓутоа тој е најодговорен за оваа економска политика, за оваа финансова политика за Владата на Република Македонија и тој го знае ова и тој требаше да одговори дали ова е она што треба да биде. Дали на ваков начин треба Република Македонија да се однесува кон она што значи иднина на граѓаните и на нашите деца. Ако Република Македонија сака да оди напред мора да инвестира, навистина многу повеќе, ама реално а не само на хартија, дури и тоа што е напишано сега тука, голем дел од тоа не се реализира, ниту се реализираше минатата година, ниту се реализирало претходните години, ниту ќе се реализира оваа година. Ама така нема да одиме напред. Така нема да одиме напред. Треба да се почитуваат потребите на сите граѓани, ама треба да се почитува и иднината на оваа држава. Ако сакаме да ја градиме државата, тогаш треба да одиме во тој правец. Ако сакаме само партијата да ја зајакнеме, правете што сакате, меѓутоа тоа нема да биде добро ни за Република Македонија ни за иднината на оваа држава. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Орцев Панче има збор, повелете.

**Панче Орцев:** Благодарам.

Малку е незгодно да се зборува во овие касни часови, но што да правиме, се работи за важна тема, ние сме претставници на граѓаните кои што тука треба да ги кажат своите мислења, своите размислувања, своите политики во однос на трошењето на парите на тие граѓани преку буџетот на Република Македонија.

Ни кажаа денес уште во своето уводно излагање, министерот Ставрески дека се работи за најголем буџет во историјата на Република Македонија и ако прашаме некој експерт кој што ја прати ова материја подолг период ќе ви каже, како карактеристика на оваа Влада е тоа што оваа Влада сака да прави најголеми буџети секоја година се поголем и поголем, затоа што едноставно сака да троши многу пари. Но, секој од нас како обичен граѓанин знае добро дека за да од паричникот да извадиш пари треба прво да го наполниш и тука е суштинското прашање за работењето фактички на оваа влада, затоа што оваа влада бара се повеќе и повеќе пари од стопанството, од економскиот сектор, од граѓаните, за да ги наполни овие огромни буџети. Оваа година за 2014 година предвиден за 2,87 милијарди евра. Суштинското прашање е дали е моќна нашата економија да одговори на прашањето на предизвиците за да го наполни овој буџет, но оваа наша Влада се разбра има решение, бидејќи нашето стопанство не е моќно да го наполни буџетот кој што оваа Влада сака да го истроши, да ги истроши тие пари, има решение со тоа што не задолжува т.е. минусот од дефицитот во Буџетот го покрива со кредити, дали од странство, дали од Република Македонија, но факт е дека тенденцијата за зголемување на јавниот долг во Република Македонија е се посилна и посилна, се повисока и повисока. Така да оваа Влада планира веќе јавниот долг во 2015 година да биде 34% од бруто домашниот производ, а во 2016 година дури 37,65 од бруто домашниот производ. Тоа е нејзината основна стратегија која што ако добро се сеќаваме ја базираше уште во 2006 година, врз

база и на тоа ги доби изборите во 2006 година и ги добива и понатаму, ветувајќи еден раст, развој на Република Македонија. Поминаа многу години и тоа што го ветуваше во 2006 година продолжува и понатаму. Значи, очекувавме економски раст, очекувавме многу странски инвестиции, раст на бруто домашниот производ од 6 до 7% на годишно ниво, намалување на сиромаштијата, социјална сигурност итн. итн. Тоа е се она што и во 2006 година и во 2008 година и во 2011 година, оваа влада го ветуваше на граѓаните на Република Македонија кој што и дава доверба за тоа на таа иста влада, но што имаме од сите тие ветувања кои што и стојат во нејзините програми, мислам дека фактички немаме ништо. Тоа го покажува реалноста. Имаме намалена економска активност, имаме помалку странски инвестиции отколку што очекувавме или од колку што вложуваме во привлекувањето на тие странски инвестиции. Имаме бруто домашен производ кој еве за 2012 година, ја имаме последната дефинирана бројка, беше минус 0,4% наместо како што реков 6,7% на годишно ниво, наместо вработувања имаме иселувања, токму така, наместо вработувања имаме иселувања. Зголемување на животните трошоци и намалување на куповната моќ и зголемување на сиромаштијата, последниот факт од вчера што го имаме од Евро Старт трета најсиромашна земја во Европа, после Босна и Херцеговина и Албанија, ние сме на трето место на ранг листата по сиромаштија во Европа. Сега, пак ни се нудат Буџети кои што не се соодветни на внатрешните и на надворешните економски состојби, кои што не опкружуваат. Ни се нудат буџети кои што не се реални и во старт се очекува тие буџети да доживеат ребаланс т.е. промени во најкус можен период. Мора да се признае нешто, дека оваа влада ако во нешто е многу добра, добра е во тоа да ги сокрие трошењата на парите од Буџетот на Република Македонија, на пример ќе се утепате од гледање на илјадници, илјадници бројки во Буџетот на Република Македонија и на крај пак не знаете, дали и каде ќе завршат сите тие пари, сите тие средства од граѓаните на Република Македонија. Еден очигледен пример за тоа е токму проектот Скопје 2014 година. Еве, после неколку години кога се доаѓа до некои сознанија дека се истрошени над 500 милиони евра, за проектот Скопје 2014 година, се отвораат некои моменти како се истрошени тие пари, дали директно од Владата, дали од Министерство за култура, дали од некое министерство или од општина Центар директно, но мора да им признаеме дека се мајстори за нетранспарентни буџети, Буџети кои што кријат суштински многу бројки, каде и како се трошат парите, дали тука има злоупотреби, колку има, дал има лични богатења и колку има, тоа ќе биде друга тема и замислете, почитувани граѓани, ако тие 500 или над 500 милиони евра барем 200,300 милиони евра беа потрошени во други намени. На пример, ако беа потрошени за кредити поволни, ниско каматни кредити за поттикнување на развојот на економијата на малото стопанство на приватните фирми во Република Македонија. Сигурно дека тоа ќе придонесеше многу повеќе за вработување во Република Македонија или ако беа потрошени за изградба на една хидроцентрала, или ако беа потрошени за изградба на гасоводна мрежа во Република Македонија или за било што друго, само не за Скопје 2014 година, кое што не придонесува или не носи ништо, освен за тие кои што го градат и покрај тоа како што реков има низа на злоупотреби во тој дел. Но, оваа Влада, тоа често го кажува овде, покрај тоа што сака да биде најголем работодавач е и најголем вработувач во Република Македонија, а ние ќе продолжиме да се молиме да ни отвараат фабрики некои странски инвеститори, да ни вработуваат ако остане уште некој работоспособен во Република Македонија тие странски инвеститори и извозот да ни го зголемуваат и индустриското производство тие странски инвеститори.

Буџетот секој пат е слика, фактички за економската политика која што ја води една влада, за социјалната политика која што ја води оваа Влада, резултат на тие политики на оваа Влада, согласно буџетите кои што ги носи последните години, очигледно се многу, многу лоши, согласно резултатот кој што го гледаме како рангирани по сиромаштија во Европа. Буџетот 2013 година, овде стана дискусија пред неполн еден час, беше донесен во една незаконска, неуставна, нетранспарентна, не деловничка атмосфера, еве тогаш имавме предлози да ние со еден амандман се расчистат тие непродуктивни трошења и сето тоа се лоцира во нешто што ќе биде продуктивно, квалитетно, што ќе биде во капитални инвестиција. Еве, почитувани граѓани оваа година и за овој Буџет 2014 година, сепак не успеавме, ние како пратеници да ги исполниме нашите уставно загарантирани права, а тоа е да предлагаме амандмани, да ги објаснуваме тие амандмани, да се бориме за тие амандмани, се во интерес на граѓаните на Република Македонија или граѓаните кои што не гласале да бидеме овде. Тоа уставно загарантирано право не ни беше овозможено, така да можеби повеќе од 50% од амандманите кои што ни беа предложени не успеавме да ги продискутираме на Комисијата за финансирање и буџет. Дали сме ние претставници на граѓаните се прашуваме, бидејќи не можеме да ги исполниме нивните очекувања и да сето она што со средбите со нив, тие ни го лоцирале како проблем, како нешто што треба итно да се реши, ни беше одземено како право овде да го изнесеме и да зборуваме за тоа.

Јас ќе кажам, иако имаше една наша колешка кој што пред тоа зборуваше за земјоделието, ќе кажам, за неколку амандмани кои што баш токму во делот на земјоделството кое што е омилена област на оваа Влада, со која што се занимава голем дел од нашето население, зборуваше но не успеавме тие амандмани да ги презентираме, можеби нешто да се усвои да можат граѓаните да слушнат дека нивните желби за подобро,

поквалитетно земјоделско производство за подобар, поквалитетен пласман на земјоделските производи се реализираат онака како што треба. Инаку, нема да зборувам за тоа дека во извештајот на Европската комисија пишуваше дека не сме ги платиле ветеринарните станици кои што се грижат за здравјето и безбедноста на животните, бидејќи тоа не го најдов во овој Буџет дека ќе го завршиме во 2014 година, нема да зборувам дека никој не одговараше во тоа Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство затоа што изгуби 7,5 милиони евра од ИПАР средствата поради некоја административна неспособност, иако сто пати бил на едукација на секаде, па и во Брисел, нема да зборувам дека субвенциите не се исплатени, дека Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој е најзатворената агенција во Република Македонија низ кое што поминаа, дури и денеска министерот се фалеше, историски ќе поминат 140 милиони евра историски највисока сума до сега во историјата на Република Македонија. Таа агенција е недостапна. Не можеш да разбереш ни кога дава пари, ни кому дава пари, ни кому дава, ниту функцијата претседател на Комисија за земјоделство, ниту заменик претседател, ниту цела Комисија, не може да дојде до таков топ сикрет, што се вели податок од таа агенција, но ние се обидовме со поднесување на амандмани да помогнеме на тие наши земјоделци, ќе бидам краток во тој дел. Имавме 4 амандмани. Првиот амандман се однесување на зелена нафта или 50% поевтина нафта за земјоделско производство, т.е. обработка на земјоделските површини. Сигурно дека многу ќе се помогнеше со усвојување на еден таков амандман и ние како партија, како СДСМ во својата програма го имаме тоа, сме го имале тоа, пак ќе го имаме и кога ќе дојдеме на власт, сигурно дека ќе го оствариме. Тоа е многу важна работа за земјоделското производство и за квантитетот на земјоделско производство, бидејќи ако не ја обработите површината тогаш нема што да посеете. Имаме хектари илјадници, илјадници хектари не изорани земјоделски површини, токму поради тоа што земјоделците во старт немаат средства да ги изораат тие земјоделски површини.

Вториот амандман го имате во вашата програма на ВМРО ДПМНЕ уште од 2006 година, изградба на откупно дистрибутивни после бербени преработувачки капацитети, ладилници. Сте напишале таму, ќе изградиме во Богданци, ќе изградиме во Росоман, во Кавадарци, Ресен, Струмица, не знам каде, не знам, секаде. За жал, ништо не сте оствариле од тоа. Имавме амандман со кој што сакавме тоа сето да се оствари од аспект на тоа дека треба да ги имаме тие капацитети, за да може да се олесни откупот на земјоделските производи.

Третиот амандман беше за резервен фонд. Тоа беа средства кој што треба да ги има на располагање оваа Влада за да реагира во ситуации кога имаме проблем со откупот, со пласманот на одредени земјоделски производи. Драстичен пример за тоа е пченицата. Дали ќе ги откупите тие земјоделски производи како Влада, ќе бидат во материјални резерви, дали ќе бидат во некои ладилници кои што не ги изградивте за овој период, или во некој преработувачки капацитет, не е важно, важно е дека ќе имате средства да во одредени ситуации кога имаме проблем со пласманот, со откупот на одредени земјоделски производи, сето тоа го расчистиме и го нормализираме, бидејќи да не заборавиме, дека е законска обврска на Владата на Република Македонија, на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, да го регулира пазарот на земјоделски производи. Тоа е нејзина законска обврска. Исто така, имавме и гарантен фонд, средства за искористување на ИПАРД фондовите на Европските неповратни пари. Тоа значи дека, секој кој што не може да обезбеди 50% од тие средства можеше од тој гарантен фонд да земе поволни средства, кредитни средства со кој што ќе ја заврши реализацијата на проектот од ИПАРД програмата, ќе ги земе средствата од Европската унија, после ќе си ги враќа во гарантниот, средствата кои што ги зел од него. Така да тоа ќе се обновува и обновува, целта беше да го подобриме искористувањето на тие неповратни средства од Европската унија.

Исто така, се обидовме со дискусии да навлеземе малку повеќе во делот на наводнувањето. Сите знаеме дека без добро наводнување нема квалитетно и квантитетно земјоделско производство. Тука сме многу слаби, беа кажани бројки од 500 000 хектари обработлива земјоделска површина, ние денес наводнуваме реално од 21 до 22 000 хектари земјоделска површина. Тоа е нула, ништо и токму затоа оваа Влада 7 години не направи апсолутно ништо во тој дел.

Во Буџетот на Република Македонија убаво стои, пари за Злетовица и тука ни беа кажувани како капитални инвестиции. Не, прочитајте малку подобро. Пари за Злетовица се враќање на главнина за кредитот што е земен за изградба на хидросистемот Злетовица, потоа враќање на камати, враќање на главница за хидросистемот Лисиче, враќање на камати и малку инвестиции во системот на наводнување Јужна долина на река Вардар. Тоа што 3 години го гледавме во овие Буџети и во развојните делови, а тоа е мрежа за наводнување на браната Маркова река, Струмичко, брана на раката Коњско – Гевгелиско, брана на река Оризарска – Кочанско, тоа и го нема во Буџетот во 2014 година. Не знам, како може да зборуваме дека оваа Влада ќе инвестира во системите за наводнување. Покрај другото, имавме низа на амандмани кои што требаше да покријат некои основни човечки, нормални функционални работи за граѓаните на Република Македонија. Ние имавме низа на амандмани за водоснадбување за канализациони системи, за нешто што е многу важно, чистење на одводните канали, чистење на речните корита, а не еден наш колега од ВМРО ДПМНЕ да вели дека граѓаните

се криви затоа што каналите се затворени и имаме поплави  и штети, па господинот колега Ромео Тренов, треба да оди и да им објасни на граѓаните кои што го гласе од Ново село и од целиот тој регион од 4-ката зошто сега овие канали пак не се исчистени и зошто тие граѓани кои што го гласале ги затвараат со фрлање на градежен шут. И, нешто што како амандман морам да го спомнам, а беше предложен за општина Струмица, а тоа е гасификацијата на Струмичкото поле или поточно се однесуваше на Куклишкото поле. Тоа поле е на 700-800 метри од Декомпресорската станица за гас која што е изградена во општина Струмица и баравме пари од Владата на Република Македонија да се изгради главна линија до тоа Кулишко поле кое што можеби 80% е покриено со пластеници. Таму се трошат илјадници, илјадници метри кубни огревно дрво за загревање на тие пластеници. Се трошат тони и тони мазут за загревање на тие пластеници и сигурно дека ако се однесеше гас, тоа ќе беше добро и од еколошки аспект за заштита на животната средина, а посебно од економски аспект затоа што ќе имавме производство на 20%, 30% поефтини земјоделски производи кои секако ќе беа по конкурентни на пазарот на земјоделски производи.

Имаше стотици амандмани кои што не се разгледаа, за жал останаа на лист хартија, но ќе сведочат за тоа како размислува и работи оваа Влада и покрај сите предлози на опозицијата во Собранието.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Станковиќ Малиша има реплика, повелете.

Колеги пратеници, да завршиме со репликите и ќе прекинеме со работа.

Повелете господине Станковиќ.

**Малиша Станковиќ:** Ви благодарам претседателе.

Бидејќи е кратко времето, почитуван колега Панче Орцев, да одиме по ред.

Зборувавте за невработеноста, дека таа се зголемувала во Република Македонија. Невработеноста во Република Македонија според Заводот за статистика е 28,8% за разлика од наследените 38%, ако ви одговара, кога ви одговараат податоците од Заводот за статистика ги користите, кога не ви одговараат истите, ги негирате, не е фер.

Втора работа, почитуван колега Панче Орцев, велите дека не сте ги разгледале амандманите, како ќе ги разгледате амандманите кога за еден амандман го образлагаат 6 луѓе од ваша страна по 5,6 саати. Имаше една колешка која зборуваше за реконструкција на мовче 42 минути, нешто што е надлежност на локалната самоуправа. Сега, самите си ги блокирате амандманите после не сте ги разгледале. Зборувавте за 7,39 милиони евра неискористеност од ИПАРД. Вие последен останавте на таа теза за тоа така да зборувате, бидејќи многу добро ви кажаа дека неискористеноста не е заради некаква административна неспособност како што кажавте, туку неискористеноста се работи пред се како што ви кажаа од Европската унија, позитивно е да се искористат средства вистински како што треба, а не по секоја цена, после државата да ги враќа парите со камата.

Почитуван колега, зборувавте за неколку амандмани, зелена нафта, еден ви е од амандманите, нешто кое што се применуваше еден период и доживеа фијаско како што доживеа и фијаско и во Србија и како што веќе во цела Европа не се применува. Кажете ми пример каде оваа зелена нафта функционира. Никаде. Вие се уште со таков амандман настапувате. Понатака, велите за резервен фонд да има, па такви средства да се делат. Сакате да кажете за државен интервенционизам. Тоа ви е тоа резервниот фонд, државен интервенционизам. Понатаму, почитуван колега, велите се обезбедиле некои ситни средства за Јужно вардарска долина, па овде заедно изгласавме закон за 10,5 милиони евра за Јужно вардарска долина. Така ли беше, или сте заборавиле? Тоа се некакви си мали средства одвојува државата да ја гради Јужно вардарска долина. Ве молам почитуван колега. Понатаму зборувате за гасификација. Ова ли е истиот СДСМ кој што кога зборувавме за гасификацијата и договорот кој што Република Македонија го потпиша со Русија и со Гас Пром, толку многу на широко зборуваше како тоа не е добро, како тоа не треба да се потпише, како било овака, како било онака и сега зборувате за гасификација, па сте морале да го истакнете, особено за Струмица многу битно би било.

Почитуван колега, немате никакви аргументи, ловите во празно и во матно и сметам дека за разлика од вас, кога ќе дојде дел од Буџетот ќе се разјасниме кој се позитивните работи за него. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Панче Орцев има контра реплика, повелете.

**Панче Орцев:** Дојдете во Струмица ќе видите што значи гасификација. Не треба друго да ви кажувам ништо. Зелената нафта ја користат сите земји соседи на Република Македонија, Хрватска, Србија, Бугарија, Албанија, ако вие не знаете како тоа да го средите, тоа е ваша работа.

Нели ви е срам никој да не одговара за изгубени 7,5 милиони евра од Европските пари. Треба да ви е срам. Изгубивте неповратни 7,5  милиони евра, ќе изгубите уште, ви кажа Европската комисија, на пат сте уште да изгубите. Не знаете бесповратни средства да земете. Не е коректно да лажете дека по 6 луѓе по 42 минути зборувале за амандман, па Деловникот тоа не го дозволува, како може да зборуваат. Деловникот не дозволува и бевме максимално коректни по еден до двајца зборувавме по амандман.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Колеги пратеници, ве молам.

Тука ја прекинувам седницата.